СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 18 јули 1973
Скопје
Број 28 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 8 дин. Жиро сметка 40100-601-128

295

Врз основа на член 31 став 3 и 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70, 20/71, 35/71 и 34/72), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИНАТА НА СЛЕПИТЕ ЛИЦА — ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР И СЛЕПИТЕ ЛИЦА — ГРАЃАНСКИ ЖРТВИ НА ВОЈНАТА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ

1. Инвалиднината на слепите лица — жртви на фашистичкиот терор и слепите лица — граѓански жртви на војната, се усогласува со движењето на просечните трошоци на животот во Републиката, така што истата се зголемува за 19,4% од 1 јануари 1973 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1671/1
22.VI.1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с.р.

296

Врз основа на член 67 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ТРИ ЧЛЕНА НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

I. За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје, се именуваат:

1. АТАНАС СИМОНОВСКИ, правник во Републичката заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Скопје;
2. МАРИКА СОТИРОВСКА-СЕРВИНИ, педијатар на работа во Медицинскиот центар — Битола,
3. АНИЦА БОЖИНОВА, социјален работник во Центарот за социјална работа.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1619/1
12. VI. 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с.р.

297

Врз основа на член 67 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ — БИТОЛА

I. За членови на Конкурсната комисија за именување на директор на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух — Битола, се именуваат:

1. ПЕРО ДОРАКОВСКИ, директор на Центарот за социјална работа — Битола;
2. ГОРЕ МИХАЈЛОВСКИ, директор на Заедницата за здравствено осигурување — Битола;
3. ИСМЕТ КУРТАГИЌ, стручен соработник во Републичкиот завод за социјални прашања.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1618/1
12. VI. 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с.р.

298

Врз основа на член 67 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

I. За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци во Скопје, се именуваат:

1. ТОМЕ ГЕОРГИЕВСКИ, дипл. правник, пом. управител во Царинарницата — Скопје;
2. м-р ЈАКОВ ЛАЗАРЕВСКИ, наставник на Филозофски факултет во Скопје;
3. ЉУБИЦА КОЧКОВА, социјален работник во Центарот за социјална работа — Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1617/1
12. VI. 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с.р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

98.

Врз основа на член 137 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

СТАТУТ
НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Дел први

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Заедница) е самоуправна интересна заедница на работниците во здружениот труд и на работа кај граѓани, на работните луѓе што се изедначени со работниците во здружениот труд, на лицата што вршат самостојна дејност (во натамошниот текст: осигуреници), како и на уживателите на пензија кои на товар на средствата на Заедницата во која тие, врз основа на принципите на заемност и солидарност, осигуруваат за себе права за случај на старост, инвалидност, опасност од инвалидност и телесно оштетување, а на членовите на семејствата права за случај на нивната смрт, како и други права утврдени со закон и овој статут.

Во рамките на Заедницата се осигуруваат права од пензиското и инвалидското осигурување и на други лица кога тоа е утврдено со закон и овој статут.

Член 2

Заедницата ја врши својата дејност во согласност со закон, други прописи, овој статут и други општи акти.

Во рамките на Заедницата осигурениците и уживателите на пензија самостојно ги уредуваат правата и обврските од пензиското и инвалидското осигурување во согласност со закон и со овој статут.

Заедницата, во согласност со закон, определени прашања во однос на утврдувањето на правата и обврските, како и спроведувањето на осигурувањето ги уредува преку општествено договарање и самоуправно спогодување.

Заедницата членува во Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија.

Член 3

Заедницата е установена со Законот за пензиското и инвалидското осигурување за територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Заедницата има својство на правно лице.

Седиштето на Заедницата е во Скопје.

Заедницата е запишана во Регистарот на деловните организации што се води при Окружниот стопански суд во Скопје.

Член 4

Заедницата има печат во форма на круг со пречник од 2,5 см.

На печатот кружно е испишан називот на Заедницата: „Заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија", а во средината водорамно седиштето на Заедницата „Скопје".

Штембилот на Заедницата е во форма на правоаголник во кој е испишан називот на Заедницата со дополнување на: број, датум и година.

Член 5

Пензиите и другите парични примања од пензиското и инвалидското осигурување задолжително се усогласуваат со економските движења според критериумите и на начин утврдени со закон и овој статут.

Член 6

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се лични права и не можат да се пренесуваат на друг ниту можат да се наследуваат.

Правата од претходниот став не можат да застарат. Правото на исплата на одделни износи на пензија или парични примања од пензиското и инвалидското осигурување определени со закон, овој статут или друг општ акт на Заедницата застаруваат со роковите утврдени со закон.

Стасани, а до смртта на уживателот на пензија неисплатените износи на пензија и други примања можат да се наследуваат.

Ако осигуреникот, односно уживателот на пензија се здобие со право на две или повеќе пензии според Законот за пензиското и инвалидското осигурување или други прописи, може да користи само една пензија по сопствен избор.

Член 7

Губење на правата од пензиското и инвалидското осигурување може да настапи само во случаи определени со закон и овој статут.

Член 8

Средства за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување обезбедуваат: осигурениците — работници и други лица приврзани кон нив, лицата што вршат дејност со самостоен личен труд и други лица за работниците вработени кај нив, како и основните и други организации на здруженот труд, државните органи, задругите, општествените и други организации (во натамошниот текст — организациите).

Во обезбедување на средства за пензиското и инвалидското осигурување учествуваат и општествено-политичките заедници во согласност со закон.

Член 9

Правата на парични примања од пензиското и инвалидското осигурување можат да бидат предмет на извршување најмногу до една третина од примањата, а кога се бара извршување за издржување на деца или други членови на семејството, најмногу до една половина од примањата.

Член 10

Осигурениците и уживателите на пензија ги уредуваат меѓусебните односи во рамките на Заедницата врз самоуправни основи и утврдуваат такви форми на организација и одлучување кои на најцелесообразен начин го овозможуваат нивното учество во определувањето на правата и обврските, како и создавањето и јакнењето на материјалната основа за обезбедување и проширување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 11

Заедницата го обезбедува вршењето на работите во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување на начин утврден со закон, овој статут и други општи акти на Заедницата.

Во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во рамките на Заедницата се обезбедува двостепеност на решавањето во управната постапка и учество во постапката за судска заштита на тие права.

Член 12

Општи акти на Заедницата се: Статутот, правилниците, одлуките, програмите, финансиските планови и друго.

Статутот и другите општи акти на Заедницата со кои се уредуваат правата и обврските се објавуваат во „Службен весник на СРМ", согласно со закон.

Дел втори

ОСИГУРЕНИЦИ

Член 13

Според одредбите на овој статут за сите односно за одделни случаи и права од пензиското и инвалидското осигурување задолжително се осигурени лицата од член 12 и 13 и член 47 до 51 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Заедницата може со Статутот да установи инвалидско осигурување и за други лица, за сите или одделни случаи на инвалидност.

Член 14

Задолжително се осигурени и лицата што вршат самостојни дејности за кои пензиското осигурување е установено со прописите што важеа до денот на почетокот на примената на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и тоа:

1) лица кои вршат самостојна занаетчиска или угостителска дејност, регистрирана според важечките прописи;

2) лица кои вршат самостојна превозничка дејност, регистрирана според важечките прописи;

3) уметници, филмски работници, адвокати, свештеници и верски службеници, истакнати спортисти, артисти, колпортери на печатот и носачи на багаж, како и сите други лица за кои според прописите важечки до 31.XII.1972 година се склучени договори за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

За спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на лицата од претходниот став Заедницата склучува договори со здруженијата и другите асоцијации во кои тие се зачленети.

За лица на кои вршењето на самостојна дејност им е единствено или главно занимање, а чие пензиско и инвалидско осигурување не е установено со прописите што важеа до денот на почетокот на примената на овој закон, Заедницата може да установи пензиско и инвалидско осигурување со договор меѓу Заедницата и професионалната организација во која тие лица се зачленети .

Член 15

За случај на инвалидност и телесно оштетување предизвикани со несреќа на работа или професионално заболување осигурени се и лицата што се наоѓаат на издржување казна односно мерка во казнено-поправните установи или воспитно-поправните домови.

Заедницата и надлежниот орган за извршување на кривичните санкции спогодбено ги определуваат поблиските услови за спроведување на инвалидското осигурување на лицата од претходниот став.

Член 16

Како за случај на инвалидност и телесно оштетување предизвикана со несреќа на работа осигурени се и спортистите, ако не се осигурени по друга основа, кога несреќата ја претрпат на организирани спортски приредби од јавен карактер.

Заедницата со општ акт поблиску ги определува случаите од член 50 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и случаите од претходниот став.

Дел трети

ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. Права од пензиското осигурување

Член 17

Основи за стекнување на права од пензиското осигурување се:

1) старост, и

2) смрт на осигуреникот или уживателот на пензија.

Член 18

Со пензиското осигурување осигурениците ги обезбедуваат следниве права:

1) старосна пензија;

2) семејна пензија на членовите на семејството во случај на смрт на осигуреникот односно уживателот на пензија;

3) заштитен додаток на пензијата;

4) отпратнина на вдовицата;

5) материјално обезбедување на вдовицата, и

6) привремена пензија на југословенските државјани кои се здобиле со право на пензија или инвалиднина кај странски носители на осигурување, но тоа право не можат да го остварат поради тоа што од земјата каде што е здобиено правото не се вршат такви плаќања во Југославија.

1. Старосна пензија

Член 19

Право на старосна пензија осигуреникот добива под условите определени со член 16 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 20

До склучување на општествен договор во смисла на член 16 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување по однос на густината на стажот на осигурувањето ќе се применуваат прописите што биле во сила на 31 декември 1972 година.

Член 21

Старосна пензија може по исклучок да се признае на лица кои имаат особени заслуги на полето на револуционерна, политичка, научна, културна или друга општествена дејност, под услови и на начин одредени со членот 27 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 22

Старосната пензија се определува на начин и во височина определени со одредбите на член 17 до 27 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 23

Заедницата со општ акт го пропишува граничниот износ на најниското пензиско примање и највисоката пензиска основа од која може да се одреди пензија, зависно од степенот на стручната подготовка предвидена за работното место на кое осигуреникот претежно работел во времето од кое се земени личните доходи за одредување на пензиската основа, земајќи ги предвид мерилата и критериумите утврдени со општествените договори и самоуправните спогодби со кои се договараат единствените критериуми за распределба на доходот и личните доходи.

За определување на највисоката пензиска основа од која може да се одреди пензија во смисла на ставот 1 од овој член, работните места на осигурениците се распоредуваат во следниве категории:

1) во I категорија — работните места за кои се бара висока стручна подготовка;

2) во II категорија — работните места за кои се бара виша стручна подготовка односно стручна подготовка на висококвалификуван работник;

3) во III категорија — работните места за кои се бара средна стручна подготовка односно стручна подготовка на квалификуван работник;

4) во IV категорија — работните места за кои се бара нижа стручна подготовка односно стручна подготовка на полуквалификуван (приучен) работник; и

5) во V категорија — работните места за кои не се бара стручна подготовка.

Работните места за кои со општиот акт за систематизација на работните места на организацијата на здруженот труд односно друга организација се бараат алтернативно два или повеќе степени на стручна подготовка, се распоредуваат во соодветна група според степенот на стручната подготовка што се бара за тоа работно место кој е непосредно повисок од најнискиот.

Член 24

При определувањето на износите на највисоките пензиски основи од кои може да се одреди пензија за одделните групи на работни места на осигурениците во смисла на членот 23 од овој статут, Заедницата ќе се придржува за следниве односи изразени во индексни броеви, и тоа:

— за петтата категорија работни места	100
— за четвртата категорија работни места	130
— за третата категорија работни места	160
— за втората категорија работни места	200
— за првата категорија работни места	250

Износот на највисоката пензиска основа за првата категорија работни места не може да биде повисок од 85% од највисокиот личен доход во Републиката утврден со Општествениот договор за распределба на доходот и на личните доходи во стопанството.

Член 25

Во случаите кога работникот во времето од кое се земени личните доходи за одредување на пензиската основа работел на работни места кои според стручната подготовка што се бара за нив спаѓаат во две или повеќе категории на работни места во смисла на одредбите на член 23 од овој статут, највисоката пензиска основа ќе му се определи на тој начин што ќе се утврди пондерираниот просек на највисоките пензиски основи од категориите на работните места на кои тој за тоа време работел. Пондерирањето се врши со земање предвид годините на осигурувањето остварени во тоа време, при што годината во која осигуреникот работел најмалку 6 месеци се зема како цела година на осигурување, а годината во која работел помалку од 6 месеци не се зема предвид.

Стручната служба на Заедницата со стручно упатство ќе го определи начинот на пресметувањето на пондерираниот просек на највисоките пензиски основи од претходниот став.

Член 26

Заедницата со општ акт го определува граничниот износ на најниското пензиско примање, според кој се определува заштитниот додаток на пензијата, во единствен износ.

Заедницата со општ акт определува најнизок износ на пензиите во единствен износ за сите видови и категории на пензии, кој не може да биде повисок од 85% од минималниот личен доход на работниците во Републиката.

Член 27

За утврдување на пензиската основа не се земаат предвид:

1) износите што работникот ги примил како личен доход, а кои не се остварени по основите и мерилата утврдени за неговото работно место, односно за работното место на кое бил привремено распореден со општиот акт за распределба на личните доходи на основната организација на здруженот труд односно друга организација;

2) наградите за извршување на работи вон редовниот делокруг на работникот на работното место и наградите по основа на посебно признание за долгогодишна работа и слично, без оглед на тоа дали се тие предвидени или не како основа за распределба на личните доходи во општиот акт на организацијата;

3) примањата кои претставуваат надоместок на трошоци;

4) примањата во натура, освен во случајот кога претставуваат составен дел од личниот доход на работникот според одредбите на посебен закон, и тоа најмногу до височината утврдена со тој закон.

Одредбите на општите акти на основните организации на здруженот труд и други организации со кои, независно од основите и мерилата за утврдување на учеството на работникот во распределбата на личните доходи врз основа на резултатите на работата, на работникот му се признава посебно зголемување на учеството во распределбата заради пензионирање или подготовка за пензионирање, не можат да се применуваат во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 28

При утврдувањето на пензиската основа во смисла на одредбите на членот 19 став 1 и 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, вкупниот личен доход остварен со работа во полно, пократко од полното и подолго од полното работно време во една година се сведува на просечен месечен износ кој одговара на личниот доход за полното работно време на работникот.

Износот што одговара на личниот доход за полно работно време во смисла на претходниот став се пресметува на следниов начин: 1) вкупниот износ на личниот доход на работникот што се зема предвид за утврдување на пензиската основа, а кој работникот го примил за една година, се дели со бројот на часовите што тој ги поминал на работа со полно, пократко од полното и подолго од полното работно време; 2) така добиениот износ по час се множи со бројот на часовите на полното работно време во организацијата во периодот во кој се остварени личните доходи. Така добиениот износ на личниот доход за полно работно време се зема како личен доход за утврдување на пензиската основа.

Како полно работно време во смисла на ставот 2 од овој член се зема бројот на часовите на работа во една седмица или во подолг период утврден со пропис односно со општ акт на организацијата.

Член 29

Ако работникот се наоѓа истовремено во работен однос со повеќе организации на здруженот труд и други организации со неполно работно време, чиј збир на работни часови изнесува полно работно време, повеќе од полното работно време, или најмалку половина од полното работно време, за определување на пензиската основа се зема личниот доход остварен кај сите организации пресметан на полно работно време сообразно со одредбите на членот 28 од овој статут.

Член 30

Како личен доход за утврдување на пензиската основа на работниците што се упатени на работа во странство од југословенските основни организации на здруженот труд и други организации, а кои за тоа време останале осигуреници на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата (деташирани работници) се зема основата утврдена за такви случаи со општ акт на Заедницата.

На работниците кои остваруваат право на пензија врз основа на меѓународни конвенции за социјално осигурување, чие последно вработување било во странство, за утврдување на пензиската основа се земаат соодветни основици во постојан износ пропишани со одлука на Заедницата за утврдување на основиците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување на лицата вработени во странство, зависно од нивната стручна подготовка.

Член 31

За утврдување на пензиската основа од која се одредува право на пензија за осигурениците од член 23 став 2 и за лицата од член 176 став 2, 3 и 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и за лицата од член 176 став 1 од истиот закон кои не оствариле личен доход за најмалку три години во периодот од 1 јануари 1965 година до 31 декември 1972 година, се определуваат основи зависно од стручната подготовка што тие осигуреници односно лица ја имаат, во проценти од просечниот личен доход на работниците во Републиката остварен во претходната година, пред годината на пензионирањето, и тоа:

— за висока стручна подготовка 120%;

— за виша стручна подготовка односно стручна подготовка на висококвалификуван работник 110%;

— за средна стручна подготовка односно стручна подготовка на квалификуван работник 100%; и

— за сите останати степени на стручна подготовка, како и за лица без стручна подготовка 70%.

На лицата од член 176 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување кои во периодот од 1 јануари 1965 година до 31 декември 1972 година оствариле личен доход за најмалку три години пензиската основа ќе им се определи според просекот на остварените лични доходи сведени на ниво на претпоследната година на осигурувањето.

Член 32

Старосната пензија се пресметува од пензиската основа во проценти одредени зависно од должината на пензискиот стаж и изнесува:

1) за осигуреник — маж за 15 години пензиски стаж 35 отсто од пензиската основа, со тоа што за секоја натамошна навршена година на стаж се зголемува за по 2 отсто од пензиската основа;

2) за осигуреник — жена за 15 години пензиски стаж 40 отсто од пензиската основа, со тоа што за секоја натамошна навршена година на стаж до навршени 20 години стаж се зголемува за по 3 отсто, а за секоја навршена година на стаж преку 20 години стаж за по 2 отсто од пензиската основа.

Процентите за одделните години на навршениот пензиски стаж (став 1) се:

за пензиски стаж од	на осигуреникот маж	на осигуреникот жена
15 години	35	40
15 години и 6 месеци	36	41,5
16 години	37	43
16 години и 6 месеци	38	44,5
17 години	39	46
17 години и 6 месеци	40	47,5
18 години	41	49
18 години и 6 месеци	42	50,5
19 години	43	52
19 години и 6 месеци	44	53,5
20 години	45	55
20 години и 6 месеци	46	56
21 година	47	57
21 година и 6 месеци	48	58
22 години	49	59
22 години и 6 месеци	50	60
23 години	51	61
23 години и 6 месеци	52	62
24 години	53	63
24 години и 6 месеци	54	64
25 години	55	65
25 години и 6 месеци	56	66
26 години	57	67
26 години и 6 месеци	58	68
27 години	59	69
27 години и 6 месеци	60	70
28 години	61	71
28 години и 6 месеци	62	72
29 години	63	73
29 години и 6 месеци	64	74
30 години	65	75
30 години и 6 месеци	66	76
31 година	67	77
31 година и 6 месеци	68	78
32 години	69	79
32 години и 6 месеци	70	80
33 години	71	81
33 години и 6 месеци	72	82
34 години	73	83
34 години и 6 месеци	74	84
35 години	75	85
35 години и 6 месеци	76	—
36 години	77	—
36 години и 6 месеци	78	—
37 години	79	—
37 години и 6 месеци	80	—
38 години	81	—
38 години и 6 месеци	82	—
39 години	83	—
39 години и 6 месеци	84	—
40 години	85	—

2. Семејна пензија

Член 33

Во случај на смрт на осигуреникот односно на корисникот на старосна или инвалидска пензија, со право на семејна пензија се здобиваат:

1) брачниот другар;

2) децата (родени во брак или надвор од брак, посвоени и посиноци), внучињата, браќата и сестрите и другите деца без родители што ги издржувал осигуреникот;

3) родителите (татко и мајка, очув и маќеа и посвоителите) што ги издржувал осигуреникот.

Како деца без родители во смисла на точката 2 од претходниот став се сметаат и децата кои имаат еден или обата родители, а тие се трајно и наполно неспособни за работа.

Другите деца без родители во смисла на точката 2) од ставот 1 од овој член се здобиваат со право на семејна пензија под условите пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут, ако осигуреникот односно уживателот на старосна или инвалидска пензија го издржувал во своето домаќинство најмалку една година пред својата смрт, или за пократко време ако смртта е причинета со несреќа на работа или надвор од работата.

Член 34

За здобивање право на семејна пензија во смисла на одредбите од членот 31 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување за брачниот другар и децата на осигуреникот родени во брак или надвор од брак, посвоени и посиноци постои претпоставка дека осигуреникот ги издржувал.

Собранието на Заедницата со општ акт поблиску ги определува условите под кои се смета дека осигуреникот ги издржувал внучињата без родители, браќата и сестрите и други деца без родители и родителите.

Член 35

Членовите на семејството на осигуреникот од членот 33 од овој статут се здобиваат со право на семејна пензија под услови утврдени со член 32 до 38 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Право на семејна пензија има вдовица кога детето на осигуреникот е родено по смртта на осигуреникот, со тоа што тоа право ѝ следува од денот на смртта на осигуреникот.

3. Други права од пензиското осигурување

Член 36

Вдовица која не наполнила 45 години живот до смртта на брачниот другар, а не се здобила со право на семејна пензија по друга основа и не е во работен однос ниту врши самостојна дејност — има право на отпремнина (член 42 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување), ако се исполнети општите услови за право на семејна пензија.

Отпремнината на вдовицата од претходниот став се определува во височина од шестмесечниот износ од семејната пензија што би ѝ припаѓала да се здобила со право на пензија, но не може да биде повисока од тројниот износ на просечниот личен доход во Републиката остварен во претходната година. Ако вдовицата ги исполнува условите за добивање право на заштитен додаток вкупниот износ на отпремнината не може да биде помал од двојниот износ на просечниот личен доход во Републиката остварен во претходната година.

Отпремнината се исплатува во шест месечни рати, а исплатата почнува од првиот ден на наредниот месец од смртта на осигуреникот односно уживателот на пензија.

Исплатата на отпремнината на вдовицата се запира од денот кога ќе ги исполни условите за добивање право на старосна, инвалидска и семејна пензија, односно од денот кога ќе стапи во работен однос или започне да врши самостојна дејност.

Член 37

Вдовица која не се здобила со право на семејна пензија поради тоа што не ги исполнува пропишаните посебни услови за здобивање со право на семејна пензија (член 33 и 43 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување) — има право на материјално обезбедување.

Материјалното обезбедување од претходниот став ѝ припаѓа на вдовицата под услов да се пријави за вработување кај надлежниот завод за вработување на работници во рок од 90 дена од смртта на осигуреникот односно уживателот на пензија и да ги исполнува условите на имотниот census според прописите со кои на лицата привремено вон работен однос им следува право на паричен надоместок.

Материјалното обезбедување изнесува толку колку што би изнесувала семејната пензија по смртта на брачниот другар, но не може да биде повисоко од 50% од просечниот личен доход остварен во Републиката во календарската година пред годината во која настапила смртта на брачниот другар.

Материјалното обезбедување на вдовицата ѝ следува за време од две години сметано од првиот ден на наредниот месец по смртта на осигуреникот односно уживателот на пензија. Исплатата на материјалното обезбедување ја врши стручната служба која врши исплатување на пензиите.

Правото на материјално обезбедување се остварува по барање на вдовицата, при што ако барањето е поднесено во текот на исплатата на отпремнината, материјалното обезбедување се исплатува од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој завршила исплатата на отпремнината, а ако барањето е поднесено по тоа, правото на материјално обезбедување следува од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето, и најмногу за 6 месеци наназад од тој ден, така што правото на материјално обезбедување не следува за времето за кое е исплатувана отпремнина на вдовицата.

На вдовицата ѝ престанува правото на материјално обезбедување од причините наведени во член 36 став 4 од овој статут, како и во случаите:

— ако стапи во нов брак;

— ако престане да ги исполнува условите на имотниот census според ставот 2 од овој член;

— ако престане уредно да се пријавува кај надлежниот завод за вработување на работниците, и

— ако не прифати вработување што ќе ѝ го понуди заводот за вработување, а кое одговара на нејзината стручна подготовка и здравствена состојба.

Член 38

На југословенските државјани кои со соодветни исправи ќе докажат дека кај странски носител на пензиско и инвалидско осигурување се здобиле со право на старосна, семејна или инвалидска пензија, или инвалиднина, а тоа право не можат да го остварат поради тоа што од земјата во која тоа право е здобиено не се вршат такви плаќања во Југославија, им припаѓа право на привремена пензија или инвалиднина во височина која според југословенскиот пресметковен курс за валутата на односната земја одговара на височината на пензијата или инвалиднината во таа земја на денот на поднесувањето на барањето.

Износот на привремената пензија или на инвалиднината одредена според претходниот став не може да биде повисок од граничниот износ на најниското пензиско примање во Републиката.

Лицата од став 1 од овој член имаат право на заштитен додаток на пензијата под услови пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 39

Привремена пензија односно инвалиднина од член 38 од овој статут се исплатува за време додека нејзиниот уживател не почне да го остварува здобиеното право од странскиот носител на осигурувањето.

Член 40

Уживателот на привремена пензија или инвалиднина од член 38 од овој статут е должен да ги врати одеднаш вкупно примените износи на пензијата односно инвалиднината веднаш кога почне да ја остварува пензијата односно инвалиднината од странскиот носител на осигурувањето, и тоа во валутата на земјата во која пензијата односно инвалиднината е остварена.

Пред донесувањето на решението за признавање право на привремена пензија или инвалиднина од член 38 од овој статут се прибавува писмена изјава од подносителот на барањето дека е согласен да постапи според одредбите на претходниот став. За малолетните лица таква изјава дава нивниот законски застапник.

Член 41

Правото на исплата на привремената пензија од член 38 од овој статут следува од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето.

Член 42

Никој не може да прими две или повеќе привремени пензии или инвалиднини од член 38 од овој статут врз основа на две или повеќе права здобиени од странски носители на осигурување.

На лице кое се здобило со право на пензија од југословенски носител на осигурување не може да му се исплатува привремена пензија врз основа на здобиени права од странски носител на осигурување.

На уживател на привремена пензија му се запира исплатата на пензијата за времето додека е во работен однос или врши самостојна дејност.

II. Права од инвалидското осигурување

Член 43

Основи за здобивање со права од инвалидското осигурување се:

1) инвалидност;

2) непосредна опасност од настанување на инвалидност во врска со работа на одредено работно место;

3) телесно оштетување.

Член 44

Во смисла на одредбите на член 55 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се смета:

1) како своја работа — работата на работното место на кое осигуреникот работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста. Ако е за осигуреникот поповолно, по негово барање, како своја работа ќе се смета работата на она работно место на кое осигуреникот работел најмалку две години за последните три години пред настапувањето на инвалидноста;

2) како друга соодветна работа — работата односно работно место на кое инвалидот на трудот е способен со работен напор кој не ја влошува положбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок да работи определено работно време според преостанатата работна способност. При определувањето на другата соодветна работа се зема предвид стручната подготовка и работното искуство на инвалидот на трудот;

3) преостаната способност за вршење на својата работа постои кога осигуреникот е способен со работно напрегање кое не ја влошува положбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок да работи најмалку половина од полното работно време на работното место на кое работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста односно најмалку две години за последните три години работа и тоа без прилагодување за таква работа, односно по завршеното прилагодување, и

4) преостаната способност за вршење на друга соодветна работа постои ако инвалидот на трудот е способен без професионална рехабилитација да работи на друга работа во смисла на точката 2 од овој член со работен напор кој не ја влошува положбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок, најмалку половина од полното работно време, односно ако со професионална рехабилитација може да се оспособи на друга соодветна работа да работи со полно работно време.

Член 45

Заедницата со општ акт одредува под кои услови се смета дека настанала несреќа на работа за случаите од членот 67 став 1 точка 4 до 10 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 46

Со инвалидското осигурување осигурениците ги обезбедуваат следните права:

1) професионална рехабилитација за друга соодветна работа;

2) вработување според преостанатата работна способност;

3) паричен надоместок во врска со професионалната рехабилитација и вработувањето;

4) инвалидска пензија;

5) паричен надоместок за телесно оштетување;

6) додаток за помош и нега, и

7) заштитен додаток.

1. Инвалидска пензија

а) Услови за здобивање со право на инвалидска пензија

Член 47

Осигуреникот се здобива со право на инвалидска пензија под условите од член 62 став 1, член 63 став 1 и член 64 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на овој статут.

Член 48

Со право на инвалидска пензија во смисла на член 62 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и член 37 од Законот за основните права се здобиваат осигурениците кога станат:

1) инвалиди на трудот од III категорија на инвалидност кои се неспособни за вршење на својата работа а без претходна професионална рехабилитација не се способни за вршење на друга соодветна работа, на кои според овој статут не им се обезбедува професионална рехабилитација поради тоа што се постари од 45 години (мажи) односно постари од 40 години (жени);

2) инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност способни за работа на друга соодветна работа без професионална рехабилитација на кои според овој статут не им се обезбедува право на вработување затоа што се постари од 55 години (мажи) односно постари од 50 години (жени);

3) инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност оспособени со професионална рехабилитација за работа на друга работа, кај кои по навршувањето на 40 години живот, односно кај инвалидите — слепи без оглед на годините на животот, поради настаната промена во положбата на инвалидноста настапи губење на способноста за работа на работата за која се рехабилитирани, ако не се способни за работа на друга соодветна работа без повторна професионална рехабилитација;

4) инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност учесници во Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година, како и учесници во Шпанската граѓанска војна кои поради настанатата инвалидност не можат да ја вршат својата работа со повеќе од половина од полното работно време, без оглед дали можат да работат на друга соодветна работа со професионална рехабилитација или без таква рехабилитација.

Член 49

Осигуреникот кај кого инвалидноста од I категорија настапила пред наполнети 30 години живот се здобива со право на инвалидска пензија под следниве услови:

1) осигуреник кај кого инвалидноста настапила пред наполнети 20 години живот — ако на денот на настапувањето на инвалидноста бил во работен однос и имал вкупно најмалку една година стаж на осигурување;

2) осигуреник кај кого инвалидноста настапила пред наполнети 30 години живот а кој со школување по наполнувањето на 20 години живот се здобил со стручна подготовка на квалификуван или висококвалификуван работник, односно средна стручна подготовка или стручна подготовка повисока од оваа, а не ги исполнува општите услови за здобивање со право по член 63 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување — ако наполнил најмалку една година стаж на осигурување и на денот на настапувањето на инвалидноста бил во работен однос или бил осигурен по друга основа.

Кога на осигуреникот од претходниот став една третина од работниот век му изнесува помалку од три години, а вкупниот пензиски стаж му е помал од три години, осигуреникот се здобива со право на инвалидска пензија ако наполнил стаж на осигурување од најмалку една година и ако на денот на настапувањето на инвалидноста бил во работен однос односно имал друго својство по основа на кое бил осигурен.

Член 50

При определувањето на времето во кое мора да биде наполнет определен стаж на осигурување во смисла на член 63 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се применат одредбите од членот 20 од овој статут, со тоа

што во тоа време не се смета и времето во кое осигуреникот бил на отслужување на военото рок или на воена вежба во Југословенската народна армија.

На осигуреник кој пред стапувањето во работен однос вршел некоја од самостојните професионални дејности или друго занимање вон работен однос, а тоа време се смета во посебен стаж во смисла на член 106 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, и кој го навршил пропишаниот стаж на осигурување (член 16 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување), но не го навршил пропишаниот пензиски стаж од член 63 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ќе му се признае во пензиски стаж за стекнување на права од пензиското и инвалидското осигурување, од времето што го поминал порано во вршење на самостојна дејност односно занимање вон работен однос, онолку време колку му недостасува за навршување на потребниот пензиски стаж.

Член 51

Кога пред стапувањето во работен однос кај осигуреникот постоело телесно оштетување кое не влијаело на неговата работна способност па подоцна настапила инвалидност на која влијаело и ова телесно оштетување, право по основа на таква инвалидност осигуреникот добива само ако стажот на осигурувањето од пензискиот стаж од членот 63 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на која влијаел и военото инвалидитет од војната односно мирновременото воен инвалидитет — се здобиваат со права и кога како инвалиди наполниле пензиски стаж и густина на стажот од членот 63 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во работен однос со скратено работно време кое одговара на нивната преостаната работна способност според наодот и оценката на надлежната инвалидска комисија.

Член 52

Осигуреник кај кого настапи инвалидност пред да ги исполни условите на стажот на осигурувањето и пензискиот стаж пропишани за здобивање со право од инвалидското осигурување, може подоцна да се здобие со право од инвалидското осигурување ако дополнително ги исполни условите по однос на стажот предвиден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут. Ова право припаѓа ако на денот кога ги исполнил условите сè уште постои инвалидност.

Член 53

Инвалид на трудот кој се здобил со право на професионална рехабилитација или право на вработување на соодветна работа и го користи здобиено право, кај кого настапи влошување на порано утврдената инвалидност или нов случај на инвалидност по основа на кој може да се оствари право на инвалидска пензија според членот 47 од овој статут, се здобива со право на инвалидска пензија без оглед на тоа дали во денот на настапувањето на влошувањето на инвалидноста односно новиот случај на инвалидност ги исполнува условите по однос на стажот за остварување на инвалидска пензија.

Член 54

На уживателите на привремена инвалидска пензија кои се вработат според преостанатата работна способност, по престанокот на работниот однос, времето поминато на работа им се смета во пензиски стаж за процентуално зголемување износот на пензијата.

Ако вработувањето од претходниот став трае најмалку три години, по барање на уживателот на пензијата, наместо процентуалното зголемување на пензијата, ќе му се определи нов износ на инвалидска пензија. Новата пензија ќе му се определи од пензиската основа во која се пресметуваат и личните доходи остварени по пензионирањето.

Член 55

Инвалидите на трудот од II и III категорија на инвалидност кои се здобиле со право на инвалидска пензија според членот 62 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и членот 48 од овој статут ако стапат во работен однос и работат со работно време што одговара на преостанатата работна способност, можат врз основа на таквата работа да се здобијат со право на старосна пензија според соодветните одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 56

Осигурениците кои во времето на настапувањето на инвалидноста ги исполнуваат и условите за инвалидска пензија и условите за старосна пензија според Законот зо пензиското и инвалидското осигурување можат, по сопствен избор, да остварат право на инвалидска пензија или право на старосна пензија.

Член 57

Инвалидите на трудот од III категорија на инвалидност кои се здобиле со право на професионална рехабилитација, односно инвалидите на трудот од II и III категорија на инвалидност кои се здобиле со право на вработување на соодветна работа, не можат по основа на таа состојба на инвалидност да се здобијат со право на инвалидска пензија кога ќе наполнат години на живот со кои инвалидите на трудот од II и III категорија на инвалидност се здобиваат со тоа право во случаите од членот 48 точка 1 и 2 од овој статут.

Член 58

Уживател на старосна пензија добиена врз основа на пензиски стаж од 40 години (маж) односно 35 години (жена), како и уживател на старосна пензија кој наполнил 60 (маж) односно 55 (жена) години живот, може врз основа на работниот однос во својство на уживател на старосна пензија да се здобие со право на инвалидска пензија само во случај на инвалидност предизвикана со несреќа на работа или професионална болест.

Уживател на старосна пензија добиена врз основа на пензиски стаж помалку од 40 години (маж) односно 35 години (жена), кој е помлад од 60 години (маж) односно од 55 години (жена), може врз основа на работниот однос да се здобие со право на инвалидска пензија во случај на инвалидност предизвикана со болест или повреда надвор од работата, несреќа на работа или професионална болест.

Член 59

Ако уживателот на старосна или семејна пензија се здобие со право на инвалидска пензија, или ако уживателот на инвалидска пензија се здобие со право на старосна или семејна пензија, може да ужива само една од тие пензии, по сопствен избор.

Ако осигуреникот за ист случај на инвалидност добие право на инвалидска пензија по Законот за пензиското и инвалидското осигурување и право на инвалиднина по прописите за мирновремените воени инвалиди, може да ужива само едно од тие права, по сопствен избор.

б) Пензиска основа и височина на инвалидската пензија

Член 60

Инвалидската пензија се определува од пензиска основа и во височина пропишана со одредбите на член 70 до 79 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на овој статут.

Член 61

За утврдување на пензиската основа од која се одредува инвалидска пензија за осигурениците односно лицата од членот 70 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, зависно од стручната подготовка што таквите осигуреници односно лица ја имаат или за која се подготвуваат, се применуваат одредбите на членот 31 од овој статут.

Член 62

Привремената инвалидска пензија од член 73 став 1 точка 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се одредува во проценти од инвалидската пензија зависно од сразмерноста помеѓу работниот век и вкупно навршениот пензиски стаж, и тоа во височина:

1) од 90% — ако вкупниот пензиски стаж изнесува најмалку 3/4 од работниот век;

2) од 80% — ако вкупниот пензиски стаж изнесува помалку од 3/4 од работниот век.

По смртта на уживателот на привремена инвалидска пензија, како основа за одредување семејна пензија се зема инвалидската пензија која на уживателот му припаѓала во часот на смртта како на инвалид на трудот од I категорија на инвалидност.

Член 63

На уживателите на инвалидска пензија инвалиди на трудот од I категорија на инвалидност, кај кои инвалидноста настапила пред наполнети 60 (маж) односно 55 (жена) години на живот, а чија пензија определена врз основа на пензискиот стаж изнесува помалку од 85% од пензиската основа, им припаѓа заедно со инвалидската пензија и додаток на инвалидност што се определува во проценти од износот на пензијата зависно од сразмерноста помеѓу работниот век и вкупниот пензиски стаж на осигуреникот.

Додатокот на инвалидноста изнесува:

% од износот на пензијата	ако вкупниот пензиски стаж изнесува
20	— 3/4 или повеќе од работниот век;
15	— половина или повеќе од работниот век;
10	— помалку од половината од работниот век.

На уживателите на пензија на кои пензијата им се пресметува според член 65 став 1 од овој статут, додатокот на инвалидност се определува врз вкупниот износ на пензијата според пензискиот стаж навршен до денот на инвалидноста.

Додатокот на инвалидност заедно со инвалидската пензија не може да биде поголем од 85% од пензиската основа.

Додатокот на инвалидност е составен дел на инвалидската пензија и се зема предвид и кога инвалидската пензија служи како основа за определување на семејна пензија.

Член 64

На осигурениците кои по наполнети 20 години живот биле на редовно школување и со такво школување се здобиле со виша или висока стручна подготовка, времето поминато на школување ќе им се земе предвид при одредувањето на работниот век во врска со правата од инвалидското осигурување според Законот за пензиското и инвалидското осигурување така што работниот век ќе се смета од навршени 23 години на живот за осигурениците кои се здобиле со виша стручна подготовка односно 25 години на живот за осигурениците кои се здобиле со висока стручна подготовка.

Член 65

Височината на инвалидската пензија која припаѓа според член 78 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се определува така што претходно се одредува износот на инвалидската пензија која би припаѓала во случај вкупната инвалидност да била предизвикана со несреќа на работа или професионална болест и износот на инвалидската пензија која би припаѓала во случај вкупната инвалидност да била предизвикана со болест или повреда надвор од работата. Од секој така пресметан износ се зема дел кој одговара на процентот на влијанието на одделните причини за инвалидноста на вкупната инвалидност. Збирот на така добиените износи, но најмногу до износот од 85% од пензиската основа, ја чини инвалидската пензија.

Во случаите кога инвалидноста е предизвикана делумно со несреќа на работа или професионална болест а делумно со болест или повреда надвор од работата (член 71 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување), ако не се исполнети условите за добивање право на пензија по основа на инвалидност поради болест или повреда надвор од работата според членот 63 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување инвалидската пензија се определува само во височина на делот на пензијата што според одредбите на претходниот став следува по основа на инвалидноста предизвикана со несреќа на работа или професионална болест.

Ако се утврди дека во инвалидноста од I категорија несреќата на работа односно професионалното заболување повлекува инвалидност од II или III категорија, пензијата се определува, ако е тоа за осигуреникот поповолно, само по основа на инвалидноста од III категорија како последица на несреќа на работа односно професионално заболување, без оглед на возраста.

Височината на пензијата од претходниот став се определува зависно од годините на животот, т.е. до 55 години за жена односно до 60 години за маж како привремена инвалидска пензија во смисла на член 73 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

2. Додаток за помош и нега

Член 66

Право на додаток за помош и нега во смисла на член 80 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување имаат инвалидите на трудот од I категорија на инвалидност односно осигурениците и другите лица на кои поради инвалидноста им е неопходно потребна постојана помош и нега од друго лице затоа што сами не можат да ги задоволуваат своите основни животни потреби, и тоа:

1) инвалид на трудот од I категорија на инвалидност кој се здобил со право на инвалидска пензија и на кого му била потребна помош и нега во часот на настапувањето на инвалидноста од I категорија или таква потреба настанала подоцна поради влошување на инвалидноста или нов случај на инвалидност;

2) осигуреник кој стапил во работен однос како слеп — додека е во работен однос, како и осигуреник кој за време на работниот однос стане слеп — ако остане во работен однос или повторно стапи во работен однос;

3) осигуреник кој стапил во работен однос како лице заболено од дистрофија или сродни мускуларни или невромускуларни заболувања, или како лице заболено од церебрална или детска парализа кај кого постои функционално нарушување предизвикано со тие болести поради кое не може самостојно да се движи — додека е во работен однос, како и осигуреник кој за време на работниот однос заболи од тие болести — ако остане во работен однос или повторно стапи во работен однос;

4) осигуреник или лице кое се здобило со право на старосна пензија — во случаи и под услови од точка 1 на овој став.

Право на додаток за помош и нега од претходниот став не му припаѓа на осигуреник кој такво право остварил по друга основа.

Под работен однос од точка 2 и 3 од став 1 на овој член се подразбира и друго својство кое обврзува на осигурување по член 47 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а под осигуреник односно лице во смисла на точка 2, 3 и 4 од став 1 на овој член се подразбираат осигурените лица од член 48 до 51 од истиот закон.

Осигурениците од точка 2 и 3 од став 1 на овој член го задржуваат правото на додаток за помош и нега и по престанокот на работниот однос или другото својство по основа на кое се осигурени ако се здобиле со право на инвалидска или старосна пензија, или по право на професионална рехабилитација односно право на вработување по одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 67

На уживател на правото на додаток за помош и нега кој е сместен во болница или друга здравствена установа од стационарен тип во која му е обезбедена потребната помош и нега му се запира исплатата на додатокот за време на таквото сместување кое трае подолго од 30 дена.

Одредбите од претходниот став се однесуваат и на слепи деца на осигуреници сместени во установи за професионална рехабилитација.

Член 68

Додатокот за помош и нега припаѓа од денот од кој следува инвалидска односно старосна пензија, ако во време на настанувањето на инвалидноста, односно на денот од кога припаѓа старосна пензија се исполнети условите за здобивање со право на тој додаток. Ако потребата за помош и нега настапи подоцна, додатокот за помош и нега припаѓа од првиот ден на следниот месец по поднесувањето на барањето и за 6 месеци назад, но не порано од денот кога настапила потребата.

Член 69

Додатокот за помош и нега на осигуреникот кој стапил во работен однос како слеп или за време на работниот однос станал слеп, му припаѓа од почетокот на работниот однос односно од настанувањето на слепилото во текот на работниот однос па за сето време на работниот однос, а по престанокот на работниот однос за времето додека му припаѓа право на инвалидска или старосна пензија, или право на професионална рехабилитација односно право на вработување според одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Одредбите од претходниот став се применуваат и на осигурениците заболени од дистрофија или од сродни мускуларни или невромускуларни заболувања, како и на осигурениците заболени од церебрална или детска парализа.

Член 70

Додатокот за помош и нега се определува во височина од 70% од граничниот износ на најниското пензиско примање.

3. Паричен надоместок за телесно оштетување

Член 71

Осигурениците се здобиваат со право на паричен надоместок за телесно оштетување под условите предвидени во член 82 до 86 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на овој статут.

Член 72

Телесните оштетувања се распоредуваат според нивната тежина во 8 степени, и тоа:

Степен	Телесно оштетување
1	100%
2	90%
3	80%
4	70%
5	60%
6	50%
7	40%
8	30%

Распоредувањето на телесните оштетувања во смисла на претходниот став се врши според Листата на телесните оштетувања утврдена според член 58 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, која е составен дел на овој статут.

Член 73

Паричниот надоместок за телесно оштетување се пресметува зависно од процентот на телесното оштетување во соодветен процент од основата за паричниот надоместок и изнесува:

Ако е телесното оштетување од	Процентот на паричниот надоместок од основата изнесува
1 степен	40%
2 степен	36%
3 степен	32%
4 степен	28%
5 степен	24%
6 степен	20%
7 степен	16%
8 степен	12%

Основата за одредување височината на паричниот надоместок за телесното оштетување изнесува:

а) кога телесното оштетување е предизвикано со несреќа на работа или професионално заболување 500 динари,

б) кога телесното оштетување е предизвикано со болест или повреда надвор од работата 350 динари.

Износите од претходниот став задолжително се усогласуваат секоја година со движењето на просечните трошоци на животот во Републиката во претходната година.

Член 74

Кога телесното оштетување е предизвикано со несреќа на работа или професионално заболување паричниот надоместок припаѓа за сите степени на телесното оштетување, а кога телесното оштетување е предизвикано со болест или повреда надвор од работа паричниот надоместок припаѓа за телесно оштетување од 1 до заклучно 6 степен, во постојан месечен износ.

За телесните оштетувања од 7 и 8 степен кога истите се предизвикани од болест и повреда надвор од работата припаѓа само отпремнина која се исплатува во годишен износ на паричниот надоместок за соодветниот степен на телесното оштетување.

Ако постојат две или повеќе телесни оштетувања вкупниот процент се определува на тој начин што на поголемиот процент се додава, и тоа:

1) за по 20% за секое понатамошно телесно оштетување од VI до I степен (од 50% или повеќе);

2) за по 10% за секое понатамошно оштетување од VII и VIII степен (40% или 30%).

Ако телесните оштетувања постоеле поради различни причини процентот ќе се определи според точката 1 и 2, а паричниот надоместок ќе се определи од основата на поголемиот процент.

Ако двете телесни оштетувања се последица на болест или повреда надвор од работата, а вкупниот процент зголемен на начинот од став 3 од овој член изнесува 40%, ќе се исплати отпремнина според ставот 2 од овој член.

Вкупниот процент на телесното оштетување по точка 1 и 2 не може да изнесува повеќе од 100%.

Член 75

На уживатели на паричен надоместок за телесно оштетување кои се здобиле со тоа право како инвалиди на трудот од I, II и III категорија и уживатели на старосна пензија, во случај на влошување на постојното телесно оштетување или нов случај на телесно оштетување, им се определува паричен надоместок според новиот процент на телесното оштетување.

Во случаите од претходниот став паричниот надоместок за телесно оштетување се определува според степенот на новото телесно оштетување во времето кога е тоа утврдено.

Член 76

На уживателите на паричен надоместок за телесно оштетување кои не се здобиле и со некое друго право од пензиското и инвалидското осигурување, влошувањата на телесното оштетување што настапиле подоцна се земаат предвид за определување нов степен на телесното оштетување и поголем износ на паричниот надоместок на телесното оштетување, и тоа:

1) кога телесното оштетување било предизвикано со болест или повреда надвор од работата — ако во време на настапувањето на влошувањето на телесното оштетување биле осигуреници и ги исполнувале условите на стажот на осигурувањето од членот 63 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување или условите на пензискиот стаж од член 63 став 1 точка 1 од истиот закон;

2) кога телесното оштетување било предизвикано со несреќа на работа или професионална болест — без оглед на условите што се бараат во претходната точка.

Член 77

Ако кај осигуреникот кај кој порано настапило телесно оштетување под 30% кое не е предвидено во Листата на телесните оштетувања дојде до влошување така што новото оштетување изнесува 30 или повеќе проценти, осигуреникот ќе се здобие со право на надоместок за телесно оштетување ако ги исполнува условите на пензискиот стаж под кои се стекнува правото на инвалидска пензија.

Нов степен на телесното оштетување од ставот 1 на овој член се одредува врз основа на новата положба на вкупното телесно оштетување.

Ако осигуреник за ист случај на телесно оштетување се здобие со право на паричен надоместок за телесно оштетување по прописите на пензиското и инвалидското осигурување и право на инвалиднина како мирновремен воен инвалид по прописите за воените инвалиди, може да користи само едно од тие права, по сопствен избор.

4. Професионална рехабилитација и вработување

Член 78

Кога инвалидноста е предизвикана со болест или повреда надвор од работата осигуреникот се здобива со право на професионална рехабилитација и вработување:

1) ако наполнетиот пензиски стаж на осигуреникот покрива најмалку 2/3 од работниот век, или

2) ако наполнетиот пензиски стаж на осигуреникот покрива помалку од 2/3 а најмалку 1/3 од работниот век, под услов осигуреникот во последните 5 години пред настапувањето на инвалидноста да имал најмалку 30 месеци стаж на осигурување односно 60 месеци стаж на осигурување во последните 10 години пред настапувањето на инвалидноста.

Кога една третина од работниот век изнесува помалку од 3 години, а вкупниот пензиски стаж на осигуреникот е покус од 3 години, осигуреникот се здобива со право ако наполнил стаж на осигурување од најмалку 10 месеци и на денот на настапувањето на инвалидноста бил во работен однос односно имал друго својство по основа на кое бил осигурен.

Осигуреникот кај кого инвалидноста настанала до навршени 20 години живот се здобива со право ако на денот на настапувањето на инвалидноста бил во работен однос и имал најмалку 6 месеци стаж на осигурување.

Осигуреникот кај кого инвалидноста настанала до наполнети 30 години живот а кој со школување по навршени 20 години на живот се здобил со стручна подготовка на квалификуван или висококвалификуван работник односно средна стручна подготовка или стручна подготовка повисока од оваа и работел на работно место кое одговара на здобиената стручна подготовка, а не ги исполнува општите услови за здобивање со право предвидени во став 1 и 2 од овој член, ќе се здобие со право ако има наполнето стаж на осигурување од најмалку 10 месеци и на денот на настапувањето на инвалидноста да бил во работен однос односно да имал друго својство по основа на кое бил осигурен.

Член 79

Кога инвалидноста е предизвикана со несреќа на работа или професионална болест правото на професионална рехабилитација и вработување се здобива без оглед на должината на пензискиот стаж.

Осигуреник кај кого инвалидноста настанала во врска со учество на младинска работна акција организирана на логорски начин се здобива со право на професионална рехабилитација и вработување без оглед на пензискиот стаж и стажот на осигурувањето.

Член 80

Право на професионална рехабилитација имаат осигурениците кај кои настапи инвалидност од III категорија пред да се наполнети определени години на живот, и тоа: мажи 45 а жени 40 години, ако според состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност и стручната подготовка може да се оспособат за работа на друга соодветна работа со полно работно време пропишано за таа работа.

Право на професионална рехабилитација може да се одобри и на инвалидите на трудот од II категорија на инвалидност доколку надлежната служба на Заедницата оцени дека оспособувањето може да се постигне за пократко време и дека тоа е целисходно и тоа со оглед на можностите за вработување, стручноста и годините на животот на осигуреникот, може да одобри професионална рехабилитација да се изврши и кога осигуреникот односно инвалидот на трудот може да се оспособи за работа со скратено работно време. Ова одобрување може да се даде само ако инвалидот на трудот се оспособува за работа со најмалку половина од полното работно време, и ако инвалидот на трудот не ги наполни годините на животот од ставот 1 на овој член.

Доколку надлежната служба на Заедницата оцени дека оспособувањето може успешно да се постигне за покусо време за работа на друга соодветна работа со полно работно време и дека е тоа целисходно со оглед на можностите за вработување, стручноста и општото образование и годините на животот на осигуреникот, професионална рехабилитација може да се одобри и кога осигуреникот стане инвалид од III категорија на инвалидност пред да исполни 50 (маж) односно 45 (жена) години на живот.

Постапката за остварување на правото на професионална рехабилитација во смисла на став 2 и 3 од овој член се покренува по барање на осигуреникот.

Член 81

Професионална рехабилитација се врши:

1) под општи услови:

— со практична работа на соодветно работно место во работните организации, општествено-политичките организации и кај приватни работодавци.

На ваков начин се оспособуваат инвалидите на трудот кои според состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност и општата здравствена состојба можат да се оспособат со работа под исти услови како и другите работници. Ако е тоа потребно средствата за работа (алати, машини и други уреди) на соодветни работни места се прилагодуваат според посебните потреби и можности на инвалидите на трудот;

2) под посебни услови:

— со практична работа односно изучување на определено занимање во посебно организрани организации на здружениот труд за спроведување на професионална рехабилитација или за вработување (во натамошниот текст заштитни работилници). На ваков начин се оспособуваат инвалидите на трудот кои според состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност и својата општа здравствена состојба не може да се оспособуваат за работа на начин предвиден во точката I од овој став;

— со изучување на определено занимање или работа во посебни основни и други организации на здружениот труд за рехабилитација на инвалидите;

— со школување или стручно оспособување во соодветни училишта и курсеви;

— со здобивање стручна подготовка преку установи за образование на возрасните — според посебни прописи.

Во рамките на професионалната рехабилитација се врши и прилагодување на инвалидите на трудот за работата за која со рехабилитацијата се оспособени, кога е потребно на таа работа да можат со нормален работен напор да остварува потребен учинок.

Професионалната рехабилитација и прилагодувањето на инвалидите на трудот се врши под стручен надзор на здравствената работна организација која обезбедува здравствена заштита на лицата вработени во организацијата во која се врши рехабилитацијата.

Член 82

Инвалид на трудот кој се здобил со право на професионална рехабилитација го губи тоа право ако не го користи во определениот рок, а за тоа не бил спречен од причини што се надвор од неговата волја, и тоа:

1) ако не стапи на професионална рехабилитација во рок од 6 месеци од денот кога му е доставено решението за упатување на професионална рехабилитација;

2) ако не стапи на професионална рехабилитација во рокот определен со решението за повторно упатување на рехабилитација во смисла на одредбите од член 95 став 3 точка 2 од овој статут.

Правото на професионална рехабилитација го губи инвалидот на трудот ако ја прекрати започнатата професионална рехабилитација или ако со неизвршување на должностите врзани за спроведување на рехабилитацијата го оневозможува своето оспособување за работа.

Инвалид на трудот кој го загубил правото од ставот 1 на овој член не може по основа на истата инвалидност или влошување на таа инвалидност одново да се здобие со право на професионална рехабилитација и право на материјално обезбедување во врска со рехабилитацијата.

Член 83

Инвалид на трудот кој се здобил со право на професионална рехабилитација и кој на пропишан начин се здобил со стручна подготовка за својата работа се оспособува за работа на соодветно друго работно место односно работа за која е потребна стручна подготовка што одговара на категоријата на работното место на кое инвалидот на трудот работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста.

Инвалид на трудот кој се здобил со право на професионална рехабилитација, а нема на пропишан начин здобиена стручна подготовка за својата работа, се оспособува за работа на друга соодветна работа за која се бара стручна подготовка што одговара на категоријата на работното место на кое работел.

Член 84

Инвалидот на трудот кој непосредно пред настапувањето на инвалидноста работел на работно место за кое не се бара стручна подготовка, а со оглед на преостанатата работна способност, годините на животот, наклоностите, работното искуство и слично, се здобива со право на професионална рехабилитација за оспособување по пат на приучување за вршење на определени работи.

Инвалидите на трудот од III категорија на кои им е признато право на професионална рехабилитација во смисла на претходниот став, не може да се здобијат со право на инвалидска пензија ако на денот на инвалидноста се постари од 45 години (мажи) односно 40 години (жени).

Инвалидите на трудот осигурени според член 47 став 1 точка 5 и член 49 став 1 точка 1 и 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување кои ќе се здобијат со право на професионална рехабилитација се оспособуваат за работа на работи односно работни места за кои се бара стручна подготовка што одговара на стручната подготовка која тие ја имаат односно за која се оспособуваат.

Оспособувањето за работа за која се бара стручна подготовка пониска од онаа која одговара на работата за која инвалидот на трудот има право да се оспособи според член 83 од овој статут и став 1 и 2 од овој член, може да се врши само со согласност на инвалидот на трудот.

Член 85

Инвалидите на трудот осигурени според член 12 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување кои ќе се здобијат со права на професионална рехабилитација се оспособуваат за работа на друга соодветна работа што одговара на нивната признаена стручна подготовка. Ако таа стручна подготовка е пониска од средна или на неа рамна стручна подготовка, оспособувањето се врши за работно место од III категорија.

Член 86

Под категорија на работно место во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут се подразбира стручната подготовка која е потребна за работа на работно место на кое осигуреникот работи односно за кое инвалидот на трудот се оспособува, и тоа:

1) I категорија — работно место за кое се бара висока стручна подготовка;

2) II категорија — работно место за кое се бара виша стручна подготовка односно стручна подготовка на висококвалификуван работник;

3) III категорија — работно место за кое се бара средна стручна подготовка односно стручна подготовка на квалификуван работник;

4) IV категорија — работно место за кое се бара нижа стручна подготовка односно стручна подготовка на полуквалификуван (приучен) работник;

5) V категорија — работно место за кое не се бара стручна подготовка.

Член 87

Ако со оглед на оддалеченоста на станот на инвалидот од организацијата односно установата во која би можела да се врши професионалната рехабилитација е неопходно потребно користење на превозни средства а инвалидот на трудот според состојбата на инвалидноста и степенот на телесното оштетување не може да користи средства на јавниот сообраќај, а не му е обезбеден посебен превоз, рехабилитацијата му се обезбедува надвор од местото на постојаното живеење, со сместување во местото определено за вршење на рехабилитацијата.

Член 88

Право на вработување на соодветна работа имаат осигурениците кај кои настапи инвалидност од II или III категорија пред да наполниле одредени години на животот, и тоа: мажи 55 а жени 50 години.

Овластената служба на Заедницата може, ако оцени дека со оглед на можностите за вработување, стручната подготовка и годините на животот инвалидот на трудот од претходниот став може успешно да се вклучи на друга соодветна работа без претходна професионална рехабилитација, да одлучи на осигуреникот со негова согласност да му се признае право на вработување и до наполнети 55 години старост (жени) односно 60 години старост (мажи).

На инвалидите на трудот кои со професионална рехабилитација се оспособиле за работа на друга соодветна работа им се обезбедува вработување на работи односно работни места за кои се бара стручна подготовка со која тие се здобиле со професионална рехабилитација и без оглед на годините на животот.

На инвалидите на трудот осигуреници од членот 12 став 1 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување способни за работа на друга соодветна работа без професионална рехабилитација им се обезбедува вработување на работно место за кое се бара стручна подготовка која одговара на нивната призната стручна подготовка, а ако таа подготовка е пониска од средна или на неа рамна стручна подготовка се обезбедува вработување на работно место од III категорија.

Член 89

Одредбите од член 83 до 86 од овој статут ќе се применуваат и при утврдувањето на стручната подготовка односно категоријата на работното место во случаите на обезбедување вработување на соодветни работи односно работни места.

Член 90

Инвалид на трудот кој се здобил со право на вработување го губи тоа право ако по своја вина не го користи во определениот рок и тоа:

1) ако не се пријави кај надлежниот завод за вработување во рок од 6 месеци од денот кога решението за признавање право на вработување станало конечно односно од денот на завршувањето на професионалната рехабилитација;

2) ако во рок од 8 дена не стапи на обезбедената работа од денот од кога е известен дека се упатува на работа;

3) ако без оправдани причини го прекине работниот однос на соодветното работно место кое му е обезбедено.

Инвалид на трудот кој го загубил правото од претходниот став не може по основа на истата инвалидност или подоцнешно влошување на таа инвалидност повторно да се здобие со право на вработување на соодветна работа и право на надоместок што следува во врска со користењето на правото на вработување.

На инвалидите на трудот кои стапиле на обезбеденото вработување на соодветна работа а по своја волја го прекинале тоа вработување ќе им се признае по основа на иста инвалидност или подоцнешно влошување на инвалидноста право на вработување на соодветна работа и право на надоместок во врска со користењето на правото на вработување, ако по прекинот на вработувањето кое им било обезбедено наполнат стаж на осигурување пропишан за стекнување права од инвалидското осигурување во смисла на член 63 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, доколку не ги наполниле годините на живот од членот 88 став 1 од овој статут.

Правото на вработување според овој статут престанува во секој случај со исполнување на условите за добивање право на старосна пензија.

Член 91

Вработување на инвалидите на трудот под општи услови се врши ако според состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност и според општата здравствена состојба инвалидите можат да работат под исти услови како и останатите работници во организациите на здружениот труд и кај приватните работодавци или да вршат дејност по основа на која имаат својство на осигуреник. Ако е потребно, средствата за работа на соодветни работни места се прилагодуваат на посебните потреби и можности на инвалидите на трудот.

Вработување на инвалидите на трудот под посебни услови се врши ако според состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност и според општата здравствена состојба инвалидите не можат да работат под исти услови како и останатите работници. Овие инвалиди се вработуваат во основни и други организации на здружениот труд оспособени за вршење на професионална рехабилитација и вработување на инвалидите на трудот.

Член 92

Инвалидите на трудот кои според состојбата на инвалидноста и степенот на телесното оштетување не можат да користат средства на јавниот сообраќај, нема да се упатуваат на работа во организации односно установи за рехабилитација и вработување на инвалидите ако за одењето на работа и враќањето од работа е неопходна употреба на превозни средства, а не им е обезбеден посебен превоз.

Во случаи од претходниот став инвалидите на трудот можат да се вработуваат така што за сметка на организацијата да работат соодветна работа дома, ако е тоа можно со оглед на организацијата на работата.

Член 93

На инвалидите од II или III категорија инвалидност кои имаат право на вработување на соодветна работа и право на професионална рехабилитација им се обезбедуваат под определени услови следните надоместоци:

1) материјално обезбедување во врска со правото на професионална рехабилитација и прилагодување;

2) привремен надоместок до стапувањето на соодветна работа на која се упатени;

3) надоместок поради вработување со скратено работно време;

4) надоместок поради помал личен доход на друго работно место;

5) надоместок на патни и превозни трошоци;

6) паушални надоместоци.

Надоместоците од точка 3 и 4 од овој член припаѓаат за деновите поминати на работа како и за други денови за кои според посебни прописи припаѓа надоместок на личниот доход.

Член 94

Инвалидите на трудот кои се здобиле со право на профисионална рехабилитација имаат право и на материјално обезбедување од денот на здобивањето со право на рехабилитација односно од денот на настапувањето на инвалидноста до денот на упатувањето на рехабилитација и за времето на вршењето на рехабилитацијата на која се упатени, како и за времето потребно за прилагодување на работа во рамките на професионалната рехабилитација, кога е тоа нужно за да можат да ја вршат својата работа со нормални работни напрегања и со постигање на нормален учинок.

Право на материјално обезбедување за определено време за прилагодување на работа имаат и инвалидите на трудот способни за работа на својата или друга соодветна работа без професионална рехабилитација на кои по завршеното лекување односно медицинска рехабилитација им е потребно претходно прилагодување за работа за својата или друга работа.

Времето потребно за прилагодување за работа на инвалидот на трудот од претходниот став го утврдува овластената стручна служба, по претходно прибавено мислење од организацијата која врши медицинска рехабилитација, но не може да биде подолго од три месеци.

Право на материјално обезбедување припаѓа и за времето додека инвалидот односно осигуреникот бил спречен да ја користи професионалната рехабилитација поради болест или други причини поради кои според прописите за здравственото осигурување се признава право на надоместок на личниот доход за време на привремената спреченост за работа.

Член 95

Материјалното обезбедување на кое инвалидот на трудот има право до стапувањето на професионална рехабилитација припаѓа од денот на настапувањето на инвалидноста односно непосредна опасност од настапување на инвалидност па до денот кога на инвалидот на трудот му е врачено решението за професионална рехабилитација. Од тој ден па се до стапувањето на рехабилитација, материјалното обезбедување припаѓа ако инвалидот на трудот стапил на рехабилитација во рокот одреден со решението за упатување на професионална рехабилитација.

Ако инвалидот на трудот не стапи на рехабилитација во одредениот рок, губи право на материјално обезбедување до стапувањето на рехабилитација, освен ако од оправдани причини бил спречен да стапи на рехабилитација.

Материјално обезбедување за времетраењето на професионалната рехабилитација припаѓа на инвалид на трудот:

1) кој стапил на рехабилитација во одредениот рок или стапил подоцна бидејќи од оправдани причини бил спречен да стапи на рехабилитација во одредениот рок;

2) кој изгубил право на материјално обезбедување до стапувањето на рехабилитацијата во смисла на став 2 на овој член, па подоцна се пријавил за повторно упатување на професионална рехабилитација, во рок од една година од денот на доставувањето на првото решение, под услов на професионална рехабилитација да стапи во рокот определен со новото решение за упатување на рехабилитација.

Право на материјално обезбедување припаѓа на инвалидот на трудот и кога во текот на користењето на правото биде упатен на дополнително лекување (медицинска рехабилитација) за време на траењето на таквото лекување.

Член 96

Материјалното обезбедување се определува од основата што ја чини просечниот месечен износ на личниот доход утврден според прописите за матичната евиденција кој инвалидот на трудот го остварил во годината која претходи на годината во која настапила инвалидноста.

Ако инвалидот на трудот воопшто не остварил личен доход или остварил личен доход за помалку од еден месец во претходната година, како основа за материјалното обезбедување се зема просечниот месечен износ на акантацијата на личниот доход која инвалидот на трудот ја примал во тековната година до денот на настапувањето на инвалидноста.

Ако инвалидот на трудот не остварил ни акантација на личен доход, како основа за обезбедување правото на материјално обезбедување се зема претсметковната вредност на основата за личен доход на работното место на кое е распореден според актот на организацијата во која работел.

За осигурениците од член 12 став 1 точка 2 и член 49, 50 и 51 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување како основа за материјалното обезбедување се зема основата од која се определува инвалидската пензија.

На лицата кои во моментот на остварувањето на правото на материјално обезбедување се наоѓаат вон работен однос а кои по 1 јануари 1966 година биле во работен однос и остариле личен доход, за утврдување на основа за материјално обезбедување се зема личниот доход остварен во годината која претходи на годината во која инвалидот престанал со работа, сведена со валоризација на годината која претходи на годината во која настапила инвалидноста.

Член 97

На инвалидите на трудот им припаѓа материјално обезбедување во височина:

1) од 80% од основата додека чекаат на вршење на професионална рехабилитација, ако инвалидноста настапила како последица на болест или повреда надвор од работата, односно од 90% од основата ако инвалидноста настапила како последица на несреќа на работа или професионално заболување;

2) од 90% од основата додека се наоѓаат на професионална рехабилитација без оглед на причините за настанувањето на инвалидноста.

На инвалидите на трудот кај кои инвалидноста е предизвикана делумно со несреќа на работа или професионално заболување а делумно со болест или повреда надвор од работата, материјалното обезбедување од точка 1 на став 1 од овој член припаѓа според причината чие влијание на вкупната инвалидност е поголемо. До колку тој процент е ист, материјалното обезбедување припаѓа во процентот кој следува на инвалидите кај кои инвалидноста настапила како последица на несреќа на работа или професионално заболување.

Член 98

Кога професионалната рехабилитација се врши во посебна установа во која инвалидот има бесплатно сместување и исхрана, материјалното обезбедување за време на рехабилитацијата припаѓа:

1) на осигуреник кој нема членови на семејството за издржување во височина од 50% од материјалното обезбедување според претходниот член;

2) на осигуреник кој има членови на семејството на издржување во височина на полниот износ на материјалното обезбедување според претходниот член.

Кога професионалната рехабилитација се врши надвор од местото на постојаното живеење на инвалидот на трудот а користењето на рехабилитацијата не може да се обезбеди со постојан превоз од местото на живеењето до местото каде што се врши рехабилитацијата, на инвалидот на трудот на кого не му е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за време на вршењето на рехабилитацијата во друго место му се исплатува, покрај материјалното обезбедување, и паушален надоместок во износ што се определува со општ акт на Заедницата.

Член 99

На инвалидите на трудот кои остваруваат право на материјално обезбедување подолго од 12 месеци материјалното обезбедување утврдено според одредбите на член 96, 97 и 98 од овој статут им се зголемува за процент што одговара на порастот на просечните трошоци на животот во Републиката во претходната година, а потоа зголемувањето се врши на почетокот на секоја наредна година.

Материјалното обезбедување во износот зголемен според ставот 1 на овој член припаѓа од првиот нареден ден по истекот на една година непрекинато уживање на материјалното обезбедување.

Член 100

Право на привремен надоместок по одредбите на овој статут имаат инвалидите на трудот од II и III категорија на инвалидност кои се здобиле со право на вработување.

Инвалидите на трудот кај кои во текот на користењето на правата здобиени според прописите

на пензиското и инвалидското осигурување настанат промени во состојбата на работната способност и биде утврдено дека не постои инвалидност имаат право на вработување и привремен надоместок ако во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението за престанок на правата добиени по основа на инвалидност се пријават за вработување кај надлежниот завод за вработување на работници.

Во диспозитивот на решението за губење на правата стечени врз основа на инвалидност задолжително се внесува поука за рокот за пријавување до заводот за вработување заради остварување на правата предвидени во претходниот став.

Право на привремен надоместок до стапувањето на работа припаѓа без оглед на годините на животот на инвалидите на трудот од претходниот став ако не се исполнети условите за стекнување право на старосна пензија според прописите на пензиското и инвалидското осигурување.

Правото на привремен надоместок припаѓа од денот на добивање правото на вработување на соодветна работа, односно од денот на завршување на професионалната рехабилитација, односно од денот на правосилноста на решението за губење на правото стекнато по основа на инвалидското осигурување и трае до денот на стапувањето на работа на која инвалидот на трудот односно осигуреникот е упатен.

На инвалидот на трудот на кому независно од неговата волја му престане вработувањето, привремен надоместок му припаѓа и за времето од престанокот на вработувањето до стапувањето на нова работа ако се пријави за вработување кај надлежниот орган за вработување и тоа во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос.

Правото на привремен надоместок престанува за секој случај со исполнување на условите за здобивање со право на старосна пензија според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 101

Привремениот надоместок од членот 100 од овој статут се определува од основата од која според член 96 од овој статут се определува материјалното обезбедување и тоа во височина;

— од 80% од основата ако инвалидноста настанала како последица од несреќа на работа или професионално заболување, или ако инвалидноста настанала како последица од болест или повреда вон работа, доколку осигуреникот ги исполнува пропишаните услови за добивање право на заштитен додаток;

— од 60% од основата ако инвалидноста настанала како последица на болест или повреда надвор од работата, а осигуреникот не ги исполнува пропишаните услови за добивање право на заштитен додаток.

Височината на привремениот надоместок определена според одредбите на ставот 1 од овој член не може да изнесува помалку од 80% од граничниот износ на најниското пензиско примање.

На привремениот надоместок сходно се применуваат одредбите од членот 99 од овој статут.

Член 102

Право на надоместок поради вработување со скратено работно време имаат инвалидите на трудот од II категорија на инвалидност за времето додека работат на работа која им е обезбедена.

Член 103

Надоместокот поради вработување со скратено работно време се определува во височина на разликата помеѓу износот на личниот доход кој врабониот инвалид на трудот го остварува со работа со скратено работно време и износот на личниот доход што би го остварил со работа на исто работно место со полно работно време. Оваа разлика се пресметува и исплатува врз основа на личниот доход што вработениот инвалид го остварува со работа со скратено работно време, секој месец во вид на аконтација, а конечно се пресметува и исплатува по завршната сметка на организацијата во која инвалидот е вработен.

Ако уживателот на правото на вработување со скратено работно време работи со подолго работно време од она кое е утврдено според неговата работна способност, надоместок за вработување со скратено работно време се одредува според времето со кое стварно работи.

За време на привремената спреченост за работа за кое на инвалидот од ставот 1 му припаѓа надоместок место личен доход по прописите за здравственото осигурување надоместокот за вработување со скратено работно време му се исплатува во процент во кој е определен надоместокот место личен доход што му е определен по прописите за здравственото осигурување.

Член 104

Право на надоместок поради помал личен доход на друга работа во смисла на прописите за пензиското и инвалидското осигурување имаат сите осигуреници, освен осигурениците од член 47 став 1 точка 5 и член 49 и 50 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кои станале инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност и по основа на користење на правото на вработување се вработени на работни места на кои остваруваат помал личен доход од личниот доход што го остариле на работните места на кои работеле непосредно пред настапувањето на инвалидноста.

Покрај надоместокот за вработување со скратено работно време, на инвалидите на трудот од II категорија на инвалидност им припаѓа и право на надоместок поради помал личен доход во случај кога износот на остварениот личен доход и надоместокот по основа на работа со скратено работно време вкупно е помал од личниот доход што го остварувал инвалидот на работното место на кое работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста.

Член 105

Надоместокот поради помал личен доход се определува во височина на разликата помеѓу личниот доход што го остварил работникот во годината која и претходи на годината во која настапила неговата инвалидност за работа со полно работно време односно од основата на осигурувањето по која бил осигурен и личниот доход што тој го остварува на другата работа на која е распореден по настапувањето на инвалидноста.

Надоместокот поради помал личен доход на друга работа се определува:

1) за осигурениците кај кои инвалидноста настапила како последица на несреќа на работа или професионална болест во височина од 100% од разликата од претходниот став;

2) за осигурениците кај кои инвалидноста настапила како последица на болест или повреда надвор од работата — во височина од 90% од разликата според претходниот став;

3) за осигурениците кај кои инвалидноста по основа на која се здобиле со правото на вработување е предизвикана делумно со несреќа на работа или професионално заболување а делумно со болест или повреда надвор од работата, надоместокот поради помал личен доход се одредува во износ кој се состои од сразмерниот дел на разликата од претходниот став пресметан за случај на несреќа на работа или професионална болест и од сразмерниот дел на разликата пресметана за случај на болест или повреда надвор од работата.

За утврдување на разликата во височината на личниот доход на инвалидот на трудот во смисла на став 1 од овој член се зема просечниот износ на неговиот личен доход од календарската година која и претходи на годината во која настапила инвалидноста валоризиран на ниво на годината за која се утврдува разликата и просечниот месечен

износ на личниот доход што го остварил инвалидот на трудот по завршната сметка во годината во која по настапувањето на инвалидноста бил распореден на друго работно место. Валоризацијата на личниот доход остварен во годината пред настапувањето на инвалидноста се врши со коефициентот на порастот на просечниот личен доход во Републиката во годината за која се утврдува разликата во однос на просечниот личен доход во годината што и претходи на годината во која настапила инвалидноста. Разликата во височината на личниот доход се утврдува со решение по конечната распределба на средствата за лични доходи по завршната сметка на организацијата кај која инвалидот на трудот е вработен.

Разликата во височината на личниот доход утврдена според претходниот став од овој член за претходната година се исплатува месечно како аконтација на надоместокот во тековната година

При утврдувањето на височината на надоместокот по став 1, 2 и 3 од овој член на инвалидите на трудот на кои надоместокот поради помал личен доход бил определен за 1965 и 1966 година според одредбите на член 11 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/66) ќе се земе, наместо личниот доход што го остварил осигуреникот во годината која и претходи на годината во која настапила инвалидноста, просечниот износ на личниот доход што во 1965 година го остариле сите работници кои работеле на исти работни места односно на работни места кои одговараат на работното место на кое инвалидот на трудот работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста во истата организација каде инвалидот бил вработен. Така утврдениот просечен месечен износ на поранешниот личен доход се валоризира според одредбите на став 3 од овој член.

Во првата година на користење надоместок поради помал личен доход на инвалидот на трудот сè до конечното утврдување на разликата на личниот доход по завршната сметка за таа година му се исплатува аконтација на надоместокот, со тоа што за утврдување на разликата на личниот доход како основа се зема валоризираниот просечен месечен износ на личниот доход што тој го примал во календарската година која и претходела на годината во која настапила инвалидноста на ниво на годината што и претходи на годината во која се исплатува аконтацијата на надоместокот и просечниот месечен износ на аконтацијата на личниот доход што тој го примал во тековната година во првите три месеци од почетокот на работата на новото работно место.

Ако инвалидот на трудот на работното место на кое е распореден го натфрлува нормалниот учинок предвиден за тоа работно место и остварува поголем личен доход, за одредување височината на надоместокот поради помал личен доход на друго работно место во смисла на овој член се зема личниот доход остварен за нормален учинок на неговото работно место.

Ако инвалидот на трудот на работното место на кое е распореден по настанувањето на инвалидноста не постигнува нормален учинок предвиден за тоа работно место и остварува помал личен доход, износот на надоместокот утврден според одредбите на овој член му се смалува во сразмера во која инвалидот на трудот остварува помал личен доход заради пониско исполнување на нормалниот учинок.

Надоместокот поради помал личен доход се смета во основата за определување надоместок на личниот доход за време на спреченоста за работа по прописите за здравственото осигурување и на него се плаќа придонес за здравствена заштита, непосредна детска заштита и додаток на деца.

Член 106

Осигурениците и инвалидите на трудот имаат право на надоместок на патните трошоци во врска со остварувањето, односно користењето на правата утврдени со прописите за пензиското и инвалидското осигурување, и тоа:

1) кога по покана на Стручната служба на Заедницата доаѓаат од друго место за оценување на инвалидноста, преостанатата работна способност, степенот на телесното оштетување како и заради оценување постоењето на опасност од настапување на инвалидност;

2) кога од надлежната служба се упатени во друго место за професионална рехабилитација, вработување или прилагодување за работа;

3) кога од службата за вработување на работници се упатени во друго место за стапување на соодветна работа.

Право на надоместок на патните трошоци имаат и лицата определени како придружници на осигуреникот односно на инвалидот на трудот во случаите од ставот 1 на овој член.

Член 107

Надоместокот на патните трошоци од член 106 од овој статут опфаќа:

1) надоместок на трошоците за превоз;

2) надоместок на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето и престојувањето во друго место.

Височината на надоместокот на патните трошоци од претходниот став ја определува Заедницата со општ акт.

Член 108

Инвалидите на трудот имаат право на надоместок на трошоците за превоз ако поради користење на правото на професионална рехабилитација или правото на вработување според положбата на инвалидноста, а со оглед на оддалеченоста од местото определено за рехабилитација односно вработување им е потребен постојан превоз, а таков не им е обезбеден бесплатно.

Надоместок на трошоците за превоз припаѓа во височина на трошоците утврдени со општиот акт од ставот 2 од член 107 од овој статут.

Член 109

Инвалидите на трудот кои се упатени на постојано вработување во друго место, имаат право на надоместок на селидбените трошоци.

Надоместокот од претходниот став припаѓа во височина на стварно сторените трошоци, но најмногу до износот што ќе го определи Заедницата со општ акт.

5. Професионална рехабилитација на деца-инвалиди

Член 110

Право на професионална рехабилитација имаат и децата на осигуреникот и уживателот на старосна или инвалидска пензија, како и децата уживатели на семејна пензија ако рехабилитацијата им е потребна за оспособување за живот и работа и ако постои веројатност дека со рехабилитацијата можат да се оспособат за живот и работа.

Член 111

Како деца — инвалиди во смисла на членот 110 од овој статут се сметаат:

1) децата на осигурениците што се наоѓаат во работен однос и на осигурениците изедначени со нив (член 47 став 1 точка 1 до 4 и член 48 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување);

2) децата на осигурениците од претходната точка на кои работниот однос или друго својство им престанало, а кои го задржале правото на инвалидско осигурување во смисла на член 51 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

3) децата на инвалидите на трудот кои уживаат материјално обезбедување определено по основа на правото на професионална рехабилитација или привремен надоместок определен по основа на правото на вработување;

4) децата на уживателите на старосна или инвалидска пензија;

5) децата — уживатели на семејна пензија.

Децата — инвалиди од ставот 1 од овој член се деца неспособни за живот и работа поради:

1) инвалидност предизвикана со повреда или болест во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

2) попреченост во физичкиот или психичкиот развиток во смисла на посебните прописи за категоризацијата и евидентирањето на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Член 112

Лицата од член 111 од овој статут можат да остваруваат право на професионална рехабилитација до наполнети 45 години на живот (маж) односно 40 година на живот (жена).

Детето на осигуреникот (член 111 став 1 точка 1 и 2 од овој статут) има право на професионална рехабилитација ако осигуреникот од кого го изведува тоа право ги исполнува условите во поглед на пензискиот стаж за здобивање со права од инвалидското осигурување во случај на инвалидност поради болест или повреда надвор од работата.

Член 113

Детето на осигуреникот вработен инвалид на трудот од II или III категорија на инвалидност чија инвалидност е предизвикана со несреќа на работа или со професионална болест, а кој се вработил користејќи го своето право на вработување во смисла на прописите за инвалидското осигурување, има право на професионална рехабилитација без оглед на условите во поглед на пензискиот стаж предвидени во член 112 став 2 од овој статут.

Член 114

Право на професионална рехабилитација имаат децата инвалиди што не можат под редовни услови да се оспособат за живот и работа со школување, со изучување на определено занимање или практична работа на соодветни работни места ако се исполнети следниве услови:

1) со оглед на природата на причината на неспособноста и степенот на неспособноста, да постои веројатност дека со професионалната рехабилитација детето може да се оспособи за живот и работа;

2) детето да завршило осумгодишно основно училиште, односно задолжително специјално образование и воспитување предвидено со прописите за специјалното школство, како и со прописите донесени во смисла на член 90 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ако со овој статут за определени случаи не е поинаку определено;

3) со оглед на душевната развиеност и другите лични својства, да постои можност оспособувањето по пат на рехабилитација да може да се постигне во рок од најмногу 4 години.

Децата — инвалиди кои не го исполнуваат условот во поглед на претходното школување од точката 2 на став 1 од овој член затоа што немале фактички можности да завршат осумгодишно основно училиште, што престареле за такво школување, или што поради природата на причината за нивната инвалидност и општата физичка или психичка способност (слепи, глуви и други деца попречени во физичкиот или психичкиот развиток) не можеле успешно да го завршат таквото школување, имаат право на професионална рехабилитација ако наполниле 15 години живот и ако се исполнети другите услови од член 112 и 113 од овој статут и став 1 точка 1 и 3 од овој член.

Член 115

Со право на професионална рехабилитација се здобива дете — инвалид ако условите за здобивање на тоа право се исполнети во моментот на поднесувањето на барањето за поведување постапка за остварување на правото.

Член 116

Надлежната инвалидска комисија дава наод, оценка и мислење за утврдување на видот и степенот на инвалидноста на детето — инвалид, нејзината причина, за постоење на можности за оспособување и за начинот на оспособувањето по пат на професионална рехабилитација за определена работа односно занимање, како и за траењето на рехабилитацијата, по претходно консултирање на стручната служба за избор на занимање во секој одделен случај, а ако е во прашање дете попречено во физичкиот или психичкиот развиток и врз основа на наод, оценка и мислење од надлежната првостепена стручна комисија за тоа дете во смисла на прописите за категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток, како и мислењето на управата на училиштето кое тоа дете го посетувало.

Член 117

За децата — инвалиди кои поради природата на причината за нивната инвалидност или поради здравствената состојба, според прописите за специјалното школство се обврзани на специјално воспитување и образование, за чие спроведување е неопходно сместување во установи од интернатски тип, ако се исполнети условите од член 112 до 114 од овој статут, дел од трошоците за нивното сместување во таквите установи, како и другите трошоци во врска со професионалната рехабилитација, се намируваат на товар на средствата на Заедницата.

Одредбите од претходниот став се применуваат и кога од страна на надлежниот орган за старателство детето — инвалид е сместено кај друго семејство во друго место, ако за задолжителното основно школување му е потребна настава во специјално училиште односно специјално одделение на училиште кое се наоѓа надвор од неговото место на живеење.

Заедницата со општ акт го утврдува делот на трошоците од ставот 1 на овој член што паѓа на товар на Заедницата, како и дел од трошоците што ги поднесува лицето од кое детето го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид како уживател на семејна пензија, земајќи ги притоа предвид приходите на домаќинството и бројот на членовите на домаќинството, Со истиот општ акт во согласност со закон и овој статут се утврдува и кои приходи влегуваат во приходите на домаќинството, како и кој се смета за член на домаќинството.

Член 118

Децата-инвалиди имаат право на надоместок на патните и превозните трошоци во врска со остварувањето и користењето на правото на професионална рехабилитација согласно одредбите на член 98, 106 до 108 од овој статут.

Член 119

Ако дете-инвалид што се здобило со право на професионална рехабилитација претрпи повреда во смисла на член 66 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување при вршење на практични работи или вежби за време на професионалната рехабилитација, оваа повреда се смета за несреќа на работа поради која детето-инвалид се здобива со оние права од инвалидското осигурување што им припаѓаат на инвалидите на трудот осигуреници од член 49 став 1 точка 2 и 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 120

Работите на определено работно место или работите на определено занимање односно степенот на образование за кои детето-инвалид ќе се оспособува со професионална рехабилитација, се определуваат со оглед на претходно здобиеното образование, годините на живот на детето, физичките и психичките способности и склоностите на детето, потребното траење на оспособувањето за определени работи и потребата од работници во одделни занимања односно работи, за што задолжително се прибавува мислење од стручна служба за избор на занимања како и мислење на стручна комисија за категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Член 121

Професионалната рехабилитација на децата инвалиди се врши со изучување на определено занимање или со оспособување за вршење работи на определено работно место во заштитни работилници, во посебни организации за рехабилитација во работни или други организации, како и на соодветни курсеви и во специјални стручни училишта за децата попречени во психичкиот и физичкиот развиток.

Траењето на професионалната рехабилитација на децата инвалиди се определува со оглед на начинот на вршењето на рехабилитацијата во смисла на претходниот став и на видот и степенот на стручната подготовка што треба да се постигне со рехабилитацијата.

Член 122

Правото на професионална рехабилитација на дете- инвалид определено според овој статут престанува ако настапат такви промени во физичката или психичката состојба на детето-инвалид што го оневозможуваат натамошното спроведување на професионалната рехабилитација.

Правото на професионална рехабилитација на детето — инвалид определено според овој статут престанува:

1) ако детето — инвалид не го започне користењето на рехабилитацијата во рок од една година од денот определен за стапување на рехабилитација, освен ако било попречено од причини што се вон неговата волја;

2) ако детето-инвалид своеволно го прекине користењето на рехабилитацијата или ако со неизвршување на должностите во врска со спроведувањето на рехабилитацијата го оневозможува своето оспособување за работа.

Детето-инвалид на кое правото на професионална рехабилитација му престанало под околностите од ставот 1 на овој член се здобива повторно со тоа право ако врз основа на ново барање се утврди дека пак настапила промена во неговата физичка или психичка состојба која повторно овозможува спроведување на професионалната рехабилитација според закон и овој статут.

На детето-инвалид на кое правото на професионална рехабилитација му престанало под околностите од ставот 2 на овој член ако е помладо од 18 години — му се воспоставува правото на професионална рехабилитација а ако е постаро од 18 години — може да му се воспостави право на рехабилитација по оценување на новото барање во однос на околностите поради кои дошло до престанок на правото и на постоењето на услови за успешно продолжување и довршување на рехабилитацијата во соодветен рок.

Член 123

За времетраењето на професионалната рехабилитација сè до нејзиното успешно завршување, децата — инвалиди се сметаат како наполно и трајно неспособни за работа во смисла на важечките прописи за здобивањето и користењето со правото на семејна пензија.

Член 124

По успешно завршената професионална рехабилитација детето — инвалид до стапувањето на работа ги има истите права и должности што според овој статут ги има и инвалидот на трудот во периодот од завршувањето на професионалната рехабилитација до стапувањето на соодветна работа на која е упатен во височина утврдена со овој статут.

Привремениот надоместок до вработувањето на детето — инвалид од претходниот став изнесува 50% од граничниот износ на најниското пензиско примање утврден за годината во која се исплатува надоместокот.

III. Заштитен додаток на пензиите

Член 125

На уживателите на старосна, инвалидска и семејна пензија им следува право на заштитен додаток ако пензијата определена според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут изнесува помалку од пропишаниот граничен износ на најниското пензиско примање и ако ни уживателот на пензијата, ни членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување (член 28, 41 и 81 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување).

Граничниот износ на најниското пензиско примање не може да изнесува помалку од 50% од просечниот износ на личните доходи на работниците во Републиката во претходната година.

Основа за определување височината на заштитниот додаток на пензијата претставува разликата помеѓу износот на пензијата која на уживателот му следува според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут и граничниот износ на најниското пензиско примање кој во смисла на претходниот став го пропишува Заедницата.

Правото на заштитен додаток следува под условите утврдени со овој статут.

Член 126

Заштитниот додаток на пензијата се определува во процент од разликата од член 125 став 3 од овој статут, и тоа:

1) за уживателите на старосна пензија, зависно од должината на пензискиот стаж, додатокот изнесува:

а) за уживателите на старосна пензија кои имаат пензиски стаж до 20 години — 80% од разликата;

б) за уживателите на старосна пензија кои имаат пензиски стаж преку 20 до 30 години — 90% од разликата;

в) за уживателите на старосна пензија кои имаат пензиски стаж преку 30 години — 100% од разликата;

2) за уживателите на инвалидска пензија додатокот изнесува:

а) за уживателите на привремена инвалидска пензија чиј вкупен пензиски стаж изнесува помалку од 3/4 од работниот век — 80% од разликата;

б) за уживателите на привремена инвалидска пензија чиј вкупен пензиски стаж изнесува најмалку 3/4 од работниот век — 90% од разликата;

в) за сите останати уживатели на инвалидска пензија — 100% од разликата;

3) за уживателите на семејна пензија, зависно од бројот на уживателите на пензијата, додатокот изнесува:

— за еден член уживател на пензијата — 70% од разликата;

— за два члена уживатели на пензијата — 80% од разликата;

— за три члена уживатели на пензијата — 90% од разликата;

— за четири и повеќе члена уживатели на пензијата — 100% од разликата.

При определувањето височината на заштитниот додаток на уживателите на инвалидска пензија, како пензија што следува според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут се смета пензијата заедно со инвалидскиот додаток.

Член 127

Правото на заштитен додаток на пензијата според одредбите од член 125 и 126 од овој статут следува ако ни уживателот на пензијата ни членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување (цензус на приходите).

Како членови на домаќинството на уживателот на пензијата се сметаат членовите на неговото семејство кои со него имаат заедница на живеење, стопанисување и трошење на остварените приходи.

Цензусот на приходите од ставот 1 на овој член го утврдува Заедницата.

Член 128

Како приходи на домаќинството на уживателот на пензијата се сметаат:

— приходите остварени по основа од работен однос (лични доходи — надоместоци, пензии и друго);

— приходи од земјоделска дејност (катастарски приходи);

— приходи од вршење на занаетчиски и други стопански дејности, од вршење на интелектуални услуги, како и приходи од имот и имотни права што подлежат на данок (останати приходи).

Член 129

Приходите на уживателот на пензија и членовите на неговото домаќинство остварени по повеќе основи, при утврдувањето правото на заштитен додаток се сведуваат на приходи по основа на приходи од работен однос на начин што ќе се утврди со општиот акт на Заедницата со кој се утврдува цензусот на приходите од членот 127 од овој статут.

Член 130

Во вкупните приходи на домаќинството на уживателот на пензија од членот 127 став 1 од овој статут не влегуваат:

— пензијата на уживателот на пензија за чие право на заштитен додаток се решава и неговите други примања по основа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување;

— паричниот надоместок за телесно оштетување и додатокот за помош и нега според прописите за пензиското и инвалидското осигурување, како и додатокот на деца на другите членови на домаќинството;

— другите примања на уживателот на пензија и членовите на неговото домаќинство за кои според прописите за нивното воспоставување е изречно определено да не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 131

При утврдувањето височината на приходите на домаќинството на уживателот на пензија во смисла на член 128 од овој статут се зема:

а) како приход остварен од работен однос — просечниот месечен износ на личниот доход, надоместоците и другите примања од работен однос остварени во претходната година, а за пензиите — месечниот износ на пензијата остварена во месец декември од претходната година, односно месецот од тековната година во кој е остварено правото на пензија;

б) како катастарски приход — основицата на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност од претходната година;

в) како останати приходи — основицата за плаќање придонес од личниот доход и данок од претходната година.

Член 132

При утврдувањето на приходите на домаќинството на уживателот на пензија се зема предвид и катастарскиот приход од сосопственичкиот дел на земјоделски и друг имот односно од сонаследничкиот дел на нерасправена оставина што по наследното право му припаѓа на членот на домаќинството на уживателот на пензијата, без оглед на тоа дали го користи својот дел од имотот, односно од оставината.

Член 133

Ако двајца или повеќе членови во домаќинството се уживатели на пензија во износ помал од граничниот износ на најниското пензиско примање определен со овој статут, нивното право на заштитен додаток се утврдува едноподруго, почнувајќи од уживателот на најниската пензија. Притоа, при утврдувањето на правото на заштитен додаток на вториот и наредните уживатели на пензија во цензусот на приходите на домаќинството се зема предвид и износот на заштитниот додаток доделен на претходните уживатели на пензија.

Член 134

Ако семејната пензија ја уживаат едновремено членови на потесното семејство и членови на поширокото семејство, а сите соуживатели ги исполнуваат условите за добивање право на заштитен додаток според овој статут, дел од заштитниот додаток што им припаѓа на членовите на потесното и на поширокото семејство се утврдува сразмерно со делот на пензијата што им следува согласно член 40 став 2 точка 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Ако некои од соуживателите на семејната пензија кои живеат одделно ги исполнуваат, а некои не ги исполнуваат условите за добивање право на заштитен додаток според одредбите на овој статут, заштитниот додаток претходно се дели како да сите соуживатели ги исполнуваат условите, па така утврдените делови се исплатуваат на членовите кои ги исполнуваат условите за заштитен додаток.

Кога уживателите на семејна пензија живеат одделно, а според овој статут им припаѓа заштитен додаток, тогаш заштитниот додаток се дели сразмерно со деловите на пензијата што им следува според член 153 став 2 од овој статут.

Ако семејната пензија ја користат два или повеќе соуживатели па ако на некој од нив му престане правото на пензија, правото на заштитен додаток повторно се одредува на преостанатите уживатели на пензија на начин определен со член 106 став 1 точка 3 од овој статут. Ако исплатата на пензијата биде запрена на некој од соуживателите, заштитниот додаток ќе се определи и исплатува на преостанатите уживатели сразмерно со делот на пензијата што им следува.

Член 135

Заштитниот додаток се исплатува од денот од кој припаѓа пензијата, ако барањето е поднесено најдоцна во рок од 6 месеци од приемот на решението за правото на пензија. Ако барањето е поднесено по тој рок, заштитниот додаток се исплатува од првиот ден на следниот месец по поднесувањето на барањето и за 6 месеци наназад.

Ако поради промена на фактичките околности престанат условите за исплатување на заштитниот додаток, исплатувањето на заштитниот додаток се запира од првиот ден на следниот месец по настанатата промена.

Ако поради промена на фактичките околности бидат дополнително исполнети условите за исплатување на заштитен додаток, заштитниот додаток се исплатува од првиот ден на следниот месец по поднесувањето на барањето.

Дел четврти

ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ШТО ВРШАТ САМОСТОЈНИ ДЕЈНОСТИ

Член 136

Одредбите на овој статут се однесуваат и на осигурениците што вршат самостојни дејности (член 14) ако со одделни одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со посебен закон, овој статут, или со договор за пензиско и инвалидско осигурување склучен со одделни категории осигуреници што вршат самостојни дејности не е поинаку одредено.

Член 137

Пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и угостители се спроведува според одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, одредбите на Законот за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители („Службен весник на СРМ" бр. 23/66 и 10/67) и одредбите на овој статут.

Прашањата од член 182 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ги регулира Заедницата со општ акт.

Пензиското и инвалидското осигурување на останатите осигуреници што вршат самостојни дејности се спроведува според одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, овој статут и одредбите на договорите за пензиското и инвалидското осигурување склучени со одделни категории лица што вршат самостојна дејност.

Дел петти

УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Член 138

Усогласувањето на пензиите со економските движења на подрачјето на Заедницата во смисла на одредбите на член 118 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се врши на тој начин што:

1) во почетокот на секоја календарска година пензиите се усогласуваат со движењето на просечните трошоци на животот во Републиката во претходната година, до колку тие пораснале најмалку за 3%;

2) истовремено со усогласувањето по претходната точка, пензиите се усогласуваат и со реалниот пораст на личните доходи на работниците во Републиката во претходната година, до колку тие пораснале најмалку за 3%, при што порастот на пензиите по оваа основа не може да биде помал од 50% од порастот на реалните лични доходи;

3) повремено, а најдоцна по истекот на секои 5 години, се врши усогласување на пензиите остварени во поранешните периоди со пензиите остварени во последните години од тој период.

4) ако во првите шест месеци од тековната година просечните трошоци на животот пораснат за најмалку 10% во однос на истиот период од претходната година, Собранието на Заедницата може да одлучи да се изврши вонредна валоризација на пензиските примања за соодветен процент, како аконтација на име усогласување на пензиските примања според точката 1) од овој став во наредната година.

Извршеното усогласување на пензиите според точката 4) од претходниот став се зема предвид при усогласувањето на пензиите според точката 1) од претходниот став во наредната година.

Усогласувањето на пензиите според точка 1) и 2) од став 1 од овој член се врши со зголемување на истите со процент кој претставува збир на процентот на порастот на просечните трошоци на животот и делот од процентот на порастот на реалните лични доходи.

Ако зголемувањето на просечните трошоци на животот односно порастот на реалните лични доходи во Републиката во претходната година бил понизок од 3%, поради што не е извршено усогласување на пензиите по таа основа, процентот на зголемувањето на трошоците на животот односно на реалните лични доходи од претходната година се додава на процентот на зголемувањето на просечните трошоци на животот односно на реалните лични доходи што ќе настанат во идната година, така што пензиите се зголемуваат за вкупниот процент на зголемувањето во обете години.

Усогласувањето на пензиите според одредбите на точка 3 од ставот 1 на овој член може да се врши за сите пензии или за пензиите остварени во одделни периоди, како и за сите категории пензионери или само за одделни категории пензионери.

Член 139

При усогласувањето на пензиите според одредбите на членот 138 од овој статут Заедницата одредува дали тоа ќе се врши со примена на единствен процент на зголемување на сите видови и категории на пензии или на друг начин.

Член 140

За утврдување движењето на просечните трошоци на животот и на личните доходи во Републиката во смисла на член 138 од овој статут се користат службените извештаи на органот надлежен за водење на статистиката во Републиката.

Дел шести

ЗДОБИВАЊЕ И ОДРЕДУВАЊЕ ПРАВА НА БОРЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

Член 141

Здобивањето и одредувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување на борците од Народноослободителната војна и шпанските борци се регулира според одредбите на член 35 до 47 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 35/72), одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Правилникот за одредување на периодите поминати во странство кои во посебни случаи се сметаат во пензиски стаж според одредбите на членот 160 став 3 од Основниот закон за пензиското осигурување, донесен од Сојузниот завод за социјално осигурување под бр. 3635/1 од 3 февруари 1966 година и одредбите на овој статут.

Дел седми

ПЕНЗИСКИ СТАЖ

Член 142

Пензискиот стаж во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, врз основа на кој се здобиваат и одредуваат правата од пензиското и инвалидското осигурување го опфаќа:

1) времето поминато во осигурување од 1 јануари 1973 година натаму (стаж на осигурување) кое се смета според одредбите од член 107 до 113 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

2) времето поминато до 31 декември 1972 година што во смисла на член 75 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се смета во пензиски стаж како периоди на стаж на осигурување и периоди на посебен стаж.

При утврдувањето во пензиски стаж на времето од точка 2 од претходниот став се применуваат и одредбите на Правилникот од член 141 од овој статут.

Член 143

Одредувањето на начинот и рокот за докажување на посебниот стаж од член 112 став 2 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување го регулира Заедницата со посебен акт.

Член 144

Како стаж на осигурување се смета и времето поминато по престанување на задолжителното осигурување за кое осигуреникот плаќал придонес (продолжено осигурување) во случаи, под услови и на начин утврдени со овој статут и други општи акти на Заедницата.

Член 145

Осигуреникот може да оствари продолжено осигурување во смисла на членот 144 од овој статут за времето поминато:

1) на стручно усовршување или специјализација по престанок на работниот однос, односно дејноста по основа на која е задолжително осигурен;

2) на привремена невработеност, ако за тоа време е уредно пријавен кај надлежниот завод за вработување на работниците — до најмногу две години за одделен случај на прекин на задолжителното осигурување;

3) на вработување во странство кај меѓународни и други организации — врз основа на меѓународен договор, односно кај странски работодавци — ако за тоа време не е обврзан на задолжително осигурување во Југославија;

4) на престојување во странство како брачен другар на осигуреникот југословенски државјанин на служба во странство кај југословенски државни органи, работни и други организации или кај други служби врз основа на меѓународен договор;

5) на користење неплатено отсуство подолго од 30 дена.

Придонесот за продолженото осигурување се плаќа по иста основа според која придонесот бил пресметуван и плаќан непосредно пред престанокот на задолжителното осигурување, со тоа што основата секоја година се валоризира според движењето на просечните лични доходи во Републиката во претходната година.

Времето на продолжено осигурување се зема предвид за здобивање и одредување права од пензиското и инвалидското осигурување според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 146

Работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето стажот на осигурувањето на тие работни места, како и обемот на соодветното намалување на старосната граница, во смисла на одредбите од член 114 став 3, член 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ги утврдува Заедницата со општ акт.

Член 147

Податоците за матичната евиденција на осигурениците и уживателите на пензии ќе се утврдуваат и матичната евиденција ќе се води на начин одреден со прописите што беа во сила до 31 декември 1972 година, доколку со општествен договор во смисла на одредбите на член 79 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување не биде поинаку определено.

Дел осми

ОСТВАРУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 148

Остварувањето, користењето и губењето на правата од пензиското и инвалидското осигурување се врши според одредбите на член 119 до 134 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 149

Права од пензиското и инвалидското осигурување може да оствари лице кое има својство на осигуреник според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на овој статут.

Својството на осигуреник се установува врз основа на пријава за осигурување поднесена според прописите за водењето на матичната евиденција.

Својство на осигуреник утврдува службата што е за тоа овластена од Заедницата.

Член 150

Лице за кое не е поднесена пријава на осигурување, а кое смета дека има право на пензиско и инвалидско осигурување, може да поднесе барање до службата на заедницата надлежна за утврдување својството на осигуреник.

Доколку службата од претходниот став на која ѝ е поднесено барањето за признавање својство на осигуреник го одбие барањето за признавање на тоа својство, или тоа својство го признае по друга основа, должна е за тоа во рок од 2 месеци да донесе решение.

Против решението од претходниот став дозволена е жалба според постапката пропишана со овој статут.

Решението донесено по жалбата од претходниот став е конечно во управната постапка и против него може да се води управен спор.

Член 151

Правото на старосна, инвалидска и семејна пензија престанува со смртта на уживателот на пензијата.

Правото на старосна, инвалидска и семејна пензија се губи, ако поради намалувањето на пензискиот стаж заради околности поради кои одделни периоди на пензиски стаж не се сметаат (член 163 до 165 од Основниот закон за пензиското осигурување), повеќе не се исполнети условите за добивање право на пензија.

Член 152

Привремениот надоместок од членот 120 став 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се определува во височина пропишана со членот 101 од овој статут.

Привремениот надоместок од претходниот став се исплатува од првиот ден на наредниот месец од денот кога решението со кое се губи правото здобиено врз основа на инвалидност станало конечно во управната постапка па сè додека не се обезбеди вработување, односно додека осигуреникот не оствари услови за право на пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 153

Користењето на семејна пензија се врши според одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на овој статут.

Ако семејната пензија припаѓа само на членови на потесното семејство или само на членови на поширокото семејство, а некои од нив живеат одделно, вкупната семејна пензија се дели на рамни делови.

Ако семејната пензија припаѓа и на членови на потесното семејство и на членови на поширокото семејство, а некои од нив живеат одделно, семејната пензија претходно се поделува на дел што припаѓа на членовите на потесното семејство и на дел што припаѓа на членовите на поширокото семејство, па секој дел понатаму се дели на рамни делови.

Поделбата на пензијата во смисла на одредбите на став 2 и 3 од овој член се врши и кога на некој од соуживателите на пензијата привремено му се запре исплатата на семејната пензија што му следува додека траат одредените околности предвидени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут за запирањето исплатата на пензијата.

Член 154

Ако семејната пензија ја уживаат два или повеќе членови на семејството, па на некој од нив му престане правото на пензија, на преостанатите членови кои имаат право на семејна пензија повтор-

ню им се определува височината на пензијата. Така определената пензија припаѓа од денот од кога на некој од соуживателите му престане правото на пензија.

Ако исплатувањето на семејната пензија биде запрено или ако правото што припаѓа на одделен член на семејството мирува, не се врши повторно определување на семејната пензија на останатите корисници на пензијата.

Ако на вдовицата заради вработување или користење на старосна или инвалидска пензија не и се исплатува семејната пензија што и припаѓа, на останатите членови на потесното и поширокото семејство за тоа време им се исплатува семејна пензија во височина што ќе се определи како да вдовицата нема право на семејна пензија.

Член 155

Со стапувањето во брак губат право на семејна пензија:

1) вдовица помлада од 45 години, освен вдовица која тоа право го добила или задржала заради полна неспособност за стопанисување;

2) деца на осигуреникот и деца без родители, без оглед дали стапиле во брак пред или по смртта на осигуреникот односно на уживателот на правото, освен децата кои со тоа право се здобиле или го задржале заради полна и трајна неспособност за работа.

На вдовицата која со стапувањето во нов брак го изгубила правото на семејна пензија, а по брачниот другар од новиот брак не се здобила со семејна пензија, и се воспоставува правото на поранешната семејна пензија под услов:

1) во часот на престанокот на новиот брак да има деца од првиот брак кои уживаат семејна пензија;

2) сè уште да се исполнети условите под кои вдовицата, со оглед на годините на животот односно бројот на децата, има право на семејна пензија.

Член 156

Како деца на редовно школување во смисла на член 36 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се сметаат:

1) ученици во основни и средни училишта или во други установи и организации за средно образование додека се на редовно школување во нив;

2) студенти на виши и високи школи, факултети и академии додека имаат статус на студент на редовно школување според статутот на соодветната школска установа.

Не се смета за редовно школување:

1) посетување на разни курсеви за стручно усовршување и вечерни школи за општо образование, како и вонредно студирање на виши и високи школи и факултети, односно постдипломско студирање;

2) школувањето во друга школа од ист ранг, односно друг факултет по завршувањето односно апсолвирањето на една школа односно факултет.

Статусот на редовен студент се утврдува еднаш годишно во почетокот на школската година.

На членот на семејството кој остварил право на семејна пензија му се запира исплатата на пензија додека е во работен однос или врши дејност по основа на која е осигурен.

Член 157

На уживателите на старосна пензија кои пензијата ја остариле со пензиски стаж од 40 години (маж) односно 35 години (жена) врз основа на стаж навршен до пензионирањето или врз основа на вкупно утврден стаж пред и по пензионирањето, во случај на повторно вработување не им се воспоставува својство на осигуреник за пензиско осигурување.

Одредбите од претходниот став се применуваат и на уживателите на старосна пензија — учесници во Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпански борци кои пензијата ја остариле со пензиски стаж од 35 години (маж) односно 30 години (жена).

Член 158

На вработените корисници на пензија или корисниците на пензија кои вршат самостојна дејност за која е установено задолжително пензиско и инвалидско осигурување, кои пензијата ја остариле со 40 години (маж) односно 35 години (жена) пензиски стаж, како и на вработените корисници на пензија или корисници на пензија кои вршат самостојна дејност и корисници на пензија борци од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година, кои пензијата ја остариле со најмалку 35 години пензиски стаж (маж) односно 30 години пензиски стаж (жена), а истата е помала од просечниот личен доход во Републиката во претходната година, за време на вработувањето односно вршењето на самостојна дејност им се исплатува дел од пензијата во височина определена со општ акт на Заедницата.

На уживателите на привремена инвалидска пензија кои се вработат според преостанатата работна способност во поглед на исплатата на пензијата ќе се применуваат одредбите од членот 123 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со тоа што тие во однос на потребниот пензиски стаж ќе се третираат како да имаат исполнето 40 години пензиски стаж (маж) односно 35 години пензиски стаж (жена).

Заедницата со општ акт ќе ги утврди начинот и условите под кои ќе се врши запирање на исплатата на пензиите на корисниците на пензија кои се работници во здружениот труд односно во работен однос или вршат самостојна дејност односно други работи и задачи, во смисла на одредбите на членот 123 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по претходно прибавено мислење од Сојузот на синдикатите на Македонија. Стопанската комора на Македонија, Републичкиот одбор на здруженијата на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот и Републичкиот одбор на здруженијата на инвалидите на трудот.

Запирањето на исплатата на пензијата се врши по службена должност од Стручната служба на Заедницата, без донесување на решение. По писмено барање на корисникот на пензијата овластената стручна служба за решавање во прв степен е должна да му издаде писмено решение.

Член 159

На уживател на пензија — туѓ државјанин, кој се иселил на постојано живеење во странство, пензијата, додатокот за помош и нега и инвалиднината му се исплатува само ако со соодветната држава постои спогодба за плаќање на пензии во странство, или ако таа држава им признава такво право на југословенските државјани.

Заштитен додаток, ако со меѓународна спогодба не е поинаку определено, не се исплатува:

1) на уживателите на пензија на кои исплатата на пензијата се врши во странство, и

2) на уживателите на пензија на кои не им се исплатува пензијата за време на нивниот престој во странство, ако тој престој трае подолго од шест месеци.

Член 160

Правото од член 96 став 1 во врска со член 53 точка 2 и член 91 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување следува од денот кога со конечно решение е утврдена опасноста од настапување на инвалидност.

Член 161

Стасаните месечни износи на примања стечени по Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут не се исплатуваат на уживателот кој без оправдани причини во определениот рок не се јави на преглед за повторно утврдување состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност, односно постоење опасност од настапување на инвалидност или степен на телесно оштетување, за сето време додека не се јави на преглед.

Запрените месечни примања по претходниот став се исплатуваат дополнително ако уживателот се јави на преглед во рок од еден месец од денот одреден за преглед.

Ако уживателот се јави по истекот на рокот од еден месец, исплатата на примањата се воспоставува од првиот ден на наредниот месец по јавувањето на преглед.

Дел деветти

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 162

За правата од пензиското и инвалидското осигурување решава во прв степен надлежната филијала на Стручната служба на Заедницата, односно овластена стручна служба, а во втор степен Централата на Стручната служба на Заедницата.

Како овластена стручна служба од претходниот став се смета стручната служба на друга интересна заедница оспособена за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување во прв степен. Овластувањето за вршење на работите за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување од страна на овластена стручна служба се регулира со спогодба што ја склучуваат Заедницата и другата интересна заедница.

За правата од пензиското и инвалидското осигурување на осигурениците носители на „Партизанска споменица 1941", осигурениците учесници во Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци, осигурениците од определени работни места во органите за внатрешни работи, на лицата на кои им се признава исклучителна пензија според одредбите на член 27 и 43 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на лицата кои остваруваат право на пензија или инвалиднина според членот 38 од овој статут, како и на лицата кои остваруваат право од пензиското и инвалидското осигурување врз основа на меѓународни договори (конвенции), во прв степен решава Централата на Стручната служба на Заедницата.

За исплата во странство на пензиите, паричните надоместоци за телесно оштетување и додатокот за помош и нега на уживателите — југословенски државјани кои се иселиле на постојан престој во странство, во смисла на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во прв степен решава Централата на Стручната служба на Заедницата.

Член 163

Месната надлежност на филијалата на Стручната служба на Заедницата односно овластената стручна служба се утврдува со актот за основање на филијалата односно со спогодбата за давање овластување на Стручната служба.

Член 164

Решение за права од пензиското и инвалидското осигурување донесува во прв степен раководителот на филијалата на Стручната служба на Заедницата, односно раководителот на овластената стручна служба.

Решение за права од пензиското и инвалидското осигурување во втор степен, како и решение за права од членот 162 став 3 и 4 од овој статут во прв степен донесува директорот на Заедницата.

Член 165

За признавање правото на старосна пензија на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци според член 36 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување решава комисијата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, основана на начин одреден со прописите за пензиското осигурување кои беа во важност до 31 декември 1972 година. Оваа комисија решава врз основа на предлог на надлежната општинска комисија именувана според прописите кои беа во важност до 31 декември 1972 година.

Член 166

Постапката за остварување право на старосна и семејна пензија се покренува по барање на осигуреното лице.

Постапка за остварување право од пензиското и инвалидското осигурување може да покрене и лице кое смета дека исполнува услови за признавање на некое право од ова осигурување.

Барањето за покренување на постапка може да се поднесе писмено или на записник кај службата овластена за решавање во прв степен.

Член 167

Постапка за остварување на право од инвалидското осигурување покренува надлежната филијала на Стручната служба на Заедницата, односно овластената стручна служба, и тоа:

1) за времетраењето на работниот однос односно друго својство по основа на кое се добива право од инвалидското осигурување — по барање на странката, или по барање на Заедницата на здравственото осигурување на работниците врз основа на мислењето на лекарската комисија за здравствената состојба и работната способност на осигуреникот;

2) по престанокот на работниот однос односно по престанокот на својството кое дава право на осигурување — само по барање на странката.

По барање на странката постапка се покренува и кога се работи за остварување право на професионална рехабилитација на деца инвалиди (член 144 од овој статут).

Одредбите од став 1 и 2 од овој член важат и во случаите кога правата од инвалидското осигурување треба повторно да се определат поради дополнително настанати промени во состојбата на порано утврдена инвалидност и преостаната работна способност или телесно оштетување.

Службата од став 1 на овој член која ја покренала постапката е должна пред донесување на решение да прибави наод, оценка и мислење од надлежната инвалидска комисија.

Член 168

Решението донесено во постапката за остварување право од инвалидското осигурување се доставува на осигуреникот односно на инвалидот на трудот. како и на организацијата кај која осигуреникот е вработен.

Член 169

Решението со кое се признава право од инвалидското осигурување по основа на утврдена инвалидност се извршува по истекот на рокот за жалба, ако со овој статут не е поинаку определено. Другите решенија со кои се признаваат права од инвалидското осигурување, ако со овој статут не е поинаку пропишано, се извршуваат веднаш по донесувањето.

На осигуреникот кој се здобил со право на инвалидска пензија, пензијата ќе му се исплатува од престанокот на работниот однос.

Решението за право на парични примања од инвалидското осигурување го извршува службата надлежна за исплата на пензиите, односно службата надлежна за исплата на другите примања по основа на инвалидското осигурување, а решението за другите права по основа на инвалидското осигурување надлежната филијала односно овластената стручна служба.

Во случаите од членот 95 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување решението за правата од инвалидското осигурување го извршува службата од претходниот став во делот што паѓа на товар на Заедницата, а работната организација делот што паѓа на нејзин товар.

Во случај на спор помеѓу осигуреникот односно уживателот на правото и работната организација на чиј товар паѓа дел од обврските утврдени со конечното решение за признавање право од инвалидското осигурување, службата на Заедницата го извршува решението со свои средства и во оној дел кој се однесува на работната организација сè до правосилното окончување на спорот помеѓу осигуреникот односно уживателот на правото и соодветната работна организација. Исплатите извршени по оваа основа Заедницата ги надоместува од работникот по окончувањето на спорот. Заедницата има право да учествува во спорот како соучесник на страната на осигуреникот, односно уживателот на правото за обезбедување на извршените исплати по оваа основа.

Член 170

За решавање по барањето за признавање право од пензиското и инвалидското осигурување месно е надлежна филијалата на Стручната служба на Заедницата, односно овластената стручна служба на чие подрачје осигуреникот е осигурен во часот на поднесувањето на барањето за остварување на правото.

Ако осигурувањето престанало пред поднесување на барањето за пензија месно е надлежна филијалата односно овластената служба на чие подрачје осигуреникот бил последен пат осигурен, ако од престанокот на последното осигурување до поднесување на барањето не поминало 5 години. Ако од престанокот на последното осигурување до поднесувањето на барањето поминало повеќе од 5 години, месно е надлежна филијалата односно овластената служба на чие подрачје е постојаното место на живеење на лицето кое го остварува правото.

За решавање за право на семејна пензија месно е надлежна филијалата односно овластената служба која била надлежна за решавање за правото на пензија на осигуреникот од кого се изведува правото на семејна пензија.

За решавање за правата од пензиското и инвалидското осигурување кои се остваруваат по основа на меѓународни договори месно е надлежна Централата на Стручната служба на Заедницата ако на територијата на Заедницата бил последен пат осигурен.

За решавање за правата на уживателите на пензија во врска со користењето на пензијата, како и за решавање за право на семејна пензија по смртта на уживателот на пензијата месно е надлежна филијалата односно овластената стручна служба на чие подрачје уживателот на правото има постојано место на живеење.

За решавање за правата на уживателите на пензија во врска со користењето на пензијата, како и за решавање за правото на семејна пензија по смртта на уживателот на пензија за корисници на право чие постојано место на живеење е надвор од Републиката месно е надлежна филијалата односно овластената стручна служба во Скопје.

Член 171

За судирот на надлежноста помеѓу одделни филијали на Стручната служба на Заедницата, односно овластените стручни служби решава директорот на Заедницата.

За судирот на надлежноста помеѓу одделни филијали, односно овластените стручни служби и Централата на Стручната служба на Заедницата решава Извршниот одбор на Собранието на Заедницата.

Член 172

За исклучителното признавање на право на старосна пензија на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци според членот 36 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување решава Комисијата од член 165 од овој статут. Решението за исклучителното признавање на правото на пензија е конечно.

Комисијата од претходниот став донесува решение врз основа на предлогот на општинската комисија, чии членови се именувани на начинот предвиден со членот 165 од овој статут. Општинската комисија го дава својот предлог по повод барањето на осигуреникот, или по повод предлогот на здружението на борците или по предлог на органот, организацијата кај која осигуреникот е во работен однос, поднесен со согласност на осигуреникот, а врз основа на податоците за пензискиот стаж на осигуреникот кои претходно се прибавени од страна на надлежната филијала односно овластената стручна служба на Заедницата.

По одредбите на став 1 и 2 од овој член се решава и за правото на семејна пензија по смртта на борец од НОВ од пред 9 септември 1943 година и шпански борец кој не остварил право на старосна пензија во случаите од член 41 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Врз основа на решението со кое е признаено правото на пензија според став 1 до 3 од овој член, Централата на Стручната служба на Заедницата го одредува со решение износот на пензијата која на осигуреното лице му припаѓа според одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 173

Постапка за остварување право на пензија поведува надлежната филијала на Стручната служба на Заедницата, односно овластената стручна служба по барање на осигуреното лице.

Барање за остварување право на пензија може да се поднесе најрано 6 месеци пред исполнувањето на условите за здобивање со тоа право.

Надлежната служба од став 1 на овој член е должна во секој случај да донесе решение во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето на осигуреното лице. Рокот од 60 дена во случаи кога барањето е поднесено пред исполнувањето на условите за остварување на правото тече од денот од кога се исполнети условите за остварување на правото.

Член 174

Во барањето за остварување право на пензија, односно друго право од пензиското и инвалидското осигурување мора да се наведат доказите по однос на пензискиот стаж и личниот доход на осигуреникот, како и другите докази кои можат да имаат влијание при одлучувањето за правото.

Утврдувањето на фактите и спроведување на доказите се врши според одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку не е поинаку регулирано со прописите за пензиското и инвалидското осигурување и прописите за матичната евиденција.

Во постапката за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување надлежната стручна служба е должна на осигуреното лице да му укаже потребна правна помош.

Член 175

Решението со кое се признава право од пензиското и инвалидското осигурување мора во диспозитивот да содржи особено одредби за видот на признаеното право и висината на тоа право, ако се утврдува во паричен износ (пензии и друго), пензискиот стаж врз основа на кој е признаено правото, ако е утврдуван во постапката за остварување на тоа право, категоријата на инвалидноста, степенот на телесното оштетување и денот на почетокот на користењето на правото.

Диспозитивот на решението од претходниот став, кога е тоа потребно, содржи и одредби за условите под кои може да се ужива правото, односно условите под кои се запира исплатата на пензијата, односно другите парични примања.

Ако износот на пензијата содржи дел кој е признаен според посебни прописи, во диспозитивот на решението мора да се наведе тој износ

како обврска на соодветната општествено-политичка заедница спрема Заедницата.

Решението мора да биде образложено и да содржи поука за правно средство.

Стручната служба на Заедницата со свое упатство поподробно го регулира начинот на подготвувањето и содржината на решението.

Член 176

Кога во постапката се утврди дека осигуреникот има право на пензија, но не е можно веднаш да се утврди височината на примањето или постапката не може веднаш да се оконча поради решавањето на некое претходно прашање, службата со заклучок ќе определи на осигуреникот привремено да му се исплатува аконтација на примањето во износ што се утврдува врз основа на податоците со кои се располага.

Одредбите од став 1 на овој член ќе се применуваат и во постапката за донесување ново решение која се води по поништувањето односно по укинувањето на решението во обновената постапка или во постапката покрената по право на надзор во смисла на одредбите од членот 262 од Законот за општата управна постапка.

Член 177

Решението за признавање право на пензија и други права од пензиското и инвалидското осигурување се извршува веднаш по донесувањето, ако со овој статут не е поинаку поределено.

Се смета дека решението е донесено кога е врачено на странката на начин пропишан со одредбите на член 81 до 84 од Законот за општата управна постапка.

Член 178

Решението со кое е признаено право на професионална рехабилитација се извршува во однос на материјалното обезбедување веднаш, а во однос на упатување на професионална рехабилитација кога решението ќе стане конечно во управната постапка.

Непосредното упатување на инвалидот на трудот на професионална рехабилитација се врши со посебно решение за извршување на решението од став 1 на овој член. Во диспозитивот на решението се одредува: организацијата во која ќе се врши рехабилитацијата, занимањето за кое инвалидот треба да се оспособи, почетокот и траењето на рехабилитацијата, како и правата кои на инвалидот му припаѓаат во врска со користењето на правото на професионалната рехабилитација. Жалбата против ова решение го прекинува извршувањето на решението за правото на професионална рехабилитација во однос на исплатата на материјалното обезбедување, освен во случајот кога инвалидот на трудот во определен рок стапи на рехабилитација.

По завршената професионална рехабилитација се донесува решение за правото на вработување на инвалидот на трудот на работа за која со професионалната рехабилитација се оспособува и за привременио надоместок во врска со тоа право.

Член 179

Решението со кое е признаено право на вработување на соодветна работа се извршува од страна на овластената стручна служба во однос на привременио надоместок веднаш по донесувањето на решението, а во однос на распоредувањето на соодветна работа решението го извршува организацијата од членот 95 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување од кога решението ќе стане конечно.

Член 180

Стручната служба надлежна за решавање во прв степен е должна да обезбеди претходна контрола на решението со кое се одлучува за права на осигурениците од пензиското и инвалидското осигурување.

Контролата на решението во смисла на претходниот став ја врши овластен работник-контролор во состав на стручната служба надлежна за решавање во прв степен.

Контролата на решението опфаќа оценка на правилноста и законитоста на решението што се врши пред неговото потпишување.

На решението на кое е извршена контрола и е утврдено дека истото е правилно и законито контролорот става соодветна клаузула и ја заверува со свој потпис.

На решението кај кое контролорот ќе утврди одредени недостатоци во однос на правилноста и законитоста, се става службена забелешка за утврдените недостатоци и предметот се враќа на работникот што го подготвил нацртот на решението за отстранување на недостатоците.

Член 181

За правилноста и законитоста на решението за правата од пензиското и инвалидското осигурување донесено во прв степен одговорни се во рамките на својот делокруг; работникот што го подготвува решението, контролорот и работникот овластен за донесување и потпишување на решението.

Член 182

Против решението донесено во прв степен по барањето за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на првостепеното решение.

По жалбата од претходниот став решава Централата на Стручната служба на Заедницата.

По жалбите против решенијата донесени во прв степен од Централата на Стручната служба на Заедницата решава посебна комисија на Собранието на Заедницата.

Жалбата не го задржува извршувањето на првостепеното решение.

По исклучок од претходниот став, жалбата со која се побива инвалидноста и преостанатата работна способност го задржува извршувањето на првостепеното решение.

Ако со жалбата се побива наодот, оценката или мислењето на надлежната инвалидска комисија, органот од став 2 на овој член е должен, пред донесувањето на решение по жалбата, да прибави мислење од Второстепената инвалидска комисија.

Член 183

Органот од членот 182 став 2 и 3 од овој статут може жалбата да ја одбие, решението да го укине, поништи во целост или делумно, или да го измени.

Член 184

Решението што го донесува Централата на Стручната служба на Заедницата по жалба е конечно во управната постапка и против него може да се заведе управен спор.

Член 185

Ако по донесувањето на решението против кое нема редовно правно средство во управната постапка се сознае за нови факти, или се најде односно здобие можност да се употребат нови докази кои сами или во врска со веќе изведените и употребените докази би можеле да доведат до поинакво решение, ако тие факти односно докази биле изнесени или употребени во поранешната постапка, може, по исклучок од условите кои во такви случаи според Законот за општа управна постапка се бараат за покренување обнова на постапката, да се покрене обнова на постапката по однос на правата од пензиското и инвалидското осигурување и кога е пропуштено во поранешната постапка да се изнесе некој од тие факти односно докази. Обновата на постапката во овој случај ќе се покрене без оглед на роковите што се предвидени во Законот за општа управна постапка за барање обнова на постапката односно покренување

на таква постапка. Обновата на постапката се покренува по барање на странката или по службена должност.

Ако барањето за обнова на постапката е поднесено односно постапката за обнова е покрената во рок од 5 години од денот на врачувањето на решението на странката, во постапката на обновата се применуваат прописите што важеле во времето на донесувањето на решението. Ако барањето е поднесено односно постапката на обновата е покренатa по истекот на тој рок, во постапката на обновата се применуваат прописите кои важат во времето на поднесувањето на барањето за обнова на постапката односно во времето на покренувањето на таа постапка по службена должност.

Правата утврдени со решението донесено во постапката обновена во смисла на став 1 од овој член, следуваат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на барањето за обнова на постапката, односно од денот на донесувањето на решението во обновената постапка покренатa по службена должност.

Ново одредување на право врз основа на промени во состојбата на инвалидноста и преостанатата работна способност односно во степенот на телесното оштетување, кои се од влијание на правото определено во решението, кое станало конечно во управната постапка или правосилно, се врши во постапка покренатa по барање на осигуреникот.

Заради утврдување на промените од претходниот став надлежната служба има право да одреди повторен комисиски преглед на уживател на право одредено според Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут, доколку уживателот на правото нема наполнети 55 години (маж) односно 50 години живот (жена). Таков преглед може да се одреди и по барање на странката.

Член 186

Правосилното решние може да се измени со ново решение ако со првото решение е повреден законот на штета на странката или ако по некое правно прашање подоцна е заземено становиште поповолно за странката.

Ново решение ќе се донесе и ако се сознае за факти што се од влијание на правото на странката а кои настанале по донесувањето на решението.

Правото што ѝ следува на странката по решението донесено во смисла на став 1 и 2 од овој член тече од првиот ден на наредниот месец од денот кога странката поднесла барање за покренување на постапката, а ако постапката е покренатa по службена должност — од првиот ден на наредниот месец од денот на донесувањето на ново решение.

Ако по донесувањето на конечно решение повторно се решава за правото на странката врз основа на факти од ставот 2 од овој член, ќе се применат заради донесување на ново решение прописите што важеле во времето на покренувањето на постапката.

Член 187

Ако надлежната стручна служба врз основа на веродостојни докази утврди дека во работната книшка се впишани невистинити факти за пензискиот стаж, ќе покрене обнова на постапката за утврдување на тие факти.

Обнова на постапката во смисла на ставот 1 од овој член може да се покрене во рок од 5 години од денот на доставувањето на конечното решение на странката.

Обнова на постапката може да се покрене и по истекот на овие рокови ако решението е донесено врз основа на лажни исправи или лажен исказ на сведок или вештак, или дошло како последица на дело што се казнува по Кривичниот законик или се засновува врз пресуда донесена во кривична постапка, а таа пресуда е правосилно укината.

Надлежната стручна служба, по исклучок од став 1 и 2 од овој член, може во постапката за внесување на пензискиот стаж во матичната евиденција на активните осигуреници да покрене обнова на постапката и кога врз основа на веродостојни докази утврди дека одделни периоди на пензиски стаж се утврдени со очигледно погрешна примена на материјалниот закон, но најдоцна во рок од пет години од денот на примената на овој статут.

Член 188

Ако во обновата на постапката од членот 187 од овој статут се утврди дека решението со кое се утврдени периоди на пензиски стаж е повреден законот во корист на странката, надлежната стручна служба таквото решение ќе го измени, поништи или укине.

Врз основа на конечното решение донесено во обнова на постапката ќе се изврши и соодветна исправка во работната книшка.

Ако решението кое е предмет на обновување на постапката според членот 187 став 1 од овој статут е поништено, изменето или укинато во делот кој се однесува на пензискиот стаж по основа на кој е веќе остварено право на пензија, надлежната стручна служба врз основа на решението од ставот 2 на овој член ќе покрене постапка за повторно решавање за правото на пензија.

Член 189

Централата на Стручната служба на Заедницата како второстепен орган во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување обезбедува посебна контрола на решенијата донесени од првостепените органи, и тоа во рамките на правото на надзор според одредбите од член 262 од Законот за општа управна постапка.

Посебната контрола од претходниот став ја вршат инспектори на Централата на Стручната служба во обем и на начин утврдени со општ акт на Заедницата.

Дел десетти

УЧЕСТВО НА ИНВАЛИДСКИТЕ КОМИСИИ И ДРУГИ СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 190

Кога за решавање за право од инвалидското осигурување е потребно да се утврди инвалидност и преостанатата работна способност, постоење на опасност од настапување на инвалидност, телесно оштетување или постоење потреба за помош и нега од страна на друго лице, надлежната стручна служба ќе ги утврди овие факти врз основа на наодот, оценката, и мислењето на надлежната инвалидска комисија.

Член 191

Оценката и мислењето што го даваат инвалидските комисии во постапката за остварување на права од инвалидското осигурување мора да содржи:

1) оценка за причината на инвалидноста (болеста или повредата);

2) оценка за загубата или смалувањето на способноста за работа на својата работа односно за постоењето на опасност од настапување на инвалидност;

3) оценка за преостанатата работна способност;

4) оценка за телесното оштетување и причината за оштетувањето;

5) оценка за потребата од постојана помош и нега од страна на друго лице;

6) мислење за можноста за оспособување за работа на инвалидот по пат на професионална рехабилитација и за каква работа;

7) мислење за можноста за вработување на инвалидот на трудот на соодветна работа без професионална рехабилитација;

8) мислење за потребата од дополнително лекување (медицинска рехабилитација);

9) денот на настапувањето на инвалидноста, телесното оштетување односно опасноста од настапување на инвалидност;

10) мислење за потребата од повторен комисиски преглед;

11) образложение на оценките и мислењата дадени по претходните точки.

Кога инвалидноста е настаната од повеќе причини (делумно со несреќа на работа или професионална болест, а делумно со болест или повреда надвор од работата), инвалидската комисија дава и оценка за тоа колку на вкупната инвалидност влијаеле последиците причинети со несреќа на работа или професионална болест, а колку последиците причинети со болест или повреда надвор од работата.

Ако за користење на правото на професионална рехабилитација или на вработување е потребно користење на превозни средства, инвалидската комисија дава, по потреба, оценка и за тоа дали инвалидот на трудот може или не може да ги користи превозните средства на јавниот сообраќај со оглед на состојбата на својата инвалидност односно степенот на телесното оштетување.

Како ден на настапување на инвалидноста, опасноста од настапување на инвалидност, телесното оштетување или потребата за помош и нега од страна на друго лице се зема денот кога врз основа на комисискиот преглед се даде оценка во смисла на ставот 1 од овој член. По исклучок, настапувањето на инвалидноста, телесното оштетување или потребата за помош и нега пред извршувањето на комисискиот преглед на инвалидот на трудот може да се утврди само врз основа на медицинската документација што потекнува од тој период.

Член 192

Инвалидските комисии се формираат со актот за организација на Стручната служба на Заедницата, како првостепена инвалидска комисија и второстепена инвалидска комисија.

Инвалидските комисии од претходниот став се составени од најмалку два лекара и соодветен број стручни работници оспособени за примена и спроведување на прописите за оцена на инвалидноста, професионалната рехабилитација и вработувањето на инвалидите на трудот.

Инвалидските комисии можат да даваат наоди, оценки и мислења само ако работат во полн состав.

Првостепената инвалидска комисија дава наод, оценка и мислење врз основа на непосреден преглед на осигуреникот односно на инвалидот на трудот и врз основа на медицинска и друга документација за фактите што се од влијание за утврдување на инвалидноста и преостанатата работна способност, за опасноста од настапување на инвалидност, за телесно оштетување или за потреба од помош и нега од страна на друго лице, и тоа кога се решава за правата од инвалидското осигурување во прв степен.

Второстепената инвалидска комисија учествува во второстепената постапка за остварување на права кога во таа постапка се оспорува наодот, оценката и мислењето на првостепената инвалидска комисија дадени во рамките на првостепената постапка.

Второстепената инвалидска комисија, по правило, дава оценка и мислење врз основа на документацијата прибавена во второстепената постапка, а ако тоа го најде за потребно и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот односно на инвалидот на трудот.

Организацијата, составот и работата на инвалидските комисии, како и нивните меѓусебни односи се регулираат со општ акт на Заедницата.

Член 193

Инвалидските комисии можат во извршувањето на своите задачи да бараат стручно мислење или извршување на потребни претходни медицински испитувања од соодветни здравствени организации.

Дел единаесетти

ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 194

Осигурениците и уживателите на пензија го остваруваат правото на самоуправување во пензиското и инвалидското осигурување во рамките на Заедницата.

Во остварување на правото на самоуправување од претходниот став осигурениците и уживателите на пензија ги уредуваат правата и обврските од пензиското и инвалидското осигурување, го определуваат начинот на нивното остварување и управуваат со работите и средствата на Заедницата во согласност со законот, овој статут, општествените договори и самоуправните спогодби за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

Осигурениците и уживателите на пензија своето право на самоуправување од овој член го остваруваат непосредно на собирите на осигурениците и по пат на референдум и посредно преку Собранието на Заедницата и советите на осигурениците.

1. Собири на осигурениците и референдум

Член 195

Собирите на осигурениците на Заедницата се организираат како собири на осигурениците во општините.

Советите на осигурениците го регулираат составот и начинот на организирањето и свикувањето на собирите на осигурениците во општините.

Претседателот на советот на осигурениците ги свикува собирите на осигурениците во општината.

Член 196

Собирите на осигурениците се свикуваат по потреба заради разгледување и изјаснување на осигурениците за определени системски и други поважни прашања за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, кога за тоа ќе одлучат советите на осигурениците или Собранието на Заедницата.

На своите собири осигурениците можат да предлагаат мерки за подобрување организацијата и работата на спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, како и донесување односно измени и дополненија на прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 197

Собирите на осигурениците работат ако на собирот се присутни најмалку една петтина на осигурениците од составот на собирот.

Член 198

Собранието на Заедницата, по сопствена иницијатива или со предлог на советите на осигурениците, може да одлучи да се распише референдум за претходно изјаснување на осигурениците по поважни прашања од осигурувањето, или за потврдување на општи акти со кои се вршат позначителни промени во однос на правата и обврските на осигурениците.

Референдумот се спроведува во согласност со закон.

Со одлуката за распишување на референдумот поконкретно се определува организацијата и начинот на спроведувањето на референдумот.

Одлуката на осигурениците донесена на референдумот е задолжителна за Собранието на Заедницата.

2. Собрание на Заедницата и совети на осигурениците

а) Собрание на Заедницата

Член 199

Собранието на Заедницата има 69 члена, од кои: 45 члена избираат советите на осигурениците како свои делегати, 16 члена избираат и делегираат работните организации од одделните стопански дејности со најголем број работници, по еден член делегираат Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија и пет члена делегираат надлежните организации на пензионерите и инвалидите на трудот.

Членовите на Собранието на Заедницата што ги делегираат советите на осигурениците се избираат сразмерно со бројот на осигурениците во општините, при што секоја општина треба задолжително да биде претставена во Собранието на Заедницата со најмалку еден член — делегат.

Собранието на Заедницата со општ акт го утврдува бројот на делегатите за подрачјата на одделните општини во смисла на став 2 од овој член, како и начинот и постапката за изборот на делегатите.

Член 200

Право да бидат избирани за членови на Собранието на Заедницата имаат сите осигуреници и уживатели на пензија од подрачјето на општината, кои имаат општо избирачко право.

Мандатот на членовите на Собранието трае четири години.

Никој не може да биде избран за член на Собранието на Заедницата повеќе од двапати едноподруго.

Член 201

Изборите за членови на Собранието на Заедницата мора да се одржат најдоцна триесет дена пред истекот на мандатот на избраните членови на Собранието.

Изборите на членовите на Собранието, по правило, се одржуваат по усвојувањето на завршната сметка на Заедницата.

Одлука за распишување на избори донесува Собранието на Заедницата.

Од денот на распишувањето до денот на одржувањето на изборите не смее да помине помалку од триесет дена ниту повеќе од шеесет дена.

Член 202

На член на Собранието може да му престане мандатот и пред да истече времето за кое е избран, и тоа поради:

— губење својството на осигуреник на Заедницата;

— оставка, и

— отповикување.

Во случај на престанок на мандатот на член на Собранието пред истекот на времето за кое е избран, се спроведуваат дополнителни избори.

Мандатот на членот на Собранието избран на дополнителни избори трае онолку време колку би траел мандатот на членот на Собранието на чие место е избран.

Дополнителни избори нема да се спроведат ако до престанокот на мандатниот период на членот на Собранието кому мандатот му престанал не останува повеќе од шест месеци.

Член 203

Во остварувањето на своите задачи Собранието на Заедницата:

1) ги донесува Статутот и другите општи акти на Заедницата со кои се регулираат правата и обврските од пензиското и инвалидското осигурување и спроведувањето на тоа осигурување;

2) склучува општествени договори и самоуправни спогодби за регулирање на правата од пензиското и инвалидското осигурување и за спроведување на тоа осигурување, кога тоа е определено со закон или тоа го бараат заедничките интереси на Заедницата и на други интересни заедници, односно организации;

3) ја утврдува програмата за работа на Заедницата и презема мерки за унапредување на осигурувањето;

4) одлучува за користење на средствата на Заедницата, водејќи сметка за рационално работење, економично трошење и рентабилно вложување на расположивите средства на Заедницата;

5) основува стручна служба за вршење на стручните, финансиските и административните работи на Заедницата, ја утврдува нејзината организација и дава согласност на систематизацијата на работните места во службата, го утврдува начинот на остварувањето на самоуправните права на членовите на работната заедница на Стручната служба и ја утврдува надлежноста на стручната служба во постапката за остварување правата на осигурениците од пензиското и инвалидското осигурување;

6) ги утврдува стапките на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување и основиците за пресметување на придонесите, ако тие не се утврдени со закон;

7) го донесува финансискиот план и ја усвојува завршната сметка на Заедницата;

8) одлучува за задолжителното издвојување на средства во резервата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување;

9) одлучува за преземање мерки и акции за обезбедување на материјална основа и услови за спроведување на рехабилитацијата и вработувањето на инвалидите на трудот и децата — инвалиди на осигурениците;

10) одлучува за издвојување и насочување на средства за решавање на станбените потреби на уживателите на пензии и за начинот на користењето на тие средства;

11) склучува договори за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;

12) го следи и разгледува остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување на работниците вработени во странство и предлага мерки за унапредување на тоа осигурување;

13) го разгледува и усвојува извештајот за работа на Заедницата и на нејзината стручна служба како и извештаите, информациите и анализите за одделни прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување и во врска со тоа одлучува за преземање на соодветни мерки;

14) основува одбори и комисии на Собранието на Заедницата;

15) одлучува за основање на Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија и избира свои делегати во самоуправните органи и другите тела на Сојузот;

16) го именува директорот на Заедницата;

17) ги именува заменикот и помошниците на директорот на Заедницата, како и управниците на филијалите на Стручната служба на Заедницата;

18) донесува деловник за својата работа;

19) врши и други работи за кои според закон или други прописи е надлежна Заедницата, а со овој статут или друг општ акт не е изрично определено дека за тоа е надлежен друг орган на Заедницата.

Собранието на Заедницата има право да укине или поништи акт на органот на управувањето на Стручната служба на Заедницата за кој утврди дека е спротивен на закон, овој статут или друг општ акт на Заедницата.

Член 204

Пред донесувањето на општи акти со кои се определуваат права од пензиското и инвалидското осигурување или начинот на остварувањето на тие права, или со кои се определуваат обврски на осигурениците, Собранието на Заедницата е должно да прибави мислење за тие акти од осигурениците и другите заинтересирани органи и организации.

Мислењето на осигурениците Собранието на Заедницата го прибавува преку:

— советите на осигурениците;

— собирите на осигурениците;

— анкетирање и други видови на испитување мислењето на осигурениците, работните и други организации и нивните здруженија.

За начинот на прибавувањето на мислењата од претходниот став одлучува Собранието на Заедницата.

Член 205

Собранието на Заедницата има претседател и заменик-претседател, кои се избираат на начин предвиден со деловникот за работа на Собранието.

Во случај на спреченост на претседателот, него го заменува заменик-претседателот со сите права и должности.

Член 206

Претседателот и заменикот на претседателот се избираат за време од две години.

Претседателот и заменикот на претседателот не можат да бидат избрани повеќе од двапати едноподруго.

Собранието на Заедницата може да го отповика претседателот или заменикот на претседателот и пред да им престане мандатот.

Член 207

Претседателот на Собранието: го претставува Собранието на Заедницата, ги свикува седниците на Собранието и претседава на седниците, ја усогласува работата на Собранието и нејзините органи, се грижи Собранието во расправањето на одделни прашања да ги зема предвид поднесените и прибавените мислења и предлози на осигурениците. се грижи за правилна примена на овој статут и деловникот на Собранието, се грижи за навремено и правилно извршување на одлуките што ги донесува Собранието и врши други работи утврдени со овој статут и другите општи акти на Собранието на Заедницата.

Член 208

Органи на Собранието на Заедницата се:

— Извршниот одбор;

— Комисијата за решавање по жалби во управна постапка;

— одборите и комисиите формирани за извршување на определени задачи, и

— директорот на Заедницата.

Член 209

Извршниот одбор на Собранието на Заедницата (во натамошниот текст: Извршен одбор) е колективен извршен орган на Собранието на Заедницата.

Извршниот одбор има единаесет члена.

Претседателот и членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието на Заедницата од редот на своите членови, на начин определен со деловникот на Собранието.

Член 210

Претседателот и членовите на Извршниот одбор се избираат за време од две години.

Членовите на Извршниот одбор не можат да бидат избрани повеќе од двапати едноподруго.

Собранието на Заедницата може да го разреши од должност секој член на Извршниот одбор и пред да истече времето за кое е избран и на негово место да избере друг член.

Предлог за разрешување од должност на член на Извршниот одбор, во смисла на претходниот став, можат да поднесат:

— мнозинството од вкупниот број на членовите на Извршниот одбор, или

— најмалку десет члена на Собранието на Заедницата.

Член 211

Извршниот одбор:

1) предлага на Собранието на Заедницата донесување на статут, програма за работа, финансиски план, други општи акти на Заедницата, како и усвојување на завршната сметка на Заедницата;

2) предлага на Собранието на Заедницата склучување на општествени договори и самоуправни спогодби со други интересни заедници, општествено-политички организации и други органи и организации;

3) го следи и обезбедува уредното и правилното извршување на одлуките и заклучоците на Собранието на Заедницата;

4) поднесува предлози на договорите што ги склучува Собранието со одделни категории осигуреници;

5) го утврдува предлогот на одлуката за организација на Стручната служба на Заедницата и предлогот на одлуката за давање согласност на актот за систематизација на работните места на Стручната служба;

6) се грижи за правилното остварување правата на осигурените лица и по потреба дава насоки за работа на Стручната служба на Заедницата;

7) одлучува за користење на средствата од деловниот и резервниот фонд на Заедницата;

8) дава согласност на решенијата на комисиите за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија во општините за доделување на неповратни средства од Фондот за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија;

9) разгледува нацрти на закони и други прописи од пензиското и инвалидското осигурување, како и нацрти на меѓународни договори на социјалното осигурување и во врска со истите дава на Собранието на Заедницата мислења и предлози;

10) врши и други работи што со овој статут и со други акти на Собранието на Заедницата му се ставени во делокруг.

Член 212

Комисијата за решавање по жалби во управна постапка донесува решенија по жалбите на осигурениците и уживателите на пензија против решенијата донесени во прв степен од Централата на Стручната служба на Заедницата.

Комисијата од претходниот став се состои од три члена, од кои двајца се членови на Собранието на Заедницата, а еден стручен работник од Централата на Стручната служба на Заедницата и неа ја именува Собранието на Заедницата.

Собранието на Заедницата основа и именува и други одбори и комисии од редот на своите членови и од редот на работниците на Стручната служба на Заедницата за извршување на определени задачи.

Надлежноста, составот и времетраењето на работата на одборите и комисиите од претходниот став ги утврдува Собранието на Заедницата со актот за нивното основање.

Член 213

Членот на Собранието на Заедницата ги има следниве права и должности:

1) да избира и да биде избран во органите на Собранието на Заедницата;

2) да учествува во работата на Собранието на Заедницата и органите на Собранието во кои е именуван;

3) да покренува иницијатива за разгледување на определени прашања од пензиското и инвалидското осигурување;

4) да учествува во работата на советот на осигурениците од своето подрачје и да го известува за својата работа во Собранието на Заедницата како

и за одлуките и ставовите на Собранието на Заедницата;

5) за извршување на своите права и должности да бара од Стручната служба на Заедницата податоци што му се потребни за работа во Собранието на Заедницата, неговите органи и во советот на осигурениците.

Член 214

Членот на Собранието одговара за својата работа пред Собранието и пред советот на осигурениците што го избрал.

Член 215

Работата на членовите на Собранието на Заедницата и на членовите на органите на Собранието на Заедницата е почесна.

Членовите на Собранието на Заедницата и неговите органи имаат право на надоместок на патните и други трошоци во врска со вршењето на должностите во Собранието на Заедницата и неговите органи.

Поблиски прописи за надоместокот и височината на надоместокот на трошоците од претходниот став донесува Собранието на Заедницата.

б) Директор на Заедницата

Член 216

Директорот на Заедницата е индивидуален извршен орган на Собранието на Заедницата.

Директорот е раководител на Стручната служба на Заедницата.

Член 217

Директорот на Заедницата го именува Собранието на Заедницата врз основа на спроведен конкурс, по предлог на конкурсна комисија.

Конкурсната комисија од претходниот став се состои од пет члена кои ги именува Собранието на Заедницата, и тоа: три члена од редот на своите членови и два члена од делегирани претставници на органите на Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Член 218

За директор на Заедницата може да биде именувано лице што има висока школска подготовка и наймалку десет години работно искуство, од кои наймалку пет години на раководни работи.

Директорот на Заедницата се именува за време од четири години, а по истекот на тој рок може повторно да биде именуван.

Член 219

Директорот на Заедницата може да биде разрешен од должноста и пред истекот на времето за кое е именуван:

1) ако со својата незаконита и неправилна работа односно постапка и стори на Заедницата значителна материјална штета;

2) ако со својата работа во значителна мера го отежнува остварувањето на задачите на Заедницата, и

3) ако сам поднесе барање за разрешување од должноста.

Разрешувањето на директорот од должност се врши по иста постапка како и за неговото именување.

На директорот на Заедницата што е разрешен од должност, Заедницата има обврска да му понуди друго работно место во состав на Стручната служба на Заедницата кое одговара на неговата стручна подготовка и другите работни способности.

Ако директорот на Заедницата што е разрешен од должност не ја прифати понудата од претходниот став, тој има право да остане на работа во Заедницата во траење од шест месеци со право на личен доход што го имал дотогаш.

Член 220

Директорот на Заедницата е должен да го организира и обезбеди вршењето на работите на Заедницата во областа на пензиското и инвалидското осигурување врз основа на законски и други прописи, меѓународни договори и други спогодби за социјалното осигурување, самоуправните спогодби и општествените договори, овој статут и другите општи акти на Заедницата.

Директорот на Заедницата ја организира, насочува и усогласува работата на Стручната служба на Заедницата и се грижи за законитоста на работата, како и за ефикасноста и економичноста на работењето на службата.

За својата работа директорот на Заедницата е одговорен пред Собранието на Заедницата.

Директорот на Заедницата во извршувањето на своите задачи и овластувања ги врши особено следниве работи:

— го обезбедува извршувањето на одлуките, програмата за работа, плановите, насоките и заклучоците на Собранието на Заедницата и неговите органи;

— ја застапува Заедницата во имотно-правните и другите односи;

— се грижи за наменското користење на средствата на Заедницата;

— склучува договори за Заедницата кога за тоа е овластен;

— донесува решенија за правата на осигурените лица од пензиското и инвалидското осигурување од надлежност на Централата на Стручната служба на Заедницата;

— се грижи за извршување на задачите од областа на народната одбрана;

— врши работи на наредбодавец за извршување на финансискиот план на Заедницата и на Стручната служба на Заедницата;

— донесува поединечни акти за правата и обврските на работниците на Стручната служба на Заедницата согласно со општите акти на Заедницата и на Стручната служба на Заедницата;

— врши и други работи одредени со закон, овој статут, со други општи акти и со заклучоци на Собранието на Заедницата и неговите органи, односно органите на Стручната служба на Заедницата.

Ако се дознае и утврди дека при донесувањето на наодите, оценките и мислењата од страна на инвалидските комисии се допуштени неправилности, или од тие комисии или од органите кои учествувале во претходната постапка, врз основа на кои осигуреникот односно инвалидот на трудот оствариил неоправдано права од инвалидското осигурување, директорот на Заедницата е должен да преземе потребни мерки за отстранување на утврдените неправилности во смисла на закон и овој статут.

Ако директорот на Заедницата најде дека општ или поединечен акт на органот на управувањето на Стручната служба на Заедницата, освен поединечните акти донесени во управната постапка и актите по кои за одлучување е предвидена надлежност на суд, е во спротивност со закон, овој статут или друг општ акт на Заедницата, или поединечниот акт е во спротивност со општиот акт на Стручната служба на Заедницата, ќе му обрне за тоа внимание на органот на управувањето. Ако и по обрнатото внимание органот на управувањето остане при својот акт, директорот може да му предложи на Собранието на Заедницата да го поништи или укине актот на органот на управувањето.

До донесување на одлука од Собранието на Заедницата по предлогот на директорот на Заедницата за поништување или укинување на актот на органот на управувањето, актот на органот на управувањето не може да се изврши.

Член 221

На директорот на Заедницата во неговата работа му помагаат заменикот на директорот и определен број помошници на директорот.

Во однос на именувањето и разрешувањето како и во однос на личниот доход на заменикот на директорот и помошниците на директорот се применуваат одредбите на овој статут што се однесуваат на директорот на Заедницата.

Условите за именување на заменикот на директорот и на помошниците на директорот се утврдуваат со општиот акт за систематизација на работните места на Стручната служба на Заедницата.

Член 222

За потпишување на одредени финансиски документи и решенија за правата на осигурените лица од пензиското и инвалидското осигурување, директорот на Заедницата може да ги овласти заменикот на директорот, помошниците на директорот и други работници на Стручната служба на Заедницата.

Во случај на отсутност од работата директорот на Заедницата го заменува заменикот на директорот.

в) Совети на осигурениците

Член 223

Советот на осигурениците е самоуправен орган на осигурениците во Заедницата, кој се основува за подрачјето на секоја општина и има најмалку петнаесет члена.

Со одлука на Собранието на Заедницата се определува бројот на членовите на одделните совети на осигурениците и начинот на нивниот избор.

Бројот на членовите на советот на осигурениците се утврдува сразмерно со бројот на осигурениците и уживателите на пензија на подрачјето на општината, а при изборот на членовите се води сметка за сразмерната застапеност на осигурениците и на уживателите на пензија.

Член 224

Членовите на советот на осигурениците ги избираат осигурениците во општината како свои делегати.

Начинот на изборот на советите на осигурениците го утврдува Собранието на Заедницата со актот од членот 221 став 2 од овој статут.

Член 225

Членовите на советот на осигурениците се избираат на четири години.

Никој не може да биде избран за член на советот на осигурениците повеќе од двапати едноподруго.

Член 226

Изборите за членови на советите на осигурениците ги распишува Собранието на Заедницата истовремено со распишувањето на изборите за членови на Собранието на Заедницата.

Член 227

Советот на осигурениците има претседател и заменик на претседателот што ги избира советот на првата седница, на начин што сам ќе го определи.

Претседателот на советот и неговиот заменик се избираат за време од две години.

Претседателот и неговиот заменик не можат да бидат избрани повеќе од двапати едноподруго.

Претседателот на советот и неговиот заменик можат да бидат отповикани и пред истекот на времето за кое се избрани.

Член 228

Претседателот на советот на осигурениците ги свикува седниците на советот, претседава на седниците, ги потпишува актите што ги донесува советот и се грижи за нивното извршување.

Претседателот на советот на осигурениците во случај на негова спреченост, го заменува заменикот на претседателот.

Член 229

Советот на осигурениците:

1) го следи остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување на осигурените лица од своето подрачје и по потреба предлага мерки за подобрување положбата на осигурените лица и унапредување на постапката за остварување правата на осигурените лица;

2) го разгледува предлогот на програмата за работа на Заедницата, предлогот на финансискиот план, завршната сметка, статутот и другите општи акти што ги донесува Собранието на Заедницата во случаи кога е тоа предвидено со општиот акт;

3) го разгледува годишниот извештај за работа на Заедницата и нејзината стручна служба;

4) ја следи работата на надлежната стручна служба од своето подрачје и предлага мерки за унапредување на нејзината работа;

5) го разгледува спроведувањето на политиката во врска со решавањето на станбените потреби на уживателите на пензија и ги именува претседателот и членовите на општинската комисија за решавање на станбените потреби на уживателите на пензија;

6) ги спроведува акциите за анкетирање на осигурениците и дава мислења и предлози за прашања за кои Собранието на Заедницата одлучи, пред донесувањето на општ акт, да се прибави мислењето на осигурениците;

7) избира делегати за членови на Собранието на Заедницата;

8) врши и други работи одредени со закон, овој статут и други општи акти на Заедницата.

Член 230

Советот на осигурениците работи според деловник што сам го донесува.

Административните и другите работи во врска со работата на советот на осигурениците ги врши стручната служба надлежна за подрачјето на советот.

Средствата за работа на советите на осигурениците се обезбедуваат со Финансискиот план на Заедницата.

г) Соработка со други организации и органи

Член 231

Во остварување на своите задачи самоуправните органи на Заедницата соработуваат со Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија, другите заедници на пензиското и инвалидското осигурување во Југославија, со општествено-политичките заедници, со други интересни заедници, со организациите на здружениот труд и со други организации и органи.

3. Стручна служба на Заедницата

Член 232

За вршење на стручните, финансиските и административните работи Заедницата основа своја стручна служба (во натамошниот текст: Стручна служба на Заедницата).

Стручната служба на Заедницата се состои од Централа на Стручната служба и потребен број филијали.

Собранието на Заедницата може, наместо да формира своја филијала за одделни подрачја, да го довери вршењето на работите од надлежноста на филијалата на друга интересна заедница, како и да одлучи Стручната служба на Заедницата да врши стручни, финансиски и административни работи за други интересни заедници и организации, на начин и под услови што ќе се утврдат со меѓусебен договор.

Член 233

Стручната служба е составен дел на Заедницата, без својство на правно лице.

Средства за работа на Стручната служба обезбедува Заедницата.

Член 234

Организацијата на Стручната служба на Заедницата ја утврдува Собранието на Заедницата со општ акт што се донесува по претходно прибавено мислење од работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

Систематизацијата на работните места на Стручната служба на Заедницата ја утврдува работната заедница на Стручната служба на Заедницата со свој општ акт, кој подлежи на согласност од страна на Собранието на Заедницата.

Член 235

Заради остварување на своите самоуправни и други права, работниците на Стручната служба на Заедницата се конституираат како работна заедница.

Работната заедница на Стручната служба на Заедницата ги остварува своите самоуправни права во согласност со Уставот, законот, овој статут и другите општи акти на Заедницата.

Работниците на Стручната служба на Заедницата особено имаат право и должност да ги уредуваат своите внатрешни односи, да остваруваат и одлучуваат за распределба на доходот и на личните доходи во согласност со резултатите од работата, да одлучуваат за систематизацијата на работните места во согласност со Собранието на Заедницата, да ги уредуваат меѓусебните работни односи, да се грижат за своето стручно усовршување како и за подобрување организацијата на работата, да одлучуваат за составот и начинот на работата на органите на работната заедница и за други прашања во согласност со закон, овој статут и други општи акти на Заедницата.

Орган на управување на Стручната служба на Заедницата е Советот на Стручната служба на Заедницата.

Член 236

Стручната служба на Заедницата донесува програма за својата работа, која е составен дел на програмата за работа на Заедницата.

Средствата за работа на Стручната служба на Заедницата се утврдуваат со финансискиот план на Заедницата врз основа на планираниот обем на работа, други основи и мерила, а во согласност со Општествениот договор и Самоуправната спогодба за распределба на доходот и на личните доходи.

Приходите и расходите на Стручната служба се утврдуваат со финансискиот план на Стручната служба на Заедницата, кој е составен дел на финансискиот план на Заедницата.

Стручната служба на Заедницата донесува завршна сметка, која е составен дел на завршната сметка на Заедницата.

Член 237

Надвор од средствата утврдени за работа на Стручната служба на Заедницата во смисла на став 2 од членот 236 од овој статут Заедницата одобрува на Стручната служба на Заедницата посебни наменски средства за набавка на опрема, за изградба, адаптација или купување на деловни простории и слично.

Член 238

Советот на Стручната служба на Заедницата донесува општ акт за вршење на работата на народната одбрана и план за подготвување на народната одбрана во согласност со Законот за народна одбрана, Законот за организација на подготвувањата во областа на народната одбрана и прописите донесени врз основа на тие закони, а во согласност со органите надлежни за работите на народната одбрана.

Финансиските средства потребни за извршување на задачите од претходниот став се обезбедуваат како наменски средства со финансискиот план на Заедницата.

Дел дванаесетти

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 239

Финансирањето на пензиското и инвалидското осигурување се врши во согласност со одредбите на член 147 до 160 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, одредбите на овој статут и други општи акти на Заедницата.

Член 240

Заедницата формира Фонд на пензиското и инвалидското осигурување (во натамошниот текст: Фонд).

Заедницата може да формира и други фондови со посебна намена врз основа на посебни прописи.

Од средствата на Фондот се покриваат расходите за исплата на пензиите и другите парични примања од пензиското и инвалидското осигурување, трошоците за спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, придонесите за здравствената заштита и непосредната детска заштита и додатокот на деца на уживателите на пензија и други обврски утврдени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Ако е потребно заради извршување на професионална рехабилитација или вработување на инвалидите на трудот да се адаптираат простории, машини и други орудија односно средства за работа во организациите на здружениот труд, заштитните работилници и други организации за професионална рехабилитација на инвалидите на трудот и децата — инвалиди, Заедницата учествува во обезбедувањето на средства за таа цел.

Со договор помеѓу Заедницата и заинтересираната организација се определува височината, намената и начинот на користењето на средствата.

Член 241

Во фондот се внесуваат средства:

1) од придонесите за пензиското и инвалидското осигурување;

2) од учеството на општествено-политичките заедници во финансирањето на пензиското и инвалидското осигурување, и

3) од други приходи.

Член 242

Во рамките на Фондот се формира задолжителна резерва.

Резервата на Фондот се формира:

1) со издвојување определен процент од остварените приходи од придонесите за пензиското и инвалидското осигурување;

2) со внесување на вишокот на приходи над расходите на Фондот според завршната сметка, и

3) од остварените интереси на вложените средства на резервата.

Член 243

Резервата на Фондот служи за обезбедување обртни средства на Фондот, за покривање вишокот на расходите над приходите утврден со завршната сметка на Фондот, како и за обезбедување на стабилно работење и ликвидност на Фондот.

Обртните средства што се формираат во рамките на резервата на Фондот се утврдуваат во височина од 10% од вкупните расходи на Фондот остварени во претходната година.

Член 244

Средствата на резервата на Фондот кои не се користат како обртни средства можат да се орочуваат или даваат како наменски кредити на други носители на општествени средства за вложување во инвестиции кои служат за унапредување заштитата на осигурениците.

Член 245

Финансиското работење на Фондот опфаќа:

1) составување финансиски план на приходите и расходите на Фондот;

2) остварување на приходите и извршување на расходите на Фондот;

3) водење книговодство и евиденција за финансиското работење и средствата на Фондот, и

4) составување на завршна сметка и биланс на Фондот.

Во рамките на финансиското работење на Заедницата одделно се води финансиското работење на Стручната служба на Заедницата.

Член 246

Од приходите на Фондот се обезбедуваат средства за решавање на станбените потреби на уживателите на пензија и за закрепнување на уживателите на пензија и инвалидите на трудот кои уживаат право на материјално обезбедување и привремен надоместок.

Височината на средствата за решавање на станбените потреби и закрепнување на уживателите на пензија како и начинот на користењето на тие средства ги определува Собранието на Заедницата со општи акти.

Член 247

Придонесите за пензиското и инвалидското осигурување (во натамошниот текст: придонеси) ги пресметуваат и уплатуваат, како обврзници на уплата на придонеси (во натамошниот текст: обврзници):

1) организациите на здружениот труд, другите организации и државните органи — за осигурениците што се кај нив вработени, како и за осигурениците кои по завршеното школување кај нив се наоѓаат на задолжителна практична работа или на доброволна практика;

2) приватните работодавци и граѓани — за лицата што се кај нив вработени;

3) организациите на лицата кои вршат самостојни дејности — за своите членови за кои врз основа на договор презеле обврска да плаќаат придонес;

4) осигурените лица — кога врз основа на закон, овој статут или договор се должни сами за себе да плаќаат придонес или дел од придонесот;

5) училиштата, факултетите и други образовни организации — за учениците односно студентите кои кај нив се наоѓаат на школување односно стручно оспособување, доколку вршат практична или производна работа;

6) инвеститорите на јавни работи — за осигурените лица кои учествуваат во тие работи во рамките на младинските работни акции;

7) организациите, органите и општествено-политичките заедници — за осигурените лица кои учествуваат на јавни работи, акции на спасување или одбрана од елементарни непогоди и несреќи. или вршат јавни функции на повик и во организација на истите (член 50 став 1 точка 1 и 2 и член 51 став 1 точка 1, 4 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување).

Член 248

Наплатата на придонесите од обврзниците кои своето финансиско работење го водат преку Службата на општественото книговодство ја врши таа служба при исплатата на средствата за лични доходи. Другите обврзници се должни придонесите сами да ги пресметуваат и уплатуваат на определени сметки на Заедницата.

Обврската за плаќање на придонесите стасува:

1) за обврзниците кои своето финансиско работење го водат преку Службата на општественото книговодство — во денот на подигањето на средства за лични доходи;

2) за обврзниците кои своето финансиско работење не го водат преку Службата на општественото книговодство — последниот ден во месецот за кој се врши исплата на личниот доход, односно првиот ден во месецот ако исплатата на личниот доход е договорена однапред;

3) за осигурениците кои се сами обврзници за плаќање на придонес за своето осигурување — првиот ден на месецот за тековниот месец, и

4) за обврзниците од членот 247 точка 6 и 7 од овој статут — последниот ден на секој месец.

Заедницата во согласност со Републичкиот секретаријат за финансии донесува поблиски прописи за утврдување на основицата и за начинот на пресметување и плаќање на придонесот.

Член 249

Ако обврзникот во пропишаниот рок не ги уплатил стасаните придонеси, или не ги уплатил во целост, Заедницата издава интерен платен налог за уплата на придонесите заедно со казнената камата во рок од 8 дена од денот на приемот на платниот налог.

Обврзникот може во рок од 8 дена од денот на приемот на платниот налог од претходниот став да изјави приговор до органот што го издал платниот налог. Ако обврзникот навремено изјавил приговор, Заедницата може своето побарување да го оствари со тужба кај надлежниот суд.

Платниот налог против кој не е изјавен приговор или приговорот е вложен по истекот на рокот за приговор — станува извршен по истекот на рокот за приговор.

Член 250

Врз основа на извршен платен налог, а по барање на Заедницата, Службата на општественото книговодство врши наплата на износите на неплатените придонеси со пренос на средства од сметката на обврзникот во полза на сметката на Заедницата.

Ако наплатата на неплатените придонеси не може да се изврши на начин предвиден во претходниот став, наплатата на тие придонеси ќе се остварува по правилата на извршната постапка.

Член 251

Одредбите на овој статут кои се однесуваат на обврските на организациите во однос на пресметувањето и уплатувањето на придонесите важат и за приватните работодавци, ако со закон и овој статут не е поинаку определено.

Член 252

Заедницата има право да врши увид во книгите и евиденциите кај организациите и приватните работодавци заради контрола на правилноста на пресметувањето и уплатувањето на придонесите и заради контрола на остварувањето на правата на осигурениците.

Член 253

За потребите на Стручната служба на Заедницата во рамките на Заедницата се формираат следниве фондови:

1) деловен фонд;

2) резервен фонд, и

3) фонд за заедничка потрошувачка.

Со фондовите од претходниот став управува Собранието на Заедницата.

Со средствата на фондот за заедничка потрошувачка располага и за нивното користење одлучува работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

Собранието на Заедницата може да го овласти Извршниот одбор на Собранието на Заедницата и Стручната служба на Заедницата да одлучуваат за користење на средствата на деловниот фонд до определена височина.

Средствата на фондовите од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од:

— доходот на Стручната служба при неговата распределба, и

— наменски доделените средства од Заедницата.

Член 254

Користењето на средствата од став 1 на членот 253 од овој статут се врши во согласност со закон.

Дел тринаесетти

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 255

За правата од пензиското и инвалидското осигурување остварени до 31 декември 1972 година, како и за правата за кои се остварени услови по прописите за пензиското и инвалидското осигурување со важност до таа дата ќе се применуваат одредбите на член 170 до 180 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Лицата кои по денот на применувањето на Законот за пензиското и инвалидското осигурување немале својство на осигуреник, а кај кои инвалидноста настапила пред 1 јануари 1973 година и кои по 1 јануари 1965 година биле осигуреници, можат да стекнат право од инвалидското осигурување ако ги исполнуваат условите по одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут и ако сè уште постои инвалидност или друга основа од член 53 на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Правата стечени според овој став припаѓаат од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето.

Општите акти за правата и обврските од пензиското и инвалидското осигурување донесени од Заедницата до 31 декември 1972 година, а кои се применуваат од 1 јануари 1973 година, како и општите акти донесени по 1 јануари 1973 година, а пред влегувањето во сила на овој статут, остануваат во сила и ќе се применуваат и натаму сè до донесување на соодветни општи акти според одредбите на овој статут, со исклучок на одредбите од тие акти што се во спротивност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 256

Договорите за установување и спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на осигурениците што вршат самостојни дејности ќе се применуваат до нивното усогласување со одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут, но најдоцна до 31 декември 1973 година, со исклучок на одредбите од тие договори што се во спротивност со тие прописи.

Член 257

До донесување на општиот акт предвиден со член 146 од овој статут по однос на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето стажот на осигурувањето на тие работни места, како и обемот на соодветното намалување на старосната граница, во смисла на одредбите од член 114 став 3 и член 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ќе се применуваат прописите што беа во сила до 31 декември 1972 година.

Член 258

Одредбите на член 162 до 179 и од 181 до 193 од овој статут кои се однесуваат на постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ќе се применуваат почнувајќи од 1 јануари 1974 година, а до тој ден сообразно ќе се применуваат одредбите за постапката за остварување на тие права од прописите за пензиското и инвалидското осигурување што беа во важност до 31 декември 1972 година, доколку не се во спротивност со одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Со примената на одредбите на член 180 од овој статут ќе се започне најдоцна од 1 јануари 1975 година, а до тој ден ќе се врши ревизија на првостепените решенија со кои се одлучува за правата на осигурениците од пензиското и инвалидското осигурување, на начин и по постапка определени со овој статут.

Член 259

Ревизијата на првостепените решенија од членот 258 став 2 од овој статут ја врши Централата на Стручната служба на Заедницата по службена должност.

Ревизијата не го одлага извршувањето на решението.

Ако против првостепено решение е поднесена жалба, за ревизијата и жалбата се решава едновремено.

Член 260

Ако ревизијата на решението кое станало конечно поради тоа што не била поднесена жалба не биде извршена во рок од 3 месеци од денот на истекот на рокот за жалба, ќе се смета дека ревизијата е извршена и дека е дадена согласност на решението.

Член 261

Во вршење на ревизија Централата на Стручната служба на Заедницата може на првостепеното решение да даде согласност, или да го измени, или да го поништи односно укине.

Органот што решавал во прв степен, а чие решение во вршење на ревизија е поништено или укинато, донесува ново првостепено решение.

Новото првостепено решение подлежи на ревизија во која се испитува само дали тоа решение е во согласност со причините поради кои поранешното првостепено решение е поништено или укинато.

Член 262

Решението на Централата на Стручната служба на Заедницата донесено во втор степен, како и решението донесено во вршење на ревизија, ако со него првостепеното решение е изменето, има својство на управен акт против кој може да се води управен спор.

Управен спор не може да се води против решението донесено по жалба, ако со тоа решение во вршење на ревизија првостепеното решение е поништено или укинато.

Против решение со кое во вршење на ревизија првостепеното решение е поништено или укинато, не може да се води управен спор.

Член 263

На уживателите на инвалиднина кои тоа право го остариле по основа на телесно оштетување предизвикано со несреќа на работа или професионална болест и го користеле до 31 декември 1972 година, правото на паричен надоместок за телесно оштетување во износот определен со одредбите на овој статут им следува од 1 јануари 1973 година.

На уживателите на инвалиднина кои тоа право го остариле по основа на болест или повреда надвор од работата и користеле до 31 декември 1972 година правото на паричен надоместок за телесно оштетување во износот определен со одредбите на овој статут им следува од 1 јануари 1973 година.

Пресметувањето и исплатата на паричниот надоместок од став 1 и 2 на овој член ќе се изврши по службена должност од Стручната служба на Заедницата.

На уживателите на инвалиднина од став 2 на овој член, кои претрпеле телесно оштетување од 7 и 8 степен нема да се применуваат одредбите на членот 74 став 2 од овој статут туку и понатаму ќе се исплатува паричен надоместок за телесно оштетување во височина утврдена за соодветниот степен на телесното оштетување според одредбите на овој статут.

На осигурениците и уживателите на пензија кои претрпеле телесно оштетување предизвикано со болест или повреда надвор од работата до 31 декември 1972 година, а кои правото на инвалиднина не можеле да го остварат по прописите што

беа во важност до тој ден, како и осигурениците и уживателите на пензија кои такво телесно оштетување претрпеле по 1 јануари 1973 година, правото на паричен надоместок за телесно оштетување ќе им се определува по нивно барање. Ова право следува од 1 јануари 1973 година, односно од денот на настапувањето на телесното оштетување, а се исплатува од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето и најмногу за 6 месеци наназад.

Член 264

На осигуреник со преостаната работна способност кај кој инвалидноста настапила до 31 декември 1972 година, а не остварил право на вработување односно на професионална рехабилитација, заради тоа што не ги исполнил условите на стажот по поранешните прописи, ќе се утврди правото на вработување односно на професионална рехабилитација:

1) ако поднесе барање до 31 декември 1973 година;

2) ако на денот на поднесувањето на барањето ги исполнува условите во однос на годините на животот од член 80 и 88 од овој статут и ако сè уште постои иста состојба на инвалидност;

3) ако на денот кога првпат е утврдена инвалидност ги исполнувал условите на стажот од член 78 од овој статут.

Правото тече од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето.

Член 265

На уживатели на инвалидска пензија по основа на инвалидност од I категорија, што ја остариле до 31 декември 1972 година, а на кои не им бил определен додаток на инвалидност, по нивно барање ќе им се определи додаток на инвалидност доколку ги исполнуваат условите во смисла на член 63 од овој статут, од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето.

Член 266

Деца — инвалиди на осигуреници од член 12 до 14 и член 47 до 51 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кои не остариле право на професионална рехабилитација поради тоа што не ги исполнувале условите по прописите што се применуваат до 31 декември 1972 година по барање на осигуреникот ќе им се признае тоа право под условите предвидени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут.

Член 267

На уживателите на пензија на 31 декември 1972 година на нивно барање пензиіата повторно ќе им се пресмета според процентите определени во член 26 став 4 и член 71 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и член 32 од овој статут.

Пензијата определена според претходниот став припаѓа од 1 јануари 1973 година ако барањето е поднесено до 31 декември 1973 година, а ако е поднесено по тој ден пензијата припаѓа од првиот ден на наредниот месец.

Член 268

Изборите за членови на Собранието на Заедницата и за членови на советите на осигурениците според одредбите на овој статут ќе се извршат најдоцна до 15 октомври 1973 година.

Конституирањето на органите од претходниот став ќе се изврши најдоцна до 31 октомври 1973 година.

Член 269

Донесувањето на нови општи акти за примена на одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој статут и усогласувањето на донесените општи акти со тие прописи, ќе се изврши најдоцна до 31 декември 1973 година.

Член 270

Постапката за донесување нов статут на Заедницата, односно за измени и дополненија на постојниот Статут се покренува:

1) по одлука на Собранието на Заедницата;

2) по предлог на Извршниот одбор на Собранието на Заедницата;

3) по предлог од најмалку 1/5 од советите на осигурениците.

Предлогот за покренување на постапката од точка 2 и 3 од претходниот став се поднесува во писмена форма со потребно образложение.

Член 271

Предлогот за донесување нов статут на Заедницата, односно за измени и дополненија на постојниот Статут поднесен од советите на осигурениците го разгледува Извршниот одбор на Собранието на Заедницата и го доставува на Собранието на Заедницата за одлучување со свое мислење.

Нацртот на новиот статут на Заедницата односно на одлуката за измени и дополненија на Статутот на Заедницата го подготвува Извршниот одбор на Собранието на Заедницата во соработка со Стручната служба на Заедницата.

Член 272

Нацртот на новиот статут на Заедницата односно на одлуката за измена и дополненија на Статутот на Заедницата го утврдува Собранието на Заедницата и го доставува на разгледување на советите на осигурениците, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Републичкиот секретаријат за труд и републичките органи на здруженијата на пензионерите и на здруженијата на инвалидите на трудот.

Разгледувањето на нацртот на статутот односно одлуката од претходниот став трае 30 дена.

По истекот на рокот од претходниот став Извршниот одбор на Собранието на Заедницата ги разгледува дадените предлози и го утврдува конечниот текст на предлогот на новиот статут односно предлогот на одлуката за измена и дополненија на Статутот на Заедницата.

По приемот на предлогот од претходниот став Собранието на Заедницата пристапува кон неговото разгледување и усвојување.

Новиот статут односно одлуката за измени и дополненија на Статутот се сметаат за усвоени ако за тоа гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Собранието на Заедницата.

Член 273

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1607/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

99.

Врз основа на член 138 и 139 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 199 став 3, член 201 и 223 став 2 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА БРОЈОТ И СОСТАВОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБИРАЊЕТО НА ИСТИТЕ

I

Осигурениците од секоја општина од подрачјето на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Заедница) избираат совет на осигурениците како свој самоуправен орган.

Бројот на членовите на советите на осигурениците на одделните општини изнесува:

1) на советите на осигурениците во општините: Демир Хисар, Ресен, Кратово, Крива Паланка, Дебар, Крушево, Македонски Брод, Валандово, Неготино, Берово, Делчево, Виница, Пробиштип, Радовиш и Свети Николе по 15 члена;

2) на советите на осигурениците во општините: Кичево, Струга, Гевгелија, Кавадарци и Кочани по 17 члена;

3) на советите на осигурениците во општините: Охрид, Гостивар и Струмица по 19 члена;

4) на советите на осигурениците во општините: Куманово, Титов Велес и Штип по 21 член;

5) на советите на осигурениците во општините: Прилеп и Тетово по 23 члена;

6) на Советот на осигурениците на општината Битола — 25 члена, и

7) на Советот на осигурениците на општина на град Скопје — 29 члена.

Осигурениците од две или повеќе општини можат спогодбено да основаат заеднички совет на осигурениците за подрачјата на своите општини. Бројот на членовите на заедничкиот совет на осигурениците не може да биде поголем од 25.

II

Членовите на советите на осигурениците ги избираат осигурениците на начин и по постапка утврдени со оваа одлука.

Изборот на членовите на советот на осигурениците се врши преку избирачко тело, кое го сочинуваат претставници на осигурениците непосредно избрани преку собирите на осигурениците.

Собирите на осигурениците од претходниот став се организираат и одржуваат и тоа:

— во секоја основна организација на здружениот труд односно работна организација (без основни организации на здружениот труд);

— од надлежната организација на Сојузот на синдикатите во општината — за осигурениците вработени кај приватни работодавци;

— во секоја професионална организација на осигурениците што вршат самостојни дејности;

— од здружението на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот во општината — за своите членови и незачленетите корисници на старосна и семејна пензија, и

— од здружението на инвалидите на трудот во општината за своите членови и незачленетите корисници на инвалидска пензија, како и корисниците на други права по основа на инвалидското осигурување.

Собирот на осигурениците може да се одржи ако на него присуствуваат најмалку една петтина од вкупниот број на осигуреници од составот на собирот.

Секој собир на осигурениците избира по еден претставник во избирачкото тело на секои 500 осигуреници од составот на собирот, без оглед на бројот на присутните осигуреници на собирот.

На собирот на осигурениците се води записник во кој, покрај другото, се внесуваат податоци за бројот на осигурениците од составот на собирот, бројот на осигурениците присутни на собирот и за предложените избрани претставници за избирачкото тело.

На избраните претставници од собирот во избирачкото тело им се издава полномошно од организацијата што го организирала собирот.

III

Избирачкото тело за избор на членови на советот на осигуреници го сочинуваат претставниците избрани од сите одржани собири на осигурениците во смисла на претходната точка на подрачјето на општината.

Избирачкото тело врши избор на членови на советот на осигурениците на подрачјето на општината.

Избирачкото тело го свикува и со него раководи претседателот на Собранието на Заедницата, односно од него ополномоштен член на Собранието на Заедницата.

Избирачкото тело утврдува кандидатска листа за членови на советот на осигурениците. При утврдувањето на кандидатската листа треба да се води сметка за сразмерната застапеност на кандидати од редот на активните осигуреници и на корисниците на пензија.

Гласањето за предложените кандидати по кандидатската листа се врши тајно со гласачки ливчиња.

За избрани членови на советот на осигурениците се сметаат кандидатите кои добиле најголем број на гласови.

На избраните кандидати им се издава уверение за изборот што го потпишува претседавачот на изборното тело.

IV

Првата седница на советот на осигурениците ја свикува претседателот на Собранието на Заедницата односно од него ополномоштениот член на Собранието на Заедницата.

На седницата на советот на осигурениците од претходниот став се врши избор на претседател и заменик-претседател на советот, како и избор на делегати на советот за членови на Собранието на Заедницата, на начин и по постапка утврдени со оваа одлука.

V

Во смисла на одредбите на член 199 од Статутот на Заедницата, во состав на Собранието на Заедницата влегуваат:

— 45 члена, кои како свои делегати ги избираат советите на осигурениците;

— 16 члена, кои како свои делегати ги избираат работните организации определени со оваа одлука, и

— 8 члена, кои ги именуваат соодветните органи на определените општествени организации.

Советите на осигурениците од одделните општини избираат следен број делегати за членови на Собранието на Заедницата:

1) советите на осигурениците во општините: Демир Хисар, Ресен, Кратово, Крива Паланка, Охрид, Кичево, Дебар, Струга, Крушево, Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Гостивар, Струмица, Берово, Делчево, Виница, Кочани, Пробиштип, Радовиш и Свети Николе — по еден делегат;

2) советите на осигурениците во општините: Куманово, Прилеп, Титов Велес, Тетово и Штип — по два делегата;

3) советот на осигурениците на општина Битола — три делегати;

4) советот на осигурениците на општина на град Скопје — девет делегати.

Како свои претставници во состав на Собранието на Заедницата по еден делегат избираат следниве работни организации:

1) Памучна индустрија „Македонка" — Штип;

2) Фабрика за порцелан и керамични плочки „Борис Кидрич" — Титов Велес;

3) Рудници за олово и цинк „Злетово—Саса" — Пробиштип;

4) Земјоделско-индустриски комбинат „Пелагонија" — Битола;

5) Тутунов комбинат — Прилеп;

6) Градежно претпријатие „Бетон" — Скопје;

7) Органско хемиска индустрија „Наум Наумовски — Борче" — Скопје;

8) Железничко — транспортно претпријатие — Скопје;

9) Рудници и железарница „Скопје" — Скопје;

10) Претпријатие за дрвна индустрија „Треска" — Скопје;

11) Волнарски комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" — Тетово;

12) Фабрика за рабни цевки „11 Октомври" — Куманово;

13) Претпријатие за ПТТ — Скопје;

14) Трговско претпријатие „Славија" — Скопје;

15) „Електро Македонија" — заеднички служби — Скопје, и

16) Хотелска угостителска организација „Интеримпекс — Метропол" — Скопје.

Како свои претставници во состав на Собранието на Заедницата именуваат односно избираат:

— Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија — еден делегат;

— Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија — еден делегат;

— Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија — еден делегат;

— Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на Македонија — четири делегати, и

— Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот на Македонија — еден делегат.

VI

Советот на осигурениците утврдува кандидатска листа на свои делегати за членови на Собранието на Заедницата. При утврдувањето на кандидатската листа на делегатите што ги избира советот на осигурениците се води сметка за сразмерната застапеност во листата на кандидати од редот на активните осигуреници и на корисниците на пензија.

Делегатите односно членовите на Собранието на Заедницата се избираат од редот на членовите на советот на осигурениците.

Гласањето на предложените кандидати по кандидатската листа се врши тајно со гласачки ливчиња.

За избрани делегати односно членови на Собранието на Заедницата се сметаат кандидатите кои добиле најголем број на гласови.

На избраните кандидати им се издава уверение за изборот, кое го потпишува претседателот на советот на осигурениците.

Првата конститутивна седница на Собранието на Заедницата ја свикува претседателот на Собранието на Заедницата од стариот состав.

VII

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1608/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

100.

Врз основа на член 201 став 3 и член 226 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

I

Изборите за членови на советите на осигурениците и за членови на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на начин и по постапка утврдени со Одлуката за бројот и составот на членовите на советите на осигурениците и на членовите на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и за начинот на избирањето на истите („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), ќе се одржат и тоа:

1) собирите на осигурениците за избор на претставници во избирачките тела на општините за избор на членови на советите на осигурениците — во времето од 1 до 15 септември 1973 година;

2) изборите за членови на советите на осигурениците од избирачките тела — во времето од 16 до 30 септември 1973 година;

3) изборите за членови на Собранието на Заедницата — во времето од 1 до 15 октомври 1973 година.

II

Собирите на осигурениците во смисла на точка I од оваа одлука се свикуваат од органите на управување на организациите во кои се одржуваат.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1609/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

101.

Врз основа на член 107 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

На осигурениците и инвалидите на трудот од членот 106 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Статутот) им следува надоместок на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Надоместокот на патните трошоци од претходниот став се состои од:

— надоместок на трошоците за превоз, и

— надоместок на трошоците за сместување и исхрана.

II

Осигурениците и инвалидите на трудот од точката I став 1 од оваа одлука имаат право на превоз со патнички воз II класа или автобус.

Лекарот поединец, лекарската комисија или друга здравствена установа може во исклучителни случаи да определи користење на воз од повисока класа или друго превозно средство и придружник, доколку тоа го бара здравствената состојба на осигуреникот и должината на патувањето.

За деца инвалиди до наполнета 15 годишна возраст ќе се смета дека имаат потреба од придружник.

III

Надоместокот на трошоците за сместување и исхрана изнесува 80 динари.

Надоместокот од претходниот став во полн износ припаѓа за секои 24 часа поминати на патување, или ако патувањето трае помалку од 24 часа, а повеќе од 12 часа. Доколку патувањето трае подолго од 8 а помалку од 12 часа, надоместокот за сместување и исхрана изнесува 50% од надоместокот од претходниот став.

IV

Право на надоместок на патните трошоци според оваа одлука имаат и децата инвалиди на осигурениците упатени во друго место во врска со остварување и користење на правото на рехабилитација односно вработување.

V

Правото на надоместок на патните трошоци стасува на првиот ден по завршеното патување.

Барањето за надоместок на патните трошоци може да се поднесе во рок од една година сметано од денот на стасаноста на правото.

VI

Право на надоместок на патните трошоци има и лицето определено како придружник на осигуреник односно инвалид на трудот според одредбите на точката II од оваа одлука.

VII

Право на надоместок на трошоците за превоз припаѓа на инвалиди на трудот од член 108 став 1 од Статутот, ако оддалеченоста од местото на живеењето до местото на рехабилитацијата односно работата изнесува повеќе од 2 километри.

Право на надоместок на трошоците за превоз припаѓа и на инвалид на трудот, кој со оглед на инвалидноста има потреба од превоз, независно од оддалеченоста од местото на живеењето до местото каде е вработен односно каде се врши рехабилитацијата.

Потребата за превоз од претходниот став ја утврдува инвалидската комисија.

Надоместок за превоз од оваа точка следува во височина на износот на месечната претплатна карта.

VIII

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1611/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

102.

Врз основа на член 98 став 2 и член 118 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПАУШАЛНИОТ НАДОМЕСТОК НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ И ДЕЦАТА ИНВАЛИДИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕТО ДОДЕКА СЕ ВРШИ ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НАДВОР ОД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕТО

I

На инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници на кои не им е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за времето додека се врши рехабилитацијата во друго место (надвор од местото на постојаното живеење), а користењето на рехабилитацијата не може да се обезбеди со постојан превоз од местото на живеењето до местото каде што се врши рехабилитацијата, им припаѓа паушален надоместок определен според оваа одлука.

II

Паушалниот надоместок во случаите од точката I на оваа одлука изнесува 600 динари месечно.

III

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на паушалниот надоместок на инвалидите на трудот за времето додека се врши професионална рехабилитација надвор од местото на живеењето („Службен весник на СРМ" бр. 34/72).

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1610/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

103.

Врз основа на член 117 став 3 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе.

ОДЛУКА

ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА-ИНВАЛИДИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО УСТАНОВИ ОД ИНТЕРНАТСКИ ТИП ЗА ВРЕМЕ НА СПЕЦИЈАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

I

За децата — инвалиди на осигуреници од членот 117 став 3 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на кои им е признато право на професионална рехабилитација, а кои поради природата на инвалидноста според републичките прописи за специјално школство се обврзани на специјално воспитување и образование во установи од интернатски тип, дел од трошоците за сместување паѓаат на товар на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Заедница) според одредбите на оваа одлука.

II

Делот на трошоците што ги поднесува осигуреникот од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија зависи од вкупниот приход на неговото домаќинство.

Во вкупниот приход на домаќинството не влегуваат: паричниот надоместок за телесно оштетување, додатокот за помош и нега, додатокот за деца, ниту други приходи на членовите на домаќинството за кои со посебни прописи е предвидено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

III

Ако приходите по член на домаќинството изнесуваат до 400 динари месечно по член на домаќинството, трошоците за сместување и исхрана паѓаат во целост на товар на Заедницата.

Ако приходите од претходниот став изнесуваат повеќе од 400 динари месечно по член на домаќинството, осигуреникот од кого детето го изведува правото на рехабилитација односно детето — уживател на семејна пензија сноси дел од трошоците утврдени за сместување и исхрана на детето, и тоа:

над	400	до	500	динари	10%
„	500	до	600	„	20%
„	600	до	700	„	30%
„	700	до	800	„	40%
„	800	до	900	„	50%
„	900	до	1000	„	60%
„	1000	до	1100	„	70%
„	1100	до	1200	„	80%
„	1200				90%

Ако еден од родителите на детето — инвалид е на работа во странство ќе се смета дека домаќинството има приход над 1200 динари по член на домаќинството.

Ако домаќинството на осигуреникот има приходи остварени по повеќе основи, тие претходно се сведуваат на приходи од работен однос на начин утврден со Одлуката за утврдување височината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на заштитен додаток на пензијата („Службен весник на СРМ" бр. 28/73).

Останатиот дел од полната цена на трошоците за сместување и исхрана паѓаат на товар на Заедницата.

IV

Како домаќинство во смисла на точката II од оваа одлука се сметаат сите членови кои со осигуреникот имаат заедница на живот, стопанисување и трошење на остварените приходи.

V

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1612/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

104.

Врз основа на член 28, 41 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 127 и 129 во врска со член 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА ПРИХОДИТЕ НА КОРИСНИКОТ НА ПЕНЗИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО ОД КОИ ЗАВИСИ ПРАВОТО НА ЗАШТИТЕН ДОДАТОК НА ПЕНЗИЈАТА

I

Корисникот на пензија има право на заштитен додаток на пензијата ако пензијата му е помала од граничниот износ на најниското пензиско примање утврден за годината во која се остварува правото и ако ни корисникот на пензија ни членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување (цензус на приходите).

Се смета дека ни корисникот на пензија ни членовите на неговото домаќинство, во смисла на одредбите на членот 127 став 2 од Статутот на Заедницата, немаат други приходи доволни за издржување:

1) ако приходите остварени по основа на работен однос (лични доходи, надоместоци, пензии и друго) не изнесуваат повеќе од 300 динари месечно по член на домаќинството);

2) ако основицата на придонесот од личен доход од земјоделска дејност (катастарскиот приход) не изнесува повеќе од 120 динари годишно по член на домаќинството;

3) ако личниот доход од вршење на занаетчиски и други стопански дејности или од интелектуални услуги, како и од на данок подложни приходи од имот и имотни права (останати приходи) не изнесува повеќе од 120 динари месечно по член на домаќинството.

Во вкупните приходи на домаќинството од претходниот став не влегуваат:

— пензијата на корисникот за чие право на заштитен додаток се решава и неговите други примања по основа на пензиското и инвалидското и здравственото осигурување;

— паричниот надоместок за телесно оштетување и додатокот за помош и нега остварен според соодветните прописи, како и додатокот на деца на другите членови на домаќинството;

— другите примања на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство за кои според прописите за нивното воспоставување е изречно определено да не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Ако корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство имаат истовремено приходи по различни основи од ставот 2 од оваа точка и ако тие приходи секој за себе се помали од определениот износ на истиот став, сите приходи на домаќинството се сведуваат на приходи остварени по основа на работен однос на тој начин што годишниот катастарски приход се дели со 12 и количникот се множи со коефициентот 30, а останатите месечни приходи се множат со коефициентот 2,5. Збирот на така сведените и собраните вкупни приходи на домаќинството (вклучително и приходите остварени по основа на работен однос) се дели со бројот на членовите на домаќинството и ако количникот изнесува помалку од 300 на корисникот на пензија му следува право на заштитен додаток.

При утврдувањето височината на приходите на домаќинството на корисникот на пензија во смисла на ставот 2 од оваа точка се зема:

1) како приход остварен по основа на работен однос — просечниот месечен износ на личниот доход, надоместоците и другите примања од работен однос остварени во претходната година, а за пензиите — месечниот износ на пензијата остварена во месец декември од претходната година, односно месецот од тековната година во која е остварено правото на пензија;

2) како катастарски приход — основицата на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност од претходната година;

3) како останати приходи — основицата за плаќање придонес од личниот доход и данок од претходната година.

При утврдувањето на приходите на домаќинството на корисникот на пензија се зема предвид и катастарскиот приход од сосопственичкиот дел на земјоделски и друг имот односно од сонаследничкот дел на нерасправена оставина што по наследното право му припаѓа на членот на домаќинството без оглед на тоа дали го користи својот дел од имотот односно од оставината.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1613/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

105

Врз основа на член 123 и член 143 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 158 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ЗАПИРАЊЕ ИСПЛАТАТА НА ПЕНЗИЈА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА КОИ СЕ ВО РАБОТЕН ОДНОС ИЛИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ОДНОСНО ДРУГИ РАБОТИ И ЗАДАЧИ

I

На корисниците на пензија им се запира исплатата на пензијата:

— додека се работници во здружениот труд односно во работен однос, без оглед на времето со кое работат;

— додека вршат самостојна дејност за која е установено задолжително пензиско и инвалидско осигурување, освен самостојна уметничка дејност за време на вршењето на која не им е повторно воспоставено својството на осигуреник од пензиското и инвалидското осигурување.

На корисниците на пензија кои вршат работи или задачи во граѓанско-правен однос за основни и други организации на здружениот труд, државни органи, задруги, општествени и други организации и по таа основа остварат примања во текот на една календарска година повисоки од највисокиот износ на личниот доход во Републиката утврден според Општествениот договор за усогласување на односите во распределбата на доходот и на личните доходи во стопанството за таа година пензијата им се намалува за износот на остварените примања над утврдениот износ, на начин утврден со оваа одлука.

II

Корисникот е должен да го пријави на Стручната служба на Заедницата почетокот на својата работа односно вршењето на самостојната дејност.

Запирањето на пензијата на корисниците на пензија од точката I став 1 од оваа одлука се врши од денот на вработувањето односно почетокот на вршењето на самостојната дејност. Доколку пензијата била порано исплатена, корисникот на пензијата е должен да и ја надомести на Заедницата исплатената пензија односно делот од пензијата за времето на вработувањето односно вршењето на самостојна дејност.

Корисниците на пензија од точката I став 2 на оваа одлука во рок од 15 дена по истекот на годината во која остариле примања по основа на граѓанско-правен однос поднесуваат пријава до Стручната служба на Заедницата за вкупниот износ на остварените примања по таа основа.

Стручната служба на Заедницата по приемот на пријавата од претходниот став го пресметува износот за кој пензијата треба да се намали и тој износ го задржува од редовната исплата на пензијата во тековната година, со тоа што задржката по оваа основа не може да го надмине износот на една третина од месечната пензија.

III

Исплатата на пензијата не се запира на корисниците на пензија:

— избрани функционери на општествени организации и пратеници на кои вршењето на таа функција не им е основно и главно занимање и кои за вршењето на истата добиваат награда во износ помал од 50% од просечниот личен доход на работниците во Републиката остварен во претходната година;

— кои остваруваат приходи од вршење на уметничка дејност, која не им е основно односно главно занимање и по основа на која не се задолжително осигурени, и

— кои со својата работа остваруваат приходи од авторски права.

IV

На вработените корисници на пензија или корисниците на пензија кои вршат самостојна дејност за која е установено задолжително пензиско и инвалидско осигурување, кои пензијата ја остварале со 40 години (маж) односно 35 години (жена) пензиски стаж а истата е помала од просечниот личен доход во Републиката од претходната година, за време на вработувањето односно вршењето на самостојна дејност им се исплатува дел од пензијата во височина од 50%.

На вработени корисници на пензија, чиј износ на пензијата е помал од граничниот износ на најниското пензиско примање и кои ги исполнуваат условите за добивање право на заштитен додаток, за време на вработувањето ќе им се исплатува пензијата без заштитен додаток.

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1614/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

106.

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 26 став 2 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

I

Најнискиот износ на пензиите за 1973 година изнесува 380 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1615/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

107.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 23 и 24 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈВИСОКАТА ПЕНЗИСКА ОСНОВА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Граничниот износ на највисоката пензиска основа од која може да се одреди пензија во 1973 година се определува во износ, и тоа:

— за осигурениците кои работеле на работни места за кои се бара висока стручна подготовка (I категорија) — 4650 динари;

— за осигурениците кои работеле на работни места за кои се бара виша стручна подготовка, односно стручна подготовка на висококвалификуван работник (II категорија) — 3720 динари;

— за осигурениците кои работеле на работни места за кои се бара средна стручна подготовка, односно стручна подготовка на квалификуван работник (III категорија) — 2976 динари;

— за осигурениците кои работеле на работни места за кои се бара нижа стручна подготовка, односно стручна подготовка на приучен — полуквалификуван работник (IV категорија) — 2418 динари, и

— за осигурениците кои работеле на работни места за кои не се бара стручна подготовка (V категорија) — 1860 динари.

II

Одредбите од точката I на оваа одлука ќе се применуваат на пензиите што се остварувуваат со важност од 1 јануари 1973 година натаму по прописите за пензиското и инвалидското осигурување кои се применуваат од 1 јануари 1973 година.

За определување на пензиите кои се остварувуваат со важност од 1 јануари 1973 година натаму по прописите за пензиското и инвалидското осигурување кои беа во сила до 31 декември 1972 година ќе се применува Одлуката за измена на Одлуката за определување на највисокиот износ на пензиската основа односно на личниот доход од кој може да се определи пензија („Службен весник на СРМ" бр. 45/72).

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1616/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

108.

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 34 во врска со член 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВАЛ ОПРЕДЕЛЕНИ ЧЛЕНОВИ НА СВОЕТО ДОМАЌИНСТВО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА ДОМАЌИНСТВОТО НЕМА ДОВОЛНО СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

I

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се смета дека осигуреникот или корисникот на старосна или инвалидска пензија ги издржувал внучињата, браќата и сестрите и другите деца без родители земени од него на издржување, како и родителите (татко и мајка, очув и маќеа и посвоителите), како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

II

Како издржувано лице од претходната точка се смета лицето:

— на кое сите сопствени приходи не му биле доволни за издржување, и

— кое живеело во заедничко домаќинство со осигуреникот односно корисникот на старосна или инвалидска пензија до неговата смрт, а ако не живеело во заедничко домаќинство осигуреникот да обезбедувал потребни средства за издржување.

Се смета дека лицето од претходниот став немало доволни приходи за издржување ако:

1) немало приходи од работен однос;

2) не било корисник на старосна или инвалидска пензија;

3) семејната пензија остварена по друга основа не му изнесувала повеќе од 50% од граничниот износ на најниското пензиско примање утврден за годината во која се остварува правото;

4) катастарскиот приход од земјоделска дејност не му изнесувал повеќе од 200 динари годишно;

5) сите други приходи не изнесувале повеќе од 200 динари месечно по член на домаќинството.

Ако лицето од став 1 од оваа точка има истовремено приходи по различни основи од претходниот став и ако тие приходи секој за себе се помали од определениот износ во тој став, за утврдување на неговата материјална состојба сите тие приходи претходно се сведуваат на ниво на приходите од семејна пензија и така сведените приходи се собираат. Ако збирот на сведените приходи не изнесува повеќе од 50% од граничниот износ на најниското пензиско примање утврден за годината во која се остварува правото, се смета дека лицето нема доволно приходи за издржување.

Стручната служба на Заедницата ќе издаде стручно упатство со кое ќе го определи начинот на сведувањето на приходите од претходниот став. Упатството ќе претставува составен дел на оваа одлука.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1617/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

109.

Врз основа на членот 182 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ПО ОСНОВА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ И САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ ЗА 1973 ГОДИНА

I

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување и за утврдување на правата по основа на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители се утврдуваат од основиците за утврдување на придонесот од личниот доход од вршење на самостојна занаетчиска односно угостителска дејност за претходната година, односно од годишните паушални основици или годишните износи за придонесот од личниот доход од самостојното вршење на професионалната дејност за тековната година утврдени од надлежните органи на општинското собрание.

Основиците на пензиското и инвалидското осигурување во смисла на претходниот став се определуваат, и тоа:

а) 750 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува до 12.300 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход до 1.650,00 динари;

б) 950 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 12.300,01 до 15.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 1.650,01 до 2.200,00 динари;

в) 1.250 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 15.000,01 до 21.100,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 2.200,00 до 3.300,00 динари;

г) 1.500 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 21.100,01 до 26.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 3.300,01 до 4.460,00 динари;

д) 1.750 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 26.000,01 до 31.300,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 4.460,01 до 5.890,00 динари;

ѓ) 1.950 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 31.300,01 до 36.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 5.890,01 до 7.500,00 динари;

е) 2.300 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 36.000,01 до 46.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 7.500,01 до 10.500,00 динари;

ж) 2.800 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 46.000,01 до 60.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 10.500,01 до 15.770,00 динари;

з) 3.500 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 60.000,01 до 80.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 15.770,01 до 23.260,00 динари;

ѕ) 4.200 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 80.000,01 до 100.000,00 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 23.260,01 до 31.820,00 динари;

и) 4.700 динари, доколку годишната основица или паушалната основица од која се определува придонесот од личниот доход изнесува преку 100.000,01 динари или годишниот паушален придонес од личниот доход преку 31.820,01 динари.

II

Ако основицата на придонесот од личниот доход од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност е утврдено за дел од календарската година, основицата на осигурувањето се утврдува според таа основица на придонесот од личниот доход пресметана за цела година.

Ако основицата на придонесот од личниот доход од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност не е утврдена, како основица за плаќање на придонесот и определување на правата по основа на пензиското и инвалидското осигурување, привремено ќе се смета најниската основица на осигурувањето од точката I на оваа одлука со тоа што конечното утврдување на основицата на осигурувањето ќе се изврши кога ќе се утврди основицата за плаќање на придонесот од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1618/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

110

Врз основа на член 22 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и членот 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ ВРАБОТЕНИ И УПАТЕНИ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

I

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и утврдување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на лицата југословенски државјани вработени и упатени на работа во странство.

II

Основицата за пресметување и плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување (во натамошниот текст: придонеси) за југословенските државјани вработени и упатени на работа во странство ја сочинува:

1. За лицата на работа кај југословенски претставништва и организации во странство, за работници упатени во странство на стручно оспособување односно усовршување, за работници упатени на работа кај странски деловни партнери заради стручно оспособување односно давање на стручна или техничка помош и упатени работници на работа во странство заради изведување на инвестициона работа — просечниот месечен износ на нето личниот доход што го остварил осигуреникот според завршната сметка за претходната година пред вработувањето во странство, валоризиран на ниво на нето личниот доход во тековната година.

За лицата кои не оствариле личен доход според завршната сметка за претходната година пред упатувањето на работа во странство, како основица за пресметување на придонесот се зема нето личниот доход (аконтацијата) што тие лица го оствариле на работно место во Југославија во годината во која се упатени на работа во странство, со тоа што за подоцнежните години истите се валоризираат на ниво на нето личниот доход за тековната година.

Валоризацијата на нето личен доход се врши со примена на индексот на порастот на нето личниот доход по еден вработен работник во работната организација која го упатила на работа во годината за која се врши пресметувањето, со тоа што добиените износи со пресметувањето се заокружуваат на цели десетици нагоре.

До утврдувањето на дефинитивната основица за тековната година се пресметува и плаќа аконтација на придонесите според просечниот нето личен доход од претходната година односно според основицата утврдена за претходната година.

Доколку со општиот акт на организацијата е предвидено определување на личниот доход и за работниците додека се на работа во странство, или упатени во странство, заради стручно усовршување и е донесено решение за тој личен доход, како основица за пресметување и плаќање на придонесите ќе се земе личниот доход во нето износ определен со решението на организацијата што тие лица би го оствариле да се на своето односно соод-

ветното работно место во Југославија. Во тој случај работната организација личниот доход на работникот го утврдува секоја година.

2. За лицата што врз основа на меѓународни спогодби стапиле во работен однос кај меѓународни или други организации, како и за лицата што се на работа во странство кај организација во чие основање, управување или финансирање учествуваат југословенски организации (мешани друштва и слично) — просечниот месечен износ на нето личниот доход што го остварил осигуреникот според завршната сметка за претходната година пред вработувањето во странство, со тоа што за подоцнежните години се врши пресметување на соодветни повисоки износи.

Пресметувањето на основицата во смисла на претходниот став се врши со зголемување на основицата за процентот на зголемувањето на просечните номинални лични доходи на работниците утврдени за претходната година во СР Македонија според званичните статистички податоци, со тоа што добиените износи со пресметувањето се заокружуваат на цели десетици нагоре. Вака утврдената основица не може да биде пониска од паушалните основици предвидени со оваа одлука.

3. За лицата кои стапиле во работен однос кај странски работодавци, како и за лицата вработени кај меѓународни и други организации по основа на меѓународни спогодби и кај организации во чие основање, управување или финансирање учествуваат југословенски организации, кои не остварале личен доход според завршната сметка за изминатата година пред стапувањето на работа во странство — паушалната основица во нето износи, и тоа:

— од 3.340 динари месечно — за лица со висока стручна подготовка;

— од 2.500 динари месечно — за висококвалификувани работници и лица со виша стручна подготовка;

— од 2.030 динари месечно — за квалификувани работници и лица со средна стручна подготовка;

— од 1.550 динари месечно — за приучени работници и лица со нижа стручна подготовка;

— од 1.190 динари месечно — за неквалификувани работници и лица без стручна подготовка.

Стручната подготовка и квалификацијата се оценуваат според прописите што важат во Југославија.

По барање на осигуреникот вработен кај странски работодавец, паушалните основици утврдени со оваа одлука можат да се зголемат до износот на просечниот нето личен доход што го остварил осигуреникот за годината која и претходела на годината во која стапил на работа во странство, валоризиран во смисла на оваа точка под 2.

4. За лицата вработени во домаќинствата кај југословенски државјани во работен однос во странство, кај југословенски организации — паушалната основица од 1.190 динари.

III

Основиците определени во паушални износи, почнувајќи од 1. 1. 1974 година, се пресметуваат на почетокот на секоја календарска година на соодветни повисоки износи со примена на валоризациониот коефициент за порастот на просечните лични доходи во СР Македонија на начин предвиден во точката II потточка 2 став 2.

Лицата југословенски државјани вработени и упатени на работа во странство плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување во конвертабилна валута. Осигурениците вработени во земјите со кои плаќањето се врши по пат на клиринг, можат придонесот за пензиското и инвалидското осигурување да го плаќаат во динари.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1619/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Мара Минанова, с. р.

111.

Врз основа на членот 6 став 1 точка 47 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани од XV до XXXIX на Уставот на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 40/72) постапувајќи по одредбите на член 71 став 1 точка 8 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67 и 15/71), а во согласност со Одлуката на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, донесена на седницата од 22. V. 1970 година, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Друштвото на филмските работници на СРМ во Скопје, го склучуваат следниов

ДОГОВОР

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со одредбите на овој договор се спроведува здравственото, пензиското и инвалидското осигурување на филмските работници — членови на Друштвото на филмски работници на Македонија, на кои работата на снимање и изработка на филмски дела врз основа на ангажман им е единствено или главно занимање (понатаму во текстот: филмски работници), а не се осигурани по друга основа.

Член 2

Како филмски работници во смисла на овој договор се сметаат: сценаристи, режисери, главни снимателі, композитори, сценографи, костимографи, филмски артисти, аниматори на цртан или куклен филм, организатори на филмско производство, помошници режисери, асистенти режисери, снимателі, филмски архитекти, снимателі на тон, монтажери, директори на филм, водители на снимање, помошници на директорот на филм, секретари на режија, асистенти снимателі, асистенти сценографи, маскери, шминкери, главни осветлители, музички соработници, асистенти снимателі на тон, филмски фотографи, помошници на водителі на снимање, асистенти на монтажер, реквизитер, гардеробери, осветлителі, сценски работници, филмски техничари (кино-апаратери), помошни работници и членовите на нивните семејства кои се осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, Основниот закон за инвалидското осигурување и Основниот закон за пензиското осигурување (во натамошниот текст: осигуреници).

Член 3

Правата и обврските од социјалното осигурување по овој договор осигурениците ги остваруваат со признавање својство на осигуреник.

Својството на осигуреник се стекнува со денот на признавање својството на филмски автор или соработник и зачленувањето во Друштвото на филмските работници на СР Македонија.

Член 4

На осигурениците од овој договор се применуваат одредбите од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови за здравствена заштита на населението; Основниот закон за инвалидското осигурување; Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување за стекнување, користење и губење на правата и за постапката за остварување на правата, ако со овој договор не е поинаку определено.

Одредбите на законите од претходниот став со кои се регулирани правата на борците од Народноослободителната војна и шпанските борци се применуваат и на осигурениците — борци на Народноослободителната војна и шпанските борци кога ги остваруваат правата од социјалното осигурување по овој договор.

Член 5

Осигурениците по овој договор плаќаат придонеси пропишани со прописите на здравственото осигурување и прописите за инвалидското и пензиското осигурување.

Член 6

Основиците на осигурување што служат за определување на правата и плаќањето на придонеси се утврдуваат во единствени износи во зависност од должината на пензискиот стаж на осигурувањето и звањето на филмскиот работник.

Член 7

Осигурениците и членовите на нивните семејства можат да ги остваруваат правата од одделните гранки на социјалното осигурување кога сите втасани придонеси за осигурувањето бидат во целост уплатени.

Член 8

Пензиите, инвалиднините и додатокот за помош и нега, остварени по овој договор, се усогласуваат со движењето на просечните трошоци на животот и со општите економски движења на вработените, по начелата утврдени во Основниот закон за пензиското осигурување.

ОДРЕДБИ ЗА ПРАВАТА

Здравствено осигурување

Член 9

Правата од здравственото осигурување осигурениците и членовите на нивните семејства ги стекнуваат во обем и под условите определени со Законот за здравственото осигурување што важат за осигурениците во работен однос, ако со овој договор не е поинаку определено.

Одредбите од Законот за здравственото осигурување што се однесуваат за работа со скратено работно време во текот на траењето на привремената неспособност за работа односно поради нега на дете и право на надоместок на личниот доход за тоа време, како и во случаи на спреченост за работа во текот на работниот ден, не се применуваат на осигурениците од овој договор.

Надоместок на личниот доход во случај на привремена неспособност за работа им припаѓа на осигурениците почнувајќи од триесетипрвиот ден на непрекинатото траење на таа неспособност, ако со актите на одделни заедници на здравственото осигурување не е поинаку определено.

Надоместок на личниот доход за време отсуство заради бременост и породување припаѓа на осигуреник — жена од првиот ден на отсуството.

Член 10

Како основ за надоместок на личниот доход се зема просечниот износ на основиците на осигурувањето по кои осигуреникот бил осигурен, согласно соодветните одредби од Законот за здравственото осигурување.

Инвалидско осигурување

Член 11

Осигурениците можат да ги стекнуваат правата од инвалидското осигурување по основа на инвалидност, телесно оштетување од најмалку 30% и непосредна опасност од настапување на инвалидност во врска со вршењето на филмската дејност по основ на која се осигурени (во натамошниот текст: филмска дејност).

Осигурениците се осигурени за сите случаи на инвалидност предизвикана по болест, повреда вон работа, несреќа на работа или професионална болест и за случај на телесно оштетување предизвикано од несреќа на работа или професионална болест.

Осигурениците ги стекнуваат сите права од инвалидското осигурување во обем и под условите на Основниот закон за инвалидското осигурување што важат за осигурениците во работен однос, ако со овој договор не е поинаку определено.

Член 12

Осигурениците немаат право на надоместок заради вработување со скратено работно време во случај кога како инвалиди на трудот од II категорија на инвалидност вршат филмска дејност со скратено работно време.

Член 13

Инвалидност во смисла на членот 27 од Основниот закон за инвалидското осигурување и овој договор постои кога кај осигуреникот поради болест, повреда вон работа, несреќа на работа или професионална болест настапи губиток или намалување на способноста за вршење дејноста на филмски работник кои не можат да се отстранат со лекување односно со медицинска рехабилитација.

Член 14

Како своја работа, во смисла на членот 32 став 1 од Основниот закон за инвалидското осигурување и овој договор се сметаат работите што ги врши осигуреникот во рамките на својата филмска дејност.

Преостаната способност за вршење на својата работа, во смисла на членот 32 став 2 од Основниот закон за инвалидското осигурување и овој договор, постои ако осигуреникот е способен со работни напори што не ја влошуваат состојбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок да ја врши дејноста на филмски работник најмалку со половината работно време.

Како друга соодветна работа, во смисла на членот 33 став 1 од Основниот закон за инвалидското осигурување и овој договор, се смета работата односно работното место за кое осигуреникот е способен со работен напор кој не ја влошува состојбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок да работи определено работно време според преостанатата работна способност. При определувањето на таа работа односно работно место во предвид се зема стручната подготовка, работното искуство, општото образование, како и телесното оштетување на осигуреникот и можноста за прилагодување на техничките и хигиенските услови на работата според неговите работни можности.

Преостанатата способност за вршење на друга соодветна работа, во смисла на членот 33 став 2 од Основниот закон за инвалидското осигурување и овој договор постои ако осигуреникот е способен без професионална рехабилитација да работи на друга работа со работен напор кој не ја влошува состојбата на неговата инвалидност и со нормален работен учинок најмалку половина од полното работно време, или ако со професионална рехабилитација може да се оспособи да работи на друга работа со полно работно време.

Член 15

Осигуреник кој се стекнал со право на професиснална рехабилитација, се оспособува за работа на работни места односно за работи за кои се бара стручна подготовка што одговара на неговата на пропишан начин стекната стручна подготовка со тоа што не може да се оспособува за работно место од пониска категорија од онаа за која се бара средна стручна подготовка.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и во случај кога осигуреникот како инвалид на трудот од II категорија на инвалидност стекне право на вработување на друга соодветна работа.

Член 16

Професионална рехабилитација на осигуреник и упатување на друга соодветна работа се врши на ист начин и по иста постапка како е тоа предвидено со одредбите на Основниот закон за инвалидското осигурување за осигурениците во работен однос.

Член 17

Право на инвалидска пензија може да се остварува откако осигуреникот помине најмалку три години во осигурување во својство на филмски работник.

По исклучок од став 1 на овој член, осигуреник кај кого настапи инвалидност предизвикана од несреќа на работа или професионална болест стекнува право на инвалидска пензија и пред истекот на три години осигурување во својство на филмски работник.

Член 18

Инвалидска пензија се определува од онаа пензиска основица од која на осигуреникот би му била определена старосна пензија да во часот на настапувањето на инвалидноста се стекнал со право на старосна пензија.

Член 19

Како основица за определување на материјалното обезбедување во врска со професионалната рехабилитација и за определување на времен надоместок во врска со користење правото на вработување на друга соодветна работа се зема основицата на осигурување од членот 10 на овој договор.

Височината на материјалното обезбедување односно надоместокот од ставот 1 на овој член се определува во обем и под условите предвидени со одредбите на Основниот закон за инвалидското осигурување што важат за осигурениците во работен однос.

Член 20

Кога за определување на одделни права по Основниот закон за инвалидското осигурување се зема предвид личниот доход на осигуреникот остварен во определен период пред настапувањето на инвалидноста, како личен доход за определување на тие права по овој договор се земаат износите на основицата на осигурувањето по кои осигуреникот бил осигурен во соодветниот период пресметани во смисла на соодветните одредби од Основниот закон за инвалидското осигурување.

Пензиско осигурување

Член 21

Правата од пензиското осигурување ги стекнуваат осигурениците и членовите на нивните семејства во обем и под условите определени со Основниот закон за пензиското осигурување за осигурениците во работен однос, ако со овој договор не е поинаку определено.

Член 22

Осигурениците по овој договор не можат да остварува право на предвремена пензија и заштитен додаток.

Член 23

Право на старосна пензија може да се остварува откако осигуреникот помине најмалку 3 години во осигурување во својство на филмски работник.

Право на семејна пензија може да се остварува ако умрениот осигуреник поминал најмалку една година во осигурување во својство на филмски работник.

Едногодишен рок на осигурување од став 2 на овој член нема да се бара кога правото на семејна пензија се остварува по смртта на осигуреникот кај кого смртта настапила како последица на несреќа на работа или професионална болест.

Член 24

Старосната пензија се определува од пензиската основица која ја чини било кој непрекинат десетгодишен просек на основиците на осигурувањето на кои осигуреникот бил осигурен. Основиците на осигурувањето што влегуваат во пензиската основица за определување височината на пензијата се пресметува по член 28 од овој договор.

За пресметување на десетгодишниот просек на основицата на осигурување се земаат предвид само основиците на осигурувањето од онаа календарска година во која осигуреникот бил осигурен најмалку 6 месеци.

Член 25

Додека осигуреникот не наполни 10 години осигурување во својство на филмски работник сметано од 1. I. 1965 година наваму, пензиската основица ќе се утврдува според основиците на осигурувањето по кои осигуреникот бил осигурен по 1. I. 1965 година до денот на остварувањето правото на пензија.

Одредби за пензискиот стаж

Член 26

Во пензиски стаж на осигурување се сметаат:

1) периодите што се признаваат по членот 121 од Основниот закон за пензиското осигурување и членот 148 од Основниот закон за инвалидското осигурување;

2) периодите поминати во вршење на филмска дејност од 1 јануари 1965 година па до признавањето својство на филмски работник, ако за тоа време се уплати придонес за пензиско и инвалидско осигурување на начин и височина што ќе се регулира со одлука на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

При утврдувањето на пензискиот стаж сходно ќе се применуваат одредбите од членовите 162 до 166 од Основниот закон за пензиското осигурување.

Член 27

Кога признавањето на определени периоди во пензиски стаж по Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за инвалидското осигурување е условено со влегувањето во работен однос или определено траење или престанок на работниот однос, ќе се смета дека тој услов е исполнет со почетокот на вршењето на уметничката дејност, односно со определеното траење или престанок на таа дејност.

Одредбите за основиците на осигурувањето

Член 28

Основиците на осигурувањето се определуваат според должината на пензискиот стаж и звањето на филмскиот работник.

Заради определување основицата на осигурувањето осигурениците по овој договор се распоредуваат во следните групи:

I група — Сценарист, режисер, главен снимател, композитор, сценограф, костимограф, филмски артист, аниматор на цртани и кукла филм и организатор на филмско производство.

II група — Помошник на режисер, асистент на режисер, снимател, филмски архитект, снимател на звук, монтажер, директор на филмот, водач на снимање.

III група — Помошник на директорот на филмот, секретар на режија, асистент на снимател, асистент на сценограф, маскер, шминкер, главен осветлител, музички соработник, асистент на снимател на звук, филмски фотограф.

IV група — Помошник на водач на снимање, асистент на монтажер, реквизитер, гардеробер, осветлител, сценски работник, филмски техничар (киноапаратер), помошник работник.

Член 29

За осигурениците распоредени во групи според претходниот член од овој договор се определуваат следните основици на осигурување за плаќање на придонесите и остварување на правата според овој договор:

I и II група

За осигуреници со пензиски стаж	Основица на осигурување
— до 10 год.	1.600,00 дин.
— преку 10 до 20 год.	2.000,00 дин.
— преку 20 до 30 год.	2.500,00 дин.
— преку 30 год.	3.600,00 дин.

III и IV група

За осигуреници со пензиски стаж	Основица на осигурување
— до 10 год.	800,00 дин.
— преку 10 до 20 год.	1.100,00 дин.
— преку 20 до 30 год.	1.500,00 дин.
— преку 30 год.	1.900,00 дин.

Член 30

Во зависност од порастот на личните доходи основиците на осигурувањето од претходниот член, почнувајќи од 1. I. 1973 година, задолжително се пресметуваат во почетокот на секоја календарска година на соодветни повисоки износи со примена на валоризационот коефициент кој го утврдува со одлука Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ако општиот просек на личните доходи во минатата година во Републиката се зголеми најмалку за 5%.

Ако општиот просек на личните доходи во минатата година во Републиката бил помал од 5% па затоа не е извршено пресметување на основиците на осигурувањето во смисла на ставот 1 од овој член, просекот на зголемувањето на личните доходи од претходната година се додава на процентот на узголемувањето на личните доходи од претходната година се додава на процентот на зголемувањето на личните доходи во наредната година, па основиците на осигурувањето се зголемуваат за вкупниот процент на зголемувањето на личните доходи во двете години во смисла на ставот 1 од овој член.

Член 31

Заради пресметување на просечната основица на осигурувањето (член 24), основиците на осигурувањето од последните две години на осигурување кои влегуваат во пензиската основица се земаат во номинален износ, а основиците на осигурувањето од останатите поранешни години на осигурување се пресметуваат според нивото на основицата на осигурувањето од календарската година која и претходи на последната година на осигурувањето од која основицата на осигурувањето е влезена во пензиската основица. Ова пресметување на основиците од поранешните години се врши врз основа на движењето на општиот просек на личните доходи, и тоа за секоја поодделна година спрема годината што и претходи на последната година на осигурувањето (валоризациони коефициенти).

Валоризационите коефиценти од претходниот став ги утврдува Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (член 32 став 2 од Основниот закон за пензиското осигурување).

Одредби за придонесите

Член 32

Придонесите за осигурувањето според овој договор се пресметуваат и уплатуваат од основицата на осигурувањето по стапките на придонес за здравственото, инвалидското и пензиското осигурување што по одредбите на Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување за поодделни години (периоди) ги определуваат надлежните заедници и тоа пресметани за примена на нето износ.

Пресметувањето на стапките на придонесот во смисла на став 1 од овој член се врши на начин пропишан за пресметувањето на стапките на придонесот за примена на нето износите на личните доходи на осигурениците во работен однос со полно работно време.

По стапките од ставот 1 на овој член се пресметува и уплатува придонес за инвалидско и пензиско осигурување кога на осигуреникот му се признава во пензиски стаж времето на уметничка дејност од членот 26 став 1 точка 2 од овој договор и тоа од основицата на осигурувањето од членот 29 од овој договор кој на осигуреникот му е определен или би му бил определен на денот на поднесувањето на барањето за признавање на пензиски стаж.

Обврската за плаќање на придонесот стасува првиот ден во месецот за текуштиот месец.

Член 33

За плаќањето на придонесите се применуваат прописите за додатни и вонредни придонеси за здравствено, инвалидско и пензиско осигурување.

Член 34

Придонесите за осигурувањето според овој договор на филмските работници на кои им е признаено својството на осигуреник ги пресметува и уплатува, како обврзник за уплата на придонесот, Друштвото на филмските работници на СРМ во Скопје кај стручната служба на осигурувањето надлежна според местото на живеењето на осигуреникот.

Осигурениците се солидарни во плаќањето на придонесите.

Член 35

Обврската за плаќање на придонес престанува со изминувањето на месецот во кој настапила привремената неспособност (спреченост) за работа односно во кој започнало користењето на отсуството заради бременост и породување и придонесот не се плаќа за сето време на непрекинатото траење до крајот на месецот во кој престанала таа неспособност (спреченост) за работа односно во кој престанало отсуството заради бременост и породување.

ОДРЕДБИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ГУБИТОК НА ПРАВАТА

Член 36

Осигурениците кои остварат старосна пензија според овој договор можат пензијата да ја користат и ако продолжат со вршење на филмска дејност, со тоа што вршењето на самостојната филмска дејност по остварувањето на правото на пензија не се смета во стаж на осигурување за зголемување односно повторно определување право на пензија.

Член 37

На уживателите на старосна пензија остварена по овој договор со пензиски стаж помалку од 40 години (мажи) односно 35 години (жени), кои стапат во работен однос или започнат со вршење на

друга самостојна дејност по основа на која се осигурени, освен филмската, не им припаѓа за тоа време пензија.

На уживателите на инвалидска пензија остварена по овој договор кои по остварувањето на инвалидската пензија влезат во работен однос или отпочнат со вршење на друга самостојна дејност по основа на која се осигурени, освен филмска, се применуваат одредбите на членот 170 од Основниот закон за инвалидското осигурување.

Член 38

На уживател на старосна пензија што пензијата ја остварил како уметник, или по друга основа, со пензиски стаж помалку од 40 години (маж) односно помалку од 35 години (жена) како и на уживател на инвалидска пензија по остварувањето на правото на пензија продолжи односно повторно почне да врши филмска дејност, се признава својство на осигуреник од денот со кој му е запрена исплатата на пензијата.

Времето на вршењето на филмската дејност во смисла на претходниот став на овој член се признава како стаж на осигурување за зголемување односно повторно определување старосна пензија (чл. 38 од Основниот закон за пензиското осигурување), односно инвалидска пензија (чл. 153 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

ОДРЕДБИ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 39

Својството на уметник, во смисла на чл. 3 од овој договор го утврдува за секој поодделен случај Републичката комисија која го утврдува времето на поранешното вршење на самостојната дејност во својство на културен работник кој на осигурениците им се смета во посебен стаж од чл. 153 од Основниот закон за пензиското осигурување.

Комисијата од претходниот став е надлежна да го утврдува во пензиски стаж, како посебен стаж и времето што го поминал филмскиот работник во вршење на филмска дејност пред признавање својството на уметник (чл. 26 став 1 точ. 2 од овој договор).

Член 40

Постапката за признавање својство на филмски работник и утврдување на стажот од чл. 26 став 1 точка 2 од овој договор се покренува по барање на заинтересираното лице.

Барањето се поднесува непосредно до Комисијата.

Член 41

По барањето за признавање својство на филмски работник односно за утврдување на пензиски стаж, Комисијата одлучува со решение.

Времето поминато во вршење на филмска дејност може да се утврди во уметнички стаж само од денот кога подносителот на барањето се истакнал со својата уметничка работа.

Пред донесувањето на решението Комисијата е должна да прибави образложено мислење на Друштвото на филмските работници на СРМ без оглед дали се решава барање за лице кое е член на професионалната организација на уметниците или не.

Решението од ставот 1 на овој член е конечно во управната постапка.

Член 42

При решавање по барањето за признавање својство на филмски работник и утврдување во пензиски стаж на времето поминато во вршење на филмска дејност Комисијата од членот 39 на овој договор ги зема предвид критериумите по кои соодветните професионални организации на филмските работници ги примаат своите редовни членови, земајќи ја предвид јавноста и континуитетот на филмската дејност на подносителот на барањето.

Член 43

Надлежната стручна служба на осигурувањето, врз основа на решението на Комисијата од чл. 39 на овој договор, донесува решение со кое на филмскиот работник му се признава својството на осигуреник и определува основица на осигурување според утврдениот пензиски стаж.

Член 44

За филмските работници во постапката за признавање на правата што ги имаат од социјалното осигурување се применуваат одредбите за постапката од Законот за здравственото осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување, Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување, како и одредбите од Законот за општата управна постапка.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Осигурениците кои од 1. I. 1965 година до денот на влегувањето во сила на овој договор биле распоредени во основица на осигурување според одредбите на чл. 216 од Основниот закон за пензиското осигурување ќе бидат распоредени во основици за осигурување според одредбите на овој договор сметано од 1. I. 1965 година.

Друштвото на филмските работници на СРМ се обврзува во рок од 30 дена од приемот на решенијата за распоредување на основици на осигурувањето според став 1 на овој член да ја уплати разликата на придонесите за периодот од 1. I. 1965 до 31. XII. 1971 година.

Член 46

До донесувањето на републички прописи, работите од чл. 39 на овој договор ќе ги врши посебната републичка комисија од чл. 246 од Основниот закон за пензиското осигурување.

Член 47

Одредбите од чл. 10 на овој договор нема да се применуваат на осигурениците на кои правото на надоместок на личниот доход почнува да тече пред денот на влегувањето во сила на овој договор.

Член 48

На осигуреник кој стапил на работа во странство како лице во работен однос му престанува правото на осигурување по овој договор, без оглед дали за времето на таквото вработување е задолжително осигурен кај странскиот носител на социјалното осигурување или не.

Член 49

На осигуреник кој за време на привремено престојување во странство врши филмска дејност по која е осигурен, може да биде осигурен по овој договор ако пред заминувањето во странство кај надлежната стручна служба на осигурувањето поднесе барање и ако редовно ги уплатува придонесите за осигурувањето во валута на земјата во која привремено врши филмска дејност.

Вршењето на филмската дејност за времето на привременото престојување во странство се докажува со потврда на Друштвото на филмските работници на СРМ.

Осигурениците од ставот 1 на овој член можат да користат здравствена заштита во странство само ако уредно ги уплатуваат посебните придонеси за користење здравствена заштита во странство во валута на земјата во која привремено престојуваат, и тоа на начин и под условите што важат за лицата во работен однос.

На осигурениците од ставот 1 на овој член сходно ќе се применуваат прописите со кои е регулирано социјалното осигурување на југословенските државјани во работен однос во странство, како и плаќање придонес за социјално осигурува-

ње, со тоа што во смисла на прописите за придонесите за социјално осигурување и за пензиските основици на лицата вработени во странство, како основа за пресметување и уплатување на придонесите ќе се определи основица за лица со висока стручна подготовка.

Член 50

Појаснувања за примена и спроведување на овој договор донесува, по потреба, Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во согласност со Друштвото на филмските работници на СРМ.

Член 51

Овој договор може да се менува само во согласност на договорните страни. Ако помеѓу договорувачите не се постигне спогодба за измена на договорот, спорот ќе се реши по пат на арбитражна комисија од 3 члена. Во арбитражната комисија секоја странка именува по еден член а овие спогодбено го избираат третиот член како претседател. Одлуката на арбитражната комисија е задолжителна за странките.

Член 52

Во сите случаи кога овој договор се повикува на прописите на Законот за здравственото осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување, Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за организација и финансирањето на социјалното осигурување, а дојде до измена на тие прописи, при остварувањето на правата од социјалното осигурување и извршувањето на обврските од овој договор, ќе се применат соодветните изменети прописи.

Член 53

Одредбите на овој договор што ги регулираат правата од здравственото осигурување ќе се применуваат до 31. XII. 1971 година.

Член 54

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

Бр. 132/1
14. VI. 1973 година
Скопје

Друштво на филмските работници
на Македонија

Претседател,
Кирил Ценевски, с.р.

Бр. 01—1440/1
14. VI. 1973 година
Скопје

Заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

Директор,
Душко Ѓорѓиев, с.р.

СОЈУЗ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

112.

Врз основа на член 95 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, на седницата одржана на 8 јуни 1973 година, донесе

СТАТУТ

НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија (во натамошниот текст: Сојуз на заедниците) е самостојна и самоуправна организација во која се здружени заедниците на здравственото осигурување на работниците од територијата на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: здружени заедници).

Член 2

Сојузот на заедниците има својство на правно лице.

Седиштето на Сојузот на заедниците е во Скопје.

Сојузот на заедниците е запишан во регистарот на установите при Окружниот стопански суд во Скопје.

Член 3

Со Сојузот на заедниците управуваат заедниците на здравственото осигурување на работниците преку делегирани претставници во Советот на Сојузот на заедниците.

Член 4

Сојузот на заедниците има печат во форма на круг со пречник од 2,5 см. и штембил во форма на правоаголник.

На печатот кружно е испишан називот на Сојузот на заедниците: „Сојуз на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија“, а во средината водорамно седиштето на Сојузот на заедниците „Скопје“.

На штембилот е испишан називот на Сојузот на заедниците со дополнување на број, датум и година, како и седиштето на Сојузот на заедниците.

Член 5

Сојузот на заедниците ја врши својата дејност во согласност со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението (во натамошниот текст: Закон), овој статут, други прописи и општите акти на Сојузот на заедниците.

Работата на Сојузот на заедниците е јавна.

Член 6

Сојузот на заедниците врши работи од општ интерес на здружените заедници од областа на здравственото осигурување на работниците врз принципот на меѓусебна соработка и меѓусебно договарање за здружување на средства за спроведување на заеднички мерки и акции на начин определен со Законот, овој статут и со други општи акти.

Во извршувањето на своите задачи во спроведувањето на здравственото осигурување Сојузот на заедниците соработува со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на работниците во републиките и покраините, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, општествено-политичките заедници, општествено-политичките организации, здравствените работни организации и нивните асоцијации, работните и други организации заинтересирани за спроведување на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Член 7

Средства за извршување задачите на Сојузот на заедниците обезбедуваат здружените заедници на начин определен со овој статут.

Сојузот на заедниците е носител на правата и обврските што произлегуваат од неговото работење, а што се утврдени со Законот, овој статут и други општи акти.

Член 8

Сојузот на заедниците го претставува претседателот на Советот на Сојузот на заедниците.

Во имотно-правните и други односи Сојузот на заедниците го застапува директорот на Сојузот.

Член 9

Општите акти на органите на Сојузот на заедниците се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

II ДЕЛОКРУГ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 10

Во делокругот на Сојузот на заедниците спаѓаат работите од заеднички интерес на здружените заедници утврдени со Законот, овој статут и други општи акти, како и меѓународните спогодби, а особено:

— спроведување на здравственото реосигурување и управување со Фондот на реосигурувањето;

— грижа и обезбедување на солидарно учество во покривањето на трошоците на задолжителните видови на здравствена заштита која заедниците на здравственото осигурување задолжително ја обезбедуваат и управување со Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците;

— остварување соработка и размена на искуства меѓу здружените заедници во врска со унапредувањето на системот на здравственото осигурување и самоуправното регулирање на одделни прашања во односите помеѓу заедниците;

— грижа за здружување на средства за остварување на заеднички цели на здружените заедници, како и за остварување соработка помеѓу заедниците по други прашања од заеднички интерес;

— грижа за спроведување на меѓународните конвенции од областа на здравственото осигурување во рамките на надлежностите на Сојузот на заедниците;

— грижа за обезбедување единствена постапка во извршување на задачите од евиденцијата и статистиката;

— обезбедување вршењето на стручните, административните и финансиските работи од заеднички интерес на здружените заедници;

— иницирање и помагање во општественото договарање и самоуправното спогодување меѓу здружените заедници по прашањата од општ интерес;

— учество во општественото договарање со други органи и организации по прашањата од општ интерес, во случаи предвидени со закон;

— соработка со сојузните, републичките и општинските органи и организации заинтересирани за спроведување на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Покрај работите од претходниот став, Сојузот на заедниците може, по овластување на здружените заедници, да ги врши и следниве работи:

— утврдување на индикациите за протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи, забнотехничка помош и забнопротетички средства, стандардите за материјали од кои се изработуваат овие средства, како и условите за изработка на нови средства пред истекот на тие рокови кога тие се потребни за остварување на здравствена заштита настаната поради несреќа на работа или заболувања од професионални болести, како и поради други причини;

— пропишување услови и постапка за упатување на здравствено осигурени лица на лекување во странство;

— пропишување на најниските износи на надоместок за спрема на новородено дете, за патните и дневните трошоци на осигурените лица што се упатуваат на лекување во друго место и надоместок на трошоци за закоп;

— пропишување формата на документацијата и обрасците за евиденција за спроведување на здравственото осигурување и реосигурување во согласност со републичкиот орган на управата надлежен за работите на здравственото осигурување;

— пропишување листа на готовите лекови кои можат да се препишуваат на осигурените лица на товар на средствата на заедниците;

— студиско-истражувачки анализи во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување; и

— вршење и други работи за кои од здружените заедници ќе биде овластен.

III. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И ИЗВРШНИ ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ

Член 11

Орган на управување на Сојузот на заедниците е Советот на Сојузот на заедниците (во натамошниот текст: Советот).

1. Совет на Сојузот на заедниците

Член 12

Советот го сочинуваат делегирани претставници на здружените заедници.

Секоја здружена заедница делегира во Советот по 3 претставници.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 години.

Член 13

Мандатот на член на Советот може да му престане и пред истекот на времето за кое е избран ако:

— го изгуби својството на осигуреник на соодветната заедница;

— биде отповикан; и

— поднесе оставка на членство во Советот.

Постапка за отповикување член на Советот се поведува:

1) ако со својата работа го повреди Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците;

2) ако не ги спроведува заклучоците на самоуправните органи или работи спротивно на нив;

3) ако неоправдано подолго време не учествува во работата на Советот и неговите органи; и

4) во случаи предвидени со Статутот на здружената заедница.

Предлог за поведување постапка за отповикување на член на Советот, во случаите од претходниот став, дава Советот односно собранието на здружената заедница.

За отповик на член на Советот одлучува собранието на здружената заедница која го делегирала.

Член 14

На местото на членот на Советот на кого му престанал мандатот соодветната здружена заедница делегира друг претставник.

Мандатот на членот на Советот што е избран и дополнително делегиран трае до истекот на времето за кое е делегиран членот на Советот на кого му престанал мандатот.

Член 15

Советот избира претседател и заменик на претседателот од редовите на своите членови.

Со седницата на Советот раководи претседателот, а во негово отсуство заменикот на претседателот.

Член 16

Советот работи и донесува одлуки на седници.

Седниците ги свикува претседателот на Советот, а во негово отсуство заменикот на претседателот, по сопствена иницијатива, на образложено барање на една или повеќе од здружените заедници или на директорот на Сојузот.

Член 17

Членовите на Советот имаат право и должност на седниците на Советот да изнесуваат свои мислења, забелешки и предлози, како и на заедниците што ги претставуваат.

Членовите на Советот имаат право на увид во целокупното работење на Сојузот на заедниците, како и право да поставуваат прашања и бараат појаснувања по определени прашања што ги интересираат.

Член 18

Советот одлучува полноважно ако на седницата присуствуваат претставници од најмалку 3/4 од вкупниот број на здружените заедници и мнозинството од членовите на Советот.

Одлуката на Советот се смета за усвоена ако за неа гласале претставници од најмалку 2/3 од вкупниот број на здружените заедници и мнозинството од присутните членови на Советот, освен ако со закон или со овој статут не е поинаку определено.

Гласањето на седниците на Советот, по правило, е јавно, но Советот може да одлучи за одделни прашања да се гласа тајно.

Член 19

За својата работа и за работата на органите и телата што ги избира, Советот донесува деловник.

Член 20

Советот ги врши особено следниве работи:

1) донесува статут и други општи акти, како и измени и дополнувања на тие акти;

2) го именува директорот на Сојузот на заедниците;

3) учествува во општественото договарање за утврдување на основите, критериумите и елементите за уредување на односите помеѓу заедниците на здравственото осигурување и здравствените работни организации за обезбедување здравствена заштита на осигурените лица;

4) донесува програма за дејноста на Сојузот на заедниците;

5) одлучува за формирање Фонд на реосигурувањето и врз основа на овластувањето на заедниците го определува начинот на управувањето со тој фонд, обемот на ризиците што ги реосигуруваат, тарифите на премиите за реосигурувањето, надоместоците што ги обезбедуваат во случај на настапување на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на овие надоместоци;

6) управува со Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците (во натамошниот текст: Фонд на солидарноста) и со посебна одлука ги утврдува височината на придонесот со кој здружените заедници учествуваат во остварувањето на средствата на Фондот на солидарноста, како и критериумите и начинот на учеството на Фондот на солидарноста во давањето на средства од тој фонд;

7) донесува финансиски планови и ги усвојува завршните сметки на Сојузот на заедниците, на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците и Фондот на реосигурувањето на работниците;

8) склучува спогодба со соодветните органи на Републиката и општините за утврдување височината на учеството на тие општествено-политички заедници во обезбедувањето на средствата на Фондот на солидарноста;

9) соработува со органите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на работниците на републиките и покраините, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, општествено-политичките заедници, здравствените работни организации и нивните асоцијации, како и со други заинтересирани органи и организации за унапредувањето на системот на здравственото осигурување и преземање на определени акции и мерки во врска со здравствената заштита;

10) одлучува за здружување на Сојузот на заедниците во Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија;

11) одлучува за височината на придонесот што го плаќаат здружените заедници за финансирање на Сојузот на заедниците;

12) ги пропишува условите и критериумите како и начинот и постапката за остварување здравствена заштита на осигурените лица во странство на товар на здружените заедници;

13) го следи и разгледува спроведувањето на меѓународните спогодби (конвенции) што се однесуваат на здравственото осигурување;

14) одлучува за начинот на водењето на работите на евиденцијата и статистиката што треба да ја водат заедниците на здравственото осигурување и Сојузот на заедниците;

15) одлучува за патните и други трошоци на членовите на Советот;

16) дава мислења и предлози на нацртите на републичките прописи од областа на здравственото осигурување на работниците;

17) ја разгледува работата и резултатите од работата во извршувањето на задачите на Сојузот на заедниците, дава насоки за унапредување на работата на Стручната служба на Сојузот на заедниците; и

18) врши и други работи за кои Сојузот на заедниците е надлежен според Законот и овој статут, како и работи за кои ќе биде овластен од здружените заедници.

Член 21

За својата работа Сојузот на заедниците ги запознава здружените заедници на соодветен начин.

Член 22

Претседателот на Советот ги потпишува општите акти што ги донесува Советот.

Претседателот и заменикот на претседателот на Советот за својата работа одговараат пред Советот.

Член 23

Статутот и измените и дополнувањата на Статутот. Советот ги донесува по претходно прибавена согласност на здружените заедници.

За Предлогот на Статутот, односно за неговите измени и дополнувања здружените заедници се изјаснуваат во рокот што ќе го определи Советот.

Ако некоја од здружените заедници не се изјасни во определениот рок, се смета дека согласноста е дадена.

Член 24

За извршување на определени работи и задачи Советот може да формира постојани и повремени комисии.

Со одлуката за формирање на комисијата се определува работата, задачите, материјалните средства и другите услови за работа на комисијата.

2. Директор на Сојузот на заедниците

Член 25

Директорот на Сојузот на заедниците (во натамошниот текст: директор) е индивидуален извршен орган на Сојузот на заедниците.

Директорот раководи со Стручната служба на Сојузот на заедниците.

Во случај на отсутност или спреченост на директорот за вршење на работите од неговата надлежност, него го заменува помошникот или работник што е за тоа овластен од Советот.

Член 26

Директорот го именува Советот врз основа на спроведен конкурс по предлог на конкурсна комисија.

Конкурсната комисија од ставот 1 на овој член има 5 члена кои ги именува Советот.

Член 27

За директор може да биде именуван дипломиран правник или дипломиран економист со работно искуство од најмалку 10 години од кои најмалку 5 години поминати на раководни работни места.

Директорот се именува за време од 4 години, а по истекот на тој рок може повторно да биде именуван.

Член 28

Директорот може да биде разрешен од должност пред истекот на времето за кое е именуван:

1) ако со својата незаконита или неправилна работа во значителна мера го отежнува спроведувањето на работата и задачите на Советот и неговите органи, како и на Стручната служба; и

2) ако сам поднесе барање за разрешување.

Разрешувањето на директорот од должност се врши по иста постапка како и неговото именување.

На директорот што е разрешен од должност, Сојузот на заедниците има обврска да му понуди друго работно место во состав на Стручната служба кое одговара на неговата стручна подготовка и другите работни способности.

Ако директорот што е разрешен од должност не ја прифати понудата од претходниот став, тој има право да остане на работа во Сојузот на заедниците во траење од шест месеци со право на личен доход што го имал дотогаш, ако директорот и Сојузот на заедниците не се договорат поинаку.

Член 29

Директорот го организира работењето на Стручната служба и се грижи за преземање мерки за извршување на програмата за работа, финансискиот план, работите кои произлегуваат од Законот, овој статут и другите општи акти на Советот, заклучоците и ставовите на Советот, од другите прописи како и од спроведувањето на меѓународните спогодби што се однесуваат на здравственото осигурување.

Директорот раководи со Стручната служба и се грижи за нејзиното законито, економично и ефикасно работење.

Директорот за својата работа одговара пред Советот.

Член 30

Директорот во извршувањето на своите задачи и овластувањето ги врши особено следниве работи:

1) му помага на претседателот на Советот во подготвувањето на седниците на Советот и неговите органи;

2) се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Советот;

3) наредбодавец е за извршување на финансискиот план на Сојузот на заедниците, на фондот на солидарноста и фондот на реосигурувањето;

4) се грижи за законито и целесообразно ракување со средствата на Сојузот на заедниците и го застапува Сојузот на заедниците во имотно-правните и другите односи;

5) соработува со републичките органи, општествено-политичките заедници и организациите заради подготовка на општествените договори во врска со здравственото осигурување и здравствената заштита;

6) донесува решение за работните односи на работниците на Стручната служба на Сојузот на заедниците за кои е овластен;

7) се грижи за извршување на задачите од областа на народната одбрана;

8) врши и други работи што му се ставени во надлежност со закон, овој статут и други општи акти.

Член 31

Директорот се грижи за законитоста на општите акти што ги донесуваат органите на управувањето на Стручната служба.

Ако директорот најде дека општ или поединечен акт на органот на управувањето на Стручната служба, освен поединечните акти донесени во управна постапка и актите по кои за одлучување е предвидено надлежност на суд, а во спротивност со закон, овој статут или друг општ акт на Сојузот на заедниците или поединечниот акт е во спротивност со општиот акт на Стручната служба, ќе му обрне за тоа внимание на органот на управувањето. Ако органот на управувањето и понатаму остане при својот акт, директорот може да му предложи на органот надлежен за вршење надзор над законитоста да го поништи или укине актот на органот на управувањето.

До донесување на одлука од надлежниот орган по предлогот на директорот за поништување или укинување на актот на органот на управувањето на Стручната служба, овој акт не може да се изврши.

Член 32

Директорот може да има помошник директор.

Во однос на именувањето и разрешувањето, како и во однос на личниот доход на помошник директорот се применуваат одредбите на овој статут што се однесуваат на директорот.

Условите за именување на помошник директорот се утврдуваат со општиот акт за систематизација на работните места на Стручната служба.

Член 33

За потпишување на определени акти и финансиски документи, директорот може да го овласти помошник директорот и друг работник на Стручната служба.

3. Стручна служба на Сојузот на заедниците

Член 34

За вршење на стручните, финансиските и административните работи на Сојузот на заедниците се формира Стручна служба на Сојузот на заедниците (во натамошниот текст: Стручна служба).

Стручната служба може врз основа на самоуправна спогодба да врши работи и за потребите на други интересни заедници.

По исклучок, Советот може, наместо да формира своја стручна служба, вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Сојузот на заедниците привремено или постојано да ѝ го довери на Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија или со оваа заедница да формира заедничка стручна служба.

Во случаите од претходниот став директорот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување ги има сите права на директор на Сојузот на заедниците.

Член 35

Стручната служба е составен дел на Сојузот на заедниците, без својство на правно лице.

Средства за работа на Стручната служба обезбедува Сојузот на заедниците.

Член 36

Организацијата на Стручната служба на Сојузот на заедниците ја утврдува Советот со општ акт, што се донесува по претходно прибавено мислење од работната заедница на Стручната служба.

Систематизацијата на работните места на Стручната служба на Сојузот на заедниците ја утврдува работната заедница на Стручната служба со свој општ акт кој подлежи на согласност од Советот.

Член 37

Заради остварување на своите самоуправни и други права, работниците на Стручната служба се конституираат како работна заедница.

Работната заедница на Стручната служба ги остварува своите самоуправни права во согласност со Уставот, закон, овој статут и другите општи акти на Сојузот на заедниците.

Работниците на Стручната служба особено имаат право и должност да ги уредуваат своите внатрешни односи, да остваруваат и одлучуваат за распределба на доходот и на личните доходи во согласност со резултатите од работата, да одлучуваат за систематизацијата на работните места во согласност со Советот, да ги уредуваат меѓусебните работни односи, да се грижат за своето стручно усовршување како и за подобрување организацијата на работата, да одлучуваат за составот и начинот на работата на органите на работната заедница и за други прашања во согласност со закон, овој статут и други општи акти на Сојузот на заедниците.

Орган на управување на Стручната служба е Советот на Стручната служба (во натамошниот текст: Совет на Стручната служба).

Советот на Стручната служба донесува општи акти од надлежност на Стручната служба.

Член 38

При вршењето на својата дејност Стручната служба го употребува печатот и штембилот на Сојузот на заедниците.

Член 39

Стручната служба донесува програма за својата работа, која е составен дел на програмата за работа на Сојузот на заедниците.

Средствата за работа на Стручната служба се утврдуваат со Финансискиот план на Сојузот на заедниците, врз основа на планираниот обем на работа и други основи и мерила, а во согласност со Општественио договор и Самоуправната спогодба за распределба на доходот и на личните доходи.

Приходите и расходите на Стручната служба се утврдуваат со Финансискиот план на Стручната служба кој е составен дел на Финансискиот план на Сојузот на заедниците.

Стручната служба донесува завршна сметка која е составен дел на завршната сметка на Сојузот на заедниците.

Член 40

Надвор од средствата утврдени за работа на Стручната служба во смисла на членот 37 ставот 2 од овој статут, Сојузот на заедниците ѝ одобрува на Стручната служба посебни наменски средства за набавка на опрема, за изградба, адаптација или купување на нови простории и слично.

Член 41

Советот на Стручната служба донесува општ акт за вршење на работи на народната одбрана и план за подготвување на народна одбрана во согласност со Законот за народна одбрана, Законот за организација на подготвувањата во областа на народната одбрана и прописите донесени врз основа на тие закони, а во согласност со органите надлежни за работа на народната одбрана.

Финансиските средства потребни за извршување на задачите од претходниот став се обезбедуваат како наменски средства со Финансискиот план на Сојузот на заедниците.

Член 42

Во остварување на своите задачи Стручната служба соработува со Стручната служба на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на републиките и покраините, соодветните републички органи и организации, како и со стручните служби на здружените заедници.

При извршување на определени посложени работи кои бараат посебно и покомплексно проучување и специфична стручност, Стручната служба може да користи стручни служби од одделни специјализирани установи и стручни лица.

Член 43

Работниците на Стручната служба се должни да се грижат за подобрување и унапредување организацијата на работата, како и за ефикасно и економично работење на Стручната служба.

Член 44

Како раководни работни места во состав на Стручната служба се сметаат:

— помошникот на директорот;
— советниците;
— началниците на одделенијата; и
— шефовите на самостојните отсеци.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 45

Средствата за финансирање на работењето на Сојузот на заедниците се формираат од:

1. придонесот на здружените заедници;
2. приходите остварени со вршење услуги на други организации; и
3. други приходи.

Член 46

Придонес за работење на Сојузот на заедниците плаќаат здружените заедници во височина утврдена со одлука на Советот според бројот на осигурениците — работници и пензионерите на подрачјето на одделните заедници од годината што ѝ претходи на годината за која се утврдува придонесот.

За извршување на работи односно задачи на потребите на одделни заедници или групи на заедници кои не се предвидени во програмата за работа на Сојузот на заедниците посебен надоместок чија височина спогодбено се утврдува.

Член 47

Од средствата на Сојузот на заедниците се покриваат расходите за:

— работата на органите на управувањето на Сојузот на заедниците;
— работата на Стручната служба на Сојузот на заедниците односно на службата што ги врши стручните, финансиските и административните работи на Сојузот на заедниците;
— другите потреби.

Член 48

Приходите и расходите на Сојузот на заедниците се утврдуваат за секоја година со Финансискиот план, кој по правило се донесува пред почетокот на годината за која се донесува.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година се утврдуваат со завршна сметка на Сојузот на заедниците.

Член 49

Средства за работа на Стручната служба обезбедува Сојузот на заедниците.

Височината на средствата за работа на Стручната служба се утврдува врз основа на програмата за работа на Стручната служба како и документацијата за видовите, сложеноста и обемот на задачите, потребата од кадри и нивната стручност, условите за работа и другите околности што се од влијание за утврдување височината на средствата.

Член 50

Средствата за работењето на Стручната служба служат за покривање на материјалните трошоци, амортизацијата, законските и договорните обврски, личните доходи на работниците со придонесите, заедничката потрошувачка на работниците и потребите за создавање услови за работа на Стручната служба (работни простории, опрема и сл.).

Член 51

Средства за работењето на Стручната служба се утврдуваат со Финансиски план на Стручната служба кој е составен дел на Финансискиот план на средствата на Сојузот на заедниците.

Остварените приходи и извршените расходи за работењето на Стручната служба се утврдуваат со завршна сметка, која е составен дел на завршната сметка на Сојузот на заедниците.

Фонд за реосигурување

Член 52

Преку Фондот за реосигурување здружените заедници ги реосигуруваат на економска основа и по начелото на заемност ризиците утврдени со закон, како и други ризици што ќе ги утврди Советот, а во согласност со здружените заедници.

Член 53

Со Фондот на реосигурувањето управува Советот, а со неговите средства ракува Стручната служба.

Советот со општи акти за спроведување на реосигурувањето го утврдува обемот на ризиците што се реосигуруваат, тарифите на премиите за реосигурувањето, надоместоците што се обезбедуваат во случај на настапување на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на надоместокот.

Член 54

Средства на Фондот за реосигурување се обезбедуваат од следните извори:

— премии за реосигурување што ги плаќаат здружените заедници, и

— други приходи.

Член 55

Премиите за реосигурените ризици се утврдуваат со одлука на Советот, а врз основа на објективни мерила и оценки за височината на потребните средства за покривање на надоместоците за реосигурените ризици.

Член 56

Од средствата на фондот за реосигурување ќе се покриваат надоместоците за реосигурените ризици и други расходи на Фондот за реосигурување утврдени со посебен општ акт на Сојузот на заедниците.

Член 57

Средствата на Фондот за реосигурување се водат на посебна сметка.

Член 58

Приходите и расходите на Фондот за реосигурување се утврдуваат за секоја година со финансиски план.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година се утврдуваат со завршна сметка.

Член 59

Фондот за реосигурување има резерва на Фондот.

Резервата на Фондот за реосигурување се формира:

— со издвојување на определен процент од приходите на Фондот на реосигурувањето од премии; и

— од остварениот вишок на приходите над расходите на фондот на реосигурувањето.

Задолжително издвојување на средства за резерва на Фондот на реосигурувањето во смисла на претходниот став се врши сè додека резервата не достигне височина од 10% од износот на расходите на Фондот на реосигурувањето во претходната година.

Член 60

Вишокот на приходите над расходите на Фондот на реосигурувањето, по издвојувањето на делот за резервата, се внесува во Фондот на реосигурувањето како вонреден приход за наредната година.

Член 61

Остварениот вишок на расходи над приходите на Фондот за реосигурување се покрива со средствата на резервата на Фондот за реосигурување.

Вишокот на расходите што не може да се покрие со средства на резервата се пренесува во наредната година како обврска на Фондот на реосигурување и се покрива со соодветно зголемување на премиите за реосигурување.

Фонд на солидарноста

Член 62

Преку Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците (во натамошниот текст: Фондот на солидарноста) се обезбедуваат дополнителни средства за покривање на трошоците за задолжителните видови на здравствена заштита.

Член 63

Со Фондот на солидарноста управува Советот, а со неговите средства ракува Стручната служба.

Член 64

Средствата на Фондот на солидарноста се обезбедуваат од следните извори:

— со посебен придонес од приходите на здружените заедници остварени за задолжителните видови на здравствена заштита;

— со учество на Социјалистичка Република Македонија и општините од делот на своите приходи што спогодбено го утврдуваат со Сојузот на заедниците; и

— од други приходи.

Член 65

Од средствата на Фондот на солидарноста се покриваат трошоците за задолжителните видови на здравствена заштита на населението, ако тие трошоци на подрачјето на одделни заедници го оптоварува доходот на осигурениците преку определена граница.

Член 66

Приходите и расходите на Фондот на солидарноста се утврдуваат за секоја година со финансиски план.

Критериумите и начинот на учеството на Фондот на солидарноста во давањето средства на заедниците ги утврдува Советот со посебна одлука.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година посебно се утврдуваат со завршна сметка.

V. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 67

Членовите на работната заедница на Стручната служба се должни да ја чуваат деловната тајна.

Како деловна тајна се сметаат сите податоци што се од надлежниот орган прогласени за тајни, податоците што се однесуваат на народната одбрана, податоците што како тајна се соопштуваат на Сојузот, како и податоците што Советот ќе ги прогласи како тајни.

Член 68

Членовите на работната заедница на Стручната служба се должни да ја чуваат деловната тајна и по престанокот на својството на работник во здружениот труд.

Член 69

Кога на седниците на органите на Сојузот и на работната заедница на Стручната служба на Сојузот на заедниците се разгледуваат податоци што претставуваат деловна тајна, претседателот на Советот односно директорот ќе им обрне за тоа внимание на учесниците на седницата, а белешка за предметот на разгледувањето ќе биде внесена во записникот од седницата, без наведување на таквите податоци.

Член 70

Директорот на Сојузот на заедниците ќе го определи начинот на чувањето на деловната тајна и водењето на доверителната архива и ќе го обезбеди чувањето на документите и податоците од тајна природа.

VI. НАРОДНА ОДБРАНА

Член 71

Работната заедница на Стручната служба во соработка со соодветниот орган на Собранието на општина на град Скопје, донесува план за подготовките на народната одбрана и правилник за вршење работите на народната одбрана во согласност со Законот за народна одбрана, Законот за организацијата на подготовките во областа на народната одбрана и прописите донесени врз основа на тие закони.

Член 72

Директорот раководи со подготовките за народна одбрана.

VII. ДОНЕСУВАЊЕ СТАТУТ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ НА СОЈУЗОТ

Член 73

Статутот и неговите измени и дополнувања Советот ги донесува по претходно прибавена согласност на сите здружени заедници.

По Предлогот на Статутот односно неговите измени и дополнувања здружените заедници се изјаснуваат во рокот што ќе го определи Советот.

Ако некоја од здружените заедници не се изјасни во определениот рок, се смета дека е дадена согласност.

Другите општи акти на Сојузот на заедниците ги донесува Советот на начин утврден со одредбите на член 18 од овој статут.

Член 74

Измени и дополнувања на Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците можат да предложат:

— група од најмалку една петтина од вкупниот број на членовите на Советот; и

— собранието на секоја од здружените заедници.

Предлогот од претходниот став го разгледува и за него одлучува Советот по претходно прибавено мислење од здружените заедници.

Ако Советот утврди дека предлогот е основан, ќе одлучи за постапка за измени и дополнувања на Статутот односно на другиот соодветен општ акт.

Ако Советот утврди дека предлогот за измена и дополнување на Статутот или на друг општ акт не е основан ќе го извести за тоа предлагачот.

Измените и дополнувањата на Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците се вршат по иста постапка како и за донесувањето на тие акти.

Член 75

Општите акти што ќе ги донесува Стручната служба мора да бидат сообразени со одредбите на овој статут и другите соодветни општи акти на Сојузот на заедниците, како и со утврдената политика на Советот.

По барање на Советот работната заедница на Стручната служба е должна да ги поднесе своите акти на увид и да ги разгледува забелешките на Советот што се однесуваат на тие акти.

VIII. ОДНОСОТ НА СОЈУЗОТ СПРЕМА ЗДРУЖЕНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Член 76

Сојузот на заедниците ја врши својата дејност во интерес на здружените заедници на здравственото осигурување.

Сојузот на заедниците со своето работење им помага на здружените заедници и им овозможува тие што поуспешно да ја развиваат својата дејност.

Дејноста на Сојузот на заедниците се заснова на соработката со здружените заедници и на овозможување на истите полно влијание и насочување на дејноста на Сојузот на заедниците.

Член 77

Здружените заедници се должни да соработуваат со Сојузот на заедниците и меѓусебно, како и да му овозможуваат на Сојузот на заедниците нормално и непречено работење.

Член 78

Соработката меѓу Сојузот на заедниците и здружените заедници се спроведува преку прибавување на мислења, предлози и ставови на заедниците при донесувањето на општи акти и одлучувањето по други прашања од надлежноста на Сојузот на заедниците, како и во насочувањето и давањето потребна помош на заедниците во спроведување на нивната дејност.

Член 79

Сојузот на заедниците може да организира и покренува иницијатива за општественото договарање и самоуправното спогодување меѓу здружените заедници, како и со другите надлежни заинтересирани органи и организации.

Член 80

Сојузот на заедниците е член на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија и учествува во остварувањето на неговата дејност, на поврзувањето на здравственото осигурување во Југославија.

Во соработка со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, Сојузот на заедниците покренува пред надлежните органи прашања од општо значење за здружените заедници и настојува односно влијае за заземање це-

лесообразни ставови за регулирање на улогата, местото и општествената положба на здравственото осигурување.

Член 81

Сојузот на заедниците соработува со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија и се договара за заедничко вршење на работи и задачи од интерес на двата сојузи.

Сојузот на заедниците исто така соработува со асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на другите социјалистички републики и автономните покраини заради размена на мислења и искуства и спроведување на акции и задачи од заеднички интерес.

Член 82

Сојузот на заедниците соработува и со Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на другите социјалистички републики и автономните покраини, како и со управните органи на Републичкиот фонд за додаток на деца на Македонија и фондовите за додаток на деца на другите социјалистички републики и автономни покраини и се договара за извршување на задачи од заеднички интерес.

Член 83

Сојузот на заедниците соработува со општествено-политичките заедници.

Во спроведувањето на соработката со заедниците од претходниот став Сојузот на заедниците ги застапува и обезбедува интересите на осигурениците од здружените заедници и со свои предлози и забелешки влијае односно учествува во донесувањето на измените на прописите што ги донесуваат општествено-политичките заедници кои се однесуваат на правата и обврските на осигурениците од областа на здравственото осигурување.

Член 84

Советот е должен да ги разгледа препораките и предлозите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и Извршниот совет за уредување на прашањата од областа на здравственото осигурување, како и забелешките дадени од истите органи на општите акти што ги донесува Советот и да ги известува тие органи за донесените заклучоци по нивните предлози, препораки и забелешки.

Член 85

Сојузот на заедниците соработува со асоцијациите на здравствените работни организации со цел за унапредување и усовршување на начините и формите на договарањето за здравствена заштита и организирањето здравствена служба, како и меѓусебните односи и соработка помеѓу заедниците на здравственото осигурување и здравствените работни организации.

Член 86

Сојузот на заедниците соработува со општествените фондови чија дејност е од интерес за здравственото осигурување, а особено со: Републичкиот фонд за кредитирање на инвестициите во областа на здравството и фондот за научно-истражувачка работа, поднесувајќи свои предлози и програми за мерки кои се од општ интерес и кои можат да се финансираат од тие фондови.

Член 87

Сојузот на заедниците соработува со стручни и професионални здруженија, работни и други организации заради решавање на прашања од заеднички интерес и од значење на здравственото осигурување.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 88

Поблиски толкувања за одделни одредби на овој статут дава Советот.

Член 89

Сообразување на општите акти со одредбите на овој статут ќе се изврши веднаш по неговото влегување во сила, а најдоцна до 31 декември 1973 година.

Член 90

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Одлуката за привременото регулирање организацијата и начинот на вршењето на работите и задачите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/72).

Член 91

Овој статут влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Совет на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија

Бр. 09—117/1
8 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Томе Дракулевски, с. р.

СОЈУЗ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

13.

Врз основа на член 95 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ број 21/71), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 1973 година, донесе

СТАТУТ

НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија (во натамошниот текст: Сојуз на заедниците) е самостојна и самоуправна организација во која се здружени заедниците на здравственото осигурување на земјоделците од територијата на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: здружени заедници).

Член 2

Сојузот на заедниците има својство на правно лице.

Седиштето на Сојузот на заедниците е во Скопје.

Сојузот на заедниците е запишан во регистарот на установите при Окружниот стопански суд во Скопје.

Член 3

Со Сојузот на заедниците управуваат заедниците на здравственото осигурување на земјоделците преку делегирани претставници во Советот на Сојузот на заедниците.

Член 4

Сојузот на заедниците има печат во форма на круг со пречник од 2,5 см. и штембил во форма на правоаголник.

На печатот кружно е испишан називот на Сојузот на заедниците: „Сојуз на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија" а во средината водорамно седиштето на Сојузот на заедниците — „Скопје".

На штембилот е испишан називот на Сојузот на заедниците со дополнување на број, датум и година, како и седиштето на Сојузот на заедниците.

Член 5

Сојузот на заедниците ја врши својата дејност во согласност со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Закон), овој статут, други прописи и општите акти на Сојузот на заедниците.

Работата на Сојузот на заедниците е јавна.

Член 6

Сојузот на заедниците врши работи од општ интерес за здружените заедници од областа на здравственото осигурување на земјоделците врз принципот на меѓусебна соработка и меѓусебно договарање за здружување на средства за спроведување на заеднички мерки и акции на начин определен со Законот, овој статут и со други општи акти.

Во извршувањето на своите задачи во спроведувањето на здравственото осигурување Сојузот на заедниците соработува со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, асоцијации на заедниците на здравственото осигурување на работниците во републиките и покраините, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, општествено-политичките заедници, општествено-политичките организации, здравствените работни организации и нивните асоцијации, работните и други организации заинтересирани за спроведување на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Член 7

Средства за извршување задачите на Сојузот на заедниците обезбедуваат здружените заедници на начин определен со овој статут.

Сојузот на заедниците е носител на правата и обврските што произлегуваат од неговото работење утврдени со Законот, овој статут и други општи акти.

Член 8

Сојузот на заедниците го претставува претседателот на Советот на Сојузот на заедниците.

Член 9

Општите акти на органите на Сојузот на заедниците се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

II. ДЕЛОКРУГ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 10

Во делокругот на Сојузот на заедниците спаѓаат работите од заеднички интерес на здружените заедници утврдени со Законот, овој статут и други општи акти, како и со меѓународните спогодби, а особено:

— спроведување на здравственото реосигурување и управување со Фондот на реосигурувањето;

— грижа и обезбедување на солидарно учество во покривањето на трошоците на задолжителните видови на здравствена заштита која заедниците на здравственото осигурување задолжително ја обезбедуваат и управување со Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците;

— остварување соработка и размена на искуства помеѓу здружените заедници во врска со унапредувањето на системот на здравственото осигурување и самоуправното регулирање на одделни прашања во односите помеѓу заедниците;

— грижа за здружување на средства за остварување на заеднички цели на здружените заедници, како и за остварување соработка помеѓу заедниците по други прашања од заеднички интерес;

— грижа за обезбедување единствена постапка во извршување на задачите од евиденцијата и статистиката;

— обезбедување вршењето на стручните, административните и финансиските работи од заеднички интерес на здружените заедници;

— иницирање и помагање во општественото договарање и самоуправното спогодување меѓу здружените заедници по прашањата од општ интерес;

— учество во општественото договарање со други органи и организации по прашањата од општ интерес во случаи предвидени со закон;

— соработка со сојузните, републичките и општинските органи и организации заинтересирани за спроведување на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Покрај работите од претходниот став Сојузот на заедниците може, по овластување на здружените заедници, да ги врши и следниве работи:

— утврдување на индикациите за протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи, заботехничка помош и забнопротетички средства, стандардите за материјали од кои се изработуваат овие средства, како и условите за изработка на нови средства пред истекот на тие рокови кога тие се користат во врска со остварување право на задолжителните видови на здравствена заштита на осигурениците — земјоделци;

— пропишување формата на документацијата и обрасците за евиденција за спроведување на здравственото осигурување и реосигурување во согласност со републичкиот орган на управата надлежен за работите на здравственото осигурување;

— пропишување листа на готови лекови кои можат да се препишуваат на осигурените лица на товар на средствата на заедниците;

— студиско-истражувачки анализи во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување; и

— вршење и други работи за кои од здружените заедници ќе биде овластен.

III. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И ИЗВРШНИ ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ

Член 11

Орган на управување на Сојузот на заедниците е Советот на Сојузот на заедниците (во натамошниот текст: Советот).

1. Совет на Сојузот на заедниците

Член 12

Советот го сочинуваат делегирани претставници на здружените заедници.

Секоја здружена заедница делегира во Советот по 2 претставници.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 години.

Член 13

Мандатот на член на Советот може да му престане и пред истекот на времето за кое е избран ако:

— го изгуби својството на осигуреник на соодветната заедница;

— биде отповикан; и

— поднесе оставка за членство во Советот.

Постапка за отповикување член на Советот се поведува:

1) ако со својата работа го повреди Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците;

2) ако не ги спроведува заклучоците на самоуправните органи или работи спротивно на нив;

3) ако неоправдано подолго време не учествува во работата на Советот и неговите органи; и

4) во случаи предвидени со Статутот на здружената заедница.

Предлог за поведување постапка за отповикување на член на Советот во случаите од претходниот став дава Советот односно собранието на здружената заедница.

За отповикување на член на Советот одлучува собранието на здружената заедница која го делегирала.

Член 14

На местото на членот на Советот на кого му престанал мандатот соодветната здружена заедница делегира друг претставник.

Мандатот на членот на Советот што е избран и дополнително делегиран трае до истекот на времето за кое е делегиран членот на Советот на кого му престанал мандатот.

Член 15

Советот избира претседател и заменик на претседателот од редовите на своите членови.

Со седницата на Советот раководи претседателот, а во негово отсуство заменикот на претседателот.

Член 16

Советот работи и донесува одлуки на седници.

Седниците ги свикува претседателот на Советот, а во негово отсуство заменикот на претседателот, по сопствена иницијатива на образложено барање на една или повеќе од здружените заедници или на директорот на Сојузот на заедниците.

Член 17

Членовите на Советот имаат право и должност на седниците на Советот да изнесуваат свои мислења, забелешки и предлози, како и на заедниците што ги претставуваат.

Членовите на Советот имаат право на увид во целокупното работење на Сојузот на заедниците, како и право да поставуваат прашања и бараат појаснување по определени прашања што ги интересираат.

Член 18

Советот одлучува полноважно ако на седницата присуствуваат претставници од најмалку 3/4 од вкупниот број на здружените заедници и мнозинството од членовите на Советот.

Одлуката на Советот се смета за усвоена ако за неа гласале претставници од најмалку 2/3 од вкупниот број на здружените заедници и мнозинството од присутните членови на Советот, освен ако со закон или со овој статут не е поинаку определено.

Гласањето на седниците на Советот, по правило, е јавно, но Советот може да одлучи за одделни прашања да се гласа тајно.

Член 19

За својата работа и за работата на органите и телата што ги избира Советот донесува деловник.

Член 20

Советот ги врши особено следниве работи:

1) донесува статут и други општи акти како и измени и дополнувања на тие акти;

2) учествува во општественото договарање за утврдување на основите, критериумите и елементите за уредување на односите меѓу заедниците на здравственото осигурување и здравствените работни организации за обезбедување здравствена заштита на осигурените лица;

3) донесува програма за дејноста на Сојузот на заедниците;

4) одлучува за формирање фонд за реосигурување и врз основа на овластувањата на заедниците го определува начинот на управувањето со тој фонд, обемот на ризиците што се реосигуруваат, тарифите на премиите за реосигурување, надоместоците што ги обезбедуваат во случај на настапување на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на овие надоместоци;

5) управува со Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Фонд на солидарноста) и со посебна одлука ја утврдува височината на придонесот со кој здружените заедници учествуваат во остварувањето на средствата на Фондот на солидарноста, како и критериумите и начинот на учеството на Фондот на солидарноста во давањето на средства од тој фонд;

6) донесува финансиски планови и ги усвојува завршните сметки на Сојузот на заедниците, Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците и Фондот на реосигурувањето на земјоделците;

7) склучува спогодба со соодветните органи на Републиката и општините за утврдување височината на учеството на тие општествено-политички заедници во обезбедувањето на средствата на Фондот на солидарноста;

8) соработува со органите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на републиките и покраините, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците во Македонија, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, општествено-политичките заедници, здравствените работни организации и нивните асоцијации, како и со други заинтересирани органи и организации за унапредување на системот на здравственото осигурување и преземање на определени акции и мерки во врска со здравствената заштита;

9) одлучува за здружување на Сојузот на заедниците во Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија;

10) одлучува за височината на придонесот што го плаќаат здружените заедници за финансирање на Сојузот на заедниците;

11) одлучува за начинот на водењето на работите на евиденцијата и статистиката што треба да ја водат заедниците на здравственото осигурување и Сојузот на заедниците;

12) одлучува за патните и други трошоци на членовите на Советот;

13) дава мислења и предлози на нацртите на републичките прописи од областа на здравственото осигурување на земјоделците;

14) ја разгледува работата и резултатите од работата во извршувањето на задачите на Сојузот на заедниците и Стручната служба што ги врши стручните, административните и финансиските работи на Сојузот на заедниците;

15) врши и други работи за кои Сојузот на заедниците е надлежен според Законот и овој статут, како и работите за кои ќе биде овластен од здружените заедници; и

16) го именува директорот на Сојузот на заедниците.

Член 21

За својата работа Сојузот на заедниците ги запознава здружените заедници на соодветен начин.

Член 22

Претседателот на Советот ги потпишува општите акти што ги донесува Советот.

Претседателот и заменикот на претседателот на Советот за својата работа одговараат пред Советот.

Член 23

Статутот и измените и дополнувањата на Статутот Советот ги донесува по претходно прибавена согласност на здружените заедници.

За предлогот на Статутот односно за неговите измени и дополнувања здружените заедници се изјаснуваат во рокот што ќе го определи Советот.

Ако некоја од здружените заедници не се изјасни во определениот рок, се смета дека согласноста е дадена.

Член 24

За извршување на определени работи и задачи Советот може да формира постојани и повремени комисии.

Со одлуката за формирање на комисија се определува работата, задачите, материјалните средства и другите услови за работа на комисијата.

2. Други органи на Сојузот на заедниците

Член 25

Директорот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија е индивидуален извршен орган на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија.

Член 26

Вршењето на стручните, административните и финансиските работи на Сојузот на заедниците Советот може да ги договара со друга заедница или соодветна стручна служба.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 27

Средствата за финансирање работењето на Сојузот на заедниците се формираат од:

1. придонесот на здружените заедници, и
2. други приходи.

Член 28

Придонес за работење на Сојузот на заедниците плаќаат здружените заедници во височина утврдена со одлука на Советот според бројот на осигурениците на здружените заедници од годината што ѝ претходи на годината за која се утврдува придонесот.

За извршување на работи односно задачи за потребите на одделни заедници или групи на заедници кои не се предвидени во програмата за работа на Сојузот на заедниците, заедниците му обезбедуваат на Сојузот на заедниците посебен надоместок чија височина спогодбено се утврдува.

Член 29

Од средствата на Сојузот на заедниците се покриваат расходите за:

— работата на органите на управувањето на Сојузот на заедниците;

— работата на Заедницата односно Стручната служба што ги врши стручните, финансиските и административните работи на Сојузот на заедниците;

— други потреби.

Член 30

Приходите и расходите на Сојузот на заедниците се утврдуваат за секоја година со финансиски план кој, по правило, се донесува пред почетокот на годината за која се донесува.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година се утврдуваат со завршна сметка на Сојузот на заедниците.

Член 31

Средства за работа на Стручната служба обезбедува Сојузот на заедниците.

Височината на средствата за работа на Стручната служба се утврдува врз основа на програмата за работа на Стручната служба што се однесува за работите на спроведувањето на здравственото осигурување на осигурениците — земјоделци, како и документацијата за видовите, сложеноста и обемот на задачите, потребите од кадри и нивната стручност, условите за работа и другите околности што се од влијание за утврдување височината на средствата.

Член 32

Со средствата за работењето на Стручната служба се покрива сразмерен дел на материјалните трошоци, амортизацијата, законските и договорните обврски, личните доходи на работниците со придонесите, заедничката потрошувачка на работниците и потребите за создавање услови за работа на Стручната служба (работни простории, опрема и сл.) според обемот на работите што ги врши Стручната служба.

Средствата од претходниот став Стручната служба ги искажува во финансискиот план и завршната сметка на Стручната служба.

Фонд на реосигурување

Член 33

Преку Фондот на реосигурувањето здружените заедници ги реосигуруваат на економска основа и по начелото на заемност ризиците утврдени со Законот, како и други ризици што ќе ги утврди Советот во согласност со здружените заедници.

Член 34

Со Фондот на реосигурувањето управува Советот, а со неговите средства ракува Стручната служба.

Советот со општи акти за спроведување на реосигурувањето го утврдува обемот на ризиците што се реосигуруваат, тарифите на премиите за реосигурувањето, надоместоците што се обезбедуваат во случај на настапување на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на надоместокот.

Член 35

Средства на Фондот за реосигурување се обезбедуваат од следните извори:

— премии за реосигурување што ги плаќаат здружените заедници, и

— други приходи.

Член 36

Премиите за реосигурените ризици се утврдуваат со одлука на Советот врз основа на објективните мерила и оценки за височината на потребните средства за покривање на надоместоците за реосигурените ризици.

Член 37

Од средствата на Фондот за реосигурување ќе се покриваат надоместоците за реосигурените ризици и други расходи на Фондот за реосигурување утврдени со посебен општ акт на Сојузот на заедниците.

Член 38

Средствата на Фондот за реосигурување се водат на посебна сметка.

Член 39

Приходите и расходите на Фондот за реосигурување се утврдуваат за секоја година со финансиски план.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година се утврдуваат со завршна сметка.

Член 40

Фондот за реосигурување има резерва на Фондот.

Резервата на Фондот за реосигурување се формира:

— со издвојување на определен процент од приходите на Фондот за реосигурување од премии; и

— од остварениот вишок на приходи над расходите на Фондот за реосигурување.

Задолжително издвојување на средства за резерва на Фондот за реосигурување во смисла на претходниот став се врши сè додека резервата не достигне височина од 10% од износот на расходите на Фондот за реосигурување во претходната година.

Член 41

Вишокот на приходите над расходите на Фондот за реосигурување по издвојувањето на делот за резервата се внесува во Фондот за реосигурување како вонреден приход за наредната година.

Член 42

Остварениот вишок на расходи над приходите на Фондот за реосигурување се покрива со средствата на резервата на Фондот за реосигурување.

Вишокот на расходите што не може да се покрие со средствата на резервата се пренесува во наредната година како обврска на Фондот за реосигурување и се покрива со соодветно зголемување на премиите за реосигурување.

Фонд на солидарноста

Член 43

Преку Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Фондот на солидарноста) се обезбедуваат дополнителни средства за покривање на трошоците за задолжителните видови на здравствена заштита.

Член 44

Со Фондот на солидарноста управува Советот, а со неговите средства ракува Стручната служба.

Член 45

Средствата на Фондот на солидарноста се обезбедуваат од следните извори:

— со посебен придонес од приходите на здружените заедници остварени за задолжителните видови на здравствена заштита;

— со учество на Социјалистичка Република Македонија од сопствени приходи и учество на Федерацијата како и општините од делот на своите приходи што спогодбено го утврдуваат со Сојузот на заедниците; и

— од други приходи.

Член 46

Од средствата на Фондот на солидарноста се покриваат трошоците за задолжителните видови на здравствена заштита на населението ако тие трошоци на подрачјето на одделни заедници го оптоваруваат доходот на осигурениците преку определена граница.

Член 47

Приходите и расходите на Фондот на солидарноста се утврдуваат за секоја година со финансиски план.

Критериумите и начинот на учество на Фондот на солидарноста во давањето средства на заедниците ги утврдува Советот со посебна одлука.

Остварените приходи и извршените расходи за секоја година посебно се утврдуваат со завршна сметка.

V. ДОНЕСУВАЊЕ СТАТУТ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ НА СОЈУЗОТ

Член 48

Статутот и неговите измени и дополнувања Советот ги донесува по претходно прибавена согласност на сите здружени заедници.

По предлогот на статутот односно неговите измени и дополнување здружените заедници се изјаснуваат во рокот што ќе го определи Советот.

Ако некоја од здружените заедници не се изјасни во определениот рок, се смета дека е дадена согласност.

Другите општи акти на Сојузот на заедниците ги донесува Советот на начин утврден со одредбите на членот 18 од овој статут.

Член 49

Измени и дополнување на Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците можат да предложат:

— група од најмалку една петтина од вкупниот број на членовите на Советот, и

— собранието на секоја од здружените заедници.

Предлогот од претходниот став го разгледува и за него одлучува Советот по претходно прибавено мислење од здружените заедници.

Ако Советот утврди дека предлогот е основан ќе одлучи за постапка за измени и дополнувања на Статутот односно на другиот соодветен општ акт.

Ако Советот утврди дека предлогот за измена и дополнување на Статутот или на друг општ акт не е основан, ќе го извести за тоа предлагачот.

Измените и дополнувањата на Статутот и другите општи акти на Сојузот на заедниците се вршат по иста постапка како и за донесувањето на тие акти.

VI. ОДНОСОТ НА СОЈУЗОТ СПРЕМА ЗДРУЖЕНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Член 50

Сојузот на заедниците ја врши својата дејност во интерес на здружените заедници на здравственото осигурување.

Сојузот на заедниците со своето работење им помага на здружените заедници и им овозможува тие што поуспешно да ја развиваат својата дејност.

Дејноста на Сојузот на заедниците се засновува на соработката со здружените заедници и на овозможување истите да имаат полно влијание во насочувањето на дејноста на Сојузот на заедниците.

Член 51

Здружените заедници соработуваат со Сојузот на заедниците и меѓусебно му овозможуваат на Сојузот на заедниците нормално и непречено работење.

Член 52

Соработката меѓу Сојузот на заедниците и здружените заедници се спроведува преку прибавување на мислења, предлози и ставови на заедниците при донесувањето на општи акти и одлучувањето по други прашања од надлежноста на Сојузот на заедниците, како и во насочувањето и давањето потребна помош на заедниците во спроведување на нивната дејност.

Член 53

Сојузот на заедниците може да организира и покренува иницијатива за општественото договарање и самоуправното спогодување помеѓу здружените заедници, како и со другите надлежни заинтересирани органи и организации.

Член 54

Сојузот на заедниците е член на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија и учествува во остварувањето на неговата дејност на поврзувањето на здравственото осигурување во Југославија.

Во соработка со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, Сојузот на заедниците покренува пред надлежните органи прашања од општо значење за здружените заедници и настојува односно влијае за заземање целесообразни ставови за регулирање на улогата, местото и општествената положба на здравственото осигурување.

Член 55

Сојузот на заедниците соработува со Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија и се договара за заедничко вршење и работи и задачи од интерес на двата сојуза.

Сојузот на заедниците исто така соработува со асоцијациите на заедниците на здравственото осигурување на другите социјалистички републики и автономните покраини заради размена на мислења и искуства и спроведување на акции и задачи од заеднички интерес.

Член 56

Сојузот на заедниците соработува и со Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на другите социјалистички републики и автономните покраини, како и со управните органи на Републичкиот фонд за додаток на деца на Македонија и фондовите за додаток на деца на другите социјалистички републики и автономни покраини и се договара за извршување на задачи од заеднички интерес.

Член 57

Сојузот на заедниците соработува со општествено-политичките заедници.

Во соработка со органите од претходниот став Сојузот на заедниците ги застапува и обезбедува интересите на осигурениците од здружените заедници и со свои предлози и забелешки влијае односно учествува во донесувањето на измените на прописите што ги донесуваат општествено-политичките заедници кои се однесуваат на правата и обврските на осигурениците од областа на здравственото осигурување.

Член 58

Советот е должен да ги разгледа препораките и предлозите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и Извршниот совет за уредување на прашањата од областа на здравственото осигурување, како и забелешките дадени од истите органи на општите акти што ги донесува Советот и да ги известува тие органи за донесените заклучоци по нивните предлози, препораки и забелешки.

Член 59

Сојузот на заедниците соработува со асоцијациите на здравствените работни организации со цел за унапредување и усовршување на начините и формите на договарањето на здравствена заштита и организирањето здравствена служба, како и меѓусебните односи и соработка помеѓу заедниците на здравственото осигурување и здравствените работни организации.

Член 60

Сојузот на заедниците соработува со општествените фондови чија дејност е од интерес за здравственото осигурување, а особено со: Републичкиот фонд за кредитирање на инвестициите во областа на здравството и Фондот за научно-истражувачка работа поднесувајќи свои предлози и програми за мерки кои се од општ интерес и кои можат да се финансираат од тие фондови.

Член 61

Сојузот на заедниците соработува со стручни и професионални здруженија, работни и други организации заради решавање на прашања од заеднички интерес и од значење за здравственото осигурување.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

Поблиски толкувања за одделни одредби на овој статут дава Советот.

Член 63

Сообразување на општите акти со одредбите на овој статут ќе се изврши веднаш по неговото влегување во сила, а најдоцна до 31 декември 1973 година.

Член 64

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Одлуката за привремено регулирање организацијата и начинот на вршењето на работите и задачите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/72).

Член 65

Овој статут влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Совет на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија

Бр. 09—40/1
26 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Димче Матракоски, с. р.

114.

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 9 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и точка VI став 3 алинеја 3 од Одлуката за привремено регулирање организацијата и начинот на вршењето на работите и задачите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/72), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, на седницата одржана на 28 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

I

Во Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување за одделни категории осигуреници („Службен весник на СРМ“ бр. 27/72) во членот 3 став 1 точка 1 под:

а) бројката „600“ се заменува со бројката „750“; бројката „10.000,00“ се заменува со бројката „12,300,00“; бројката „1.100,00“ се заменува со бројката „1.650,00“.

б) бројката „750“ се заменува со бројката „950“; бројката „10.000,01“ се заменува со бројката „12.300,01“; бројката „1.100,01“ се заменува со бројката „1.650,01“; бројката „1.650,00“ се заменува со бројката „2.200,00“.

в) бројката „1050“ се заменува со бројката „1250“; бројката „20.000,00“ се заменува со бројката „21.000,00“; бројката „1.650,01“ се заменува со бројката „2.200,01“; бројката „2.600,00“ се заменува со бројката „3.300,00“.

г) бројката „1300“ се заменува со бројката „1500“; бројката „20.000,01“ се заменува со бројката „21.000,01“; бројката „25.000,00“ се заменува со бројката „26.000,00“; бројката „2.600,01“ се заменува со бројката „3.300,01“; бројката „3.750,00“ се заменува со бројката „4.460,00“.

д) бројката „1550“ се заменува со бројката „1750“; бројката „25.000,01“ се заменува со бројката „26.000,01“; бројката „30.000,00“ се заменува со бројката „31.300,00“; бројката „3.750,01“ се заменува со бројката „4.460,01“; бројката „5.100,00“ се заменува со бројката „5.890,00“.

ѓ) бројката „1750“ се заменува со бројката „1950“; бројката „30.000,01“ се заменува со бројката „31.300,01“; бројката „35.000,00“ се заменува со бројката „36.000,00“; бројката „5.100,01“ се заменува со бројката „5.890,01“; бројката „6.650,00“ се заменува со бројката „7.500,00“.

е) бројката „2100“ се заменува со бројката „2300“; бројката „35.000,01“ се заменува со бројката „36.000,01“; бројката „45.000,00“ се заменува со бројката „46.000,00“; бројката „6.650,01“ се заменува со бројката „7.500,01“; бројката „9.450,00“ се заменува со бројката „10.500,00“.

ж) бројката „2600“ се заменува со бројката „2800“; бројката „45.000,01“ се заменува со бројката „46.000,01“; бројката „9,450,01“ се заменува со бројката „10.500,01“; бројката „14.400,00“ се заменува со бројката „15.770,00“.

з) бројката „3300“ се заменува со бројката „3500“; бројката „14.400,01“ се заменува со бројката „15.770,01“; бројката „21.600,00“ се заменува со бројката „23.260,00“.

и) бројката „4000“ се заменува со бројката „4200“; бројката „21.600,01“ се заменува со бројката „23.260,01“; бројката „30.000,00“ се заменува со бројката „31.820,00“.

ј) бројката „30.000,01“ се заменува со бројката „31.820,01“.

II

Во членот 3 по точката 1 под ј се додава нов став, кој гласи:

„Основицата на која се пресметува и плаќа придонесот за здравственото осигурување од став 1 точка 1 под а) на овој член не може да биде помала од износот на минималниот личен доход во Републиката за соодветната година за која се пресметува придонесот“.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Број 09—134/1—73
28 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Томе Дракулевски, с. р.

115.

Врз основа на член 107, 108 и 109 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и точката IV од Одлуката за формирање и работење на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ бр. 10/72), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

I

Просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствена заштита на земјоделците во Републиката за 1973 година е утврдена во височина од 17,20% и истата ќе служи за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на земјоделците.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОВЕТ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 09—43/1—73
26 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Димче Матракоски, с. р.

116.

Врз основа на член 87, а во врска со членовите 107, 108 и 109 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и точката IV од Одлуката за формирање и работење на Фондот на солидарноста за здравственото осигурување на работниците („Службен весник на СРМ“ број 10/72 и 4/73), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, на седницата одржана на 28 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствена заштита на работниците во Републиката за 1973 година се утврдува во височина од 2,8% и истата ќе служи за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОВЕТ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ

Бр. 09—135/1—73
28 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Томе Дракулевски, с. р.

117.

Врз основа на член 95 и 96 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и точка VI став 2 од Одлуката за привремено регулирање организацијата и начинот на вршењето на работите и задачите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/72), Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија на седницата одржана на 26 јуни 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИДОНЕСОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

1. За вршење на задачите и работите на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, се утврдува придонес на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија за 1973 година.

2. Височината на придонесот од претходната точка се утврдува спрема бројот на осигурените лица утврдени за претходната година на подрачјето на новоформираните заедници на здравственото осигурување на земјоделците.

3. Вкупниот придонес на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците за 1973 година се утврдува на 179.671 динари и истиот се распоредува:

Заедница на здравственото осигурување	Во динари
1. Скопје	16.668
2. Битола	14.952
3. Прилеп	14.958
4. Куманово	26.568
5. Т. Велес	14.470
6. Штип	39.219
7. Охрид	12.840
8. Тетово	39.996

4. Од средствата на придонесот ќе се финансираат трошоците за работа на самоуправните органи на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија и Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

5. Заедниците на здравственото осигурување на земјоделците придонесот од точката 3 на оваа одлука ќе го уплатуваат во полза на жиро-сметката на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија најдоцна до 10-ти во месецот за изминатиот месец и тоа во височина од 1/12 од утврдениот придонес.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОВЕТ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Број 09—41/1—73
26 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Димче Матракоски, с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Ѓорѓиева Мара, моминско Настова од Кавадарци, ул. „Словенска" бр. 25, против тужениот Ѓорѓиев Орданчо од Кавадарци, со непозната адреса, за развод на брак. Вредност 2.000 динари.

Се повикува тужениот Ѓорѓиев Орданчо, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја достави својата адреса. Доколку во определениот рок не се јави на тужениот ќе му се определи старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 269/73. (87)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Настиќ, родена Росиќ Сава од Гостивар, ул. „Гоце Делчев" бр. 43 против тужениот Настиќ Бошко од село Велики Борак, Ваљево, со непозната адреса, за развод на брак. Вредност 2.000 динари.

Се повикува тужениот Настиќ Бошко во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја достави својата адреса. Доколку во определениот рок не се јави на тужениот ќе му се определи старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 254/73. (88)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Георгиевски Благе од село Алјинце против тужената Богица Георгиевска од село Цвиланце, Кумановско, со непозната адреса, за развод на брак. Вредност 2.000 динари.

Се повикува тужената Богица Георгиевска во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја соопшти својата адреса. Доколку во определениот рок не се јави на тужената ќе ѝ се определи старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 233/73. (90)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Зизе Авдије од Скопје, ул. „Славеј Планина" бр. 43-а, против тужениот Ељми Авдији, на работа во Западна Германија, со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужениот Ељми Авдији да се јави во судот и да ја соопшти својата точна адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во противно ќе му биде определен старател во смисла на чл. 77 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 760/73. (93)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Спироска Љубица од Крушево, ул. „Мише Ефтимов" бр. 3, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Стеван Спиркоски од село Мажучиште, Прилепско, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 261/73. (92)

Шакировски Амдија од село Црнилишта, Прилепско, поднесе тужба до овој суд против Шакировска Везира од Битола, ул. „Судска" бр. 4, сега во неизвесност, за развод на брак. Бидејќи тужената е со непознато место на живеење, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во противно на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 836/71. (101)

ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Марија Илиева од Струмица поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Петар Илиев од Струмица, а сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Боге Илиев, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 77/73. (89)

Ибраимова Незакет од село Градец, Виница, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Ибраимов Шукри од с. Градец, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да определи свој застапник. Во противно, судот по службена должност го определува за застапник Николовски Љубе, приправник при Окружниот суд — Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 185/73. (94)

СОДРЖИНА

Страна

295. Одлука за усогласување на инвалиднината на слепите лица жртви на фашистичкиот терор и слепите лица — граѓански жртви на војната со движењето на просечните трошоци на животот — — — — — — 769

296. Решение за именување три члена на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје — — — — — — 769

297. Решение за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух — Битола — — — — — 769

298. Решение за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци — Скопје 769

Општи акти на самоуправните интересни заедници

98. Статут на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија 770

99. Одлука за бројот и составот на членовите на советите на осигурениците и на членовите на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и за начинот на избирањето на истите — — — — — — — — 804

100. Одлука за распишување на избори за членови на советите на осигурениците и за членови на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — — — — — — — — 805

101. Одлука за височината на надоместокот на патните трошоци на осигурениците и инвалидите на трудот во врска со остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување — — — — — 806

102. Одлука за височината на паушалниот надоместок на инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници за времето додека се врши професионална рехабилитација надвор од местото на живеењето 806

103. Одлука за надоместок на трошоците за сместување на деца — инвалиди на осигуреници во установи од интернатски тип за време на специјално образование — — 807

104. Одлука за утврдување височината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на заштитен додаток на пензијата — — — — — — — — — — — 807

105. Одлука за начинот и условите за запирање исплатата на пензија на корисниците на пензија кои се во работен однос или вршат самостојна дејност односно други работи и задачи — — — — — — — 808

106. Одлука за определување најнизок износ на пензиите за 1973 година — — — — 809

107. Одлука за определување на граничниот износ на највисоката пензиска основа за 1973 година — — — — — — — — — 809

108. Одлука за определување на условите под кои се смета дека осигуреникот издржувал определени членови на своето домаќинство и дека членот на домаќинството нема доволно сопствени приходи за издржување — — — — — — — — — — 810

109. Одлука за определување основици за пресметување и плаќање на придонесите и за остварување на правата по основа на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители за 1973 година. — — — — — 810

110. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на југословенските државјани вработени и упатени на работа во странство — — 811

111. Договор за спроведување на социјалното осигурување на филмските работници — 812

112. Статут на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија — — — — — — — — 817

113. Статут на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија — — — — — — — — 824

114. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување за одделни категории осигуреници — — — — — — 829

115. Одлука за просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствена заштита на земјоделците за 1973 година — — — — — — — — — 830

116. Одлука за просечната стапка на придонесите за задолжителните видови на здравствена заштита на работниците во Републиката за 1973 година — — — — — 830

117. Одлука за придонесот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците за финансирање на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците за 1973 година — — — — 830

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Попт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје